# АКТИВНА ВКЛУЧЕНОСТ

## *Како да се оствари*



Брошура на ЕАПН: од теорија до пракса

Направена од работните групи на ЕАПН (Социјална вклученост, вработување и структурните фондови)

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

Благодарност

Оваа книга е направена со заеднички сили на работната група за социјална вклученост, вработување и структурни фондови на ЕАПН и на тимот за креирање политики на ЕАПН во 2009 и 2010 година. Поглавјата 1, 2 и 5 ги изготви Шон Џонс, поглавјата 3 и 6 Винсент Каро, а поглавјето 4 Амана Феро во соработка со соодветната работна група. Работата ја координираше Шон Џонс, координаторот за политики на ЕАПН, а направена од Нели Епинат, раководител за комуникација на ЕАПН, со поддршка на Ребека Ли, асистент за комуникација.

Националните студии на случаи беа направени од:

Верена Фабрис, Јудит Пурингер и Михаела Мосер – ЕАПН Австрија; Лудо Хореманс и Стефан Бакс – БАПН (ЕАПН Белгија); Марија Јелиазкова – ЕАПН Бугарија; Катарина Кламкова – ЕАПН Чешка; Пер Ларсен – ЕАПН Данска; Реинхард Кун – ЕАПН Германија; Грациела Малгесини – ЕАПН Шпанија; Кирзи Ватамоинен, Леина Веикола, Унто Авензалми и Јуха Миконен – ЕАПН Финска; Бруно Груе – ЕАПН Франција; Канди Марфи и Карен Кирнан – ЕАПН Ирска; Јургите Куприте – ЕАПН Литванија; Алида Смекес – ЕАПН Холандија; Лаила Волес и Даг Вестерхајм – ЕАПН Норвешка; Јоханес Јоргенсен – ЕАПН Шведска; Петер Кели, Еди Фолан и Реј Филипс – ЕАПН ОК; Мафалда Леал – Eurochild; Клотилде Кларк-Фулквие – Eurodiaconia; Лиз Гозме и Мишел Меркадије – FEANTSA.

Оваа публикација е поддржана од Програмата за вработување и социјална солидарност на Европската Комисија – ПРОГРЕС (2007-2013).
Со оваа програма управува Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и еднакви можности на Европската комисија. Таа е воспоставена за да финансиски го поддржува спроведувањето на целите на Европската Унија во подрачјето на вработување и социјални прашања, како што е зададено во Социјалната агенда и со тоа придонесува кон достигнување на целите на Лисабонската Стратегија по овие прашања.
Седумгодишната Програма ги има за цел сите чинители, што можат да помогнат во развојот на соодветното и ефикасното вработување и социјалното законодавство и политики, во сите 27 ЕУ членки, кандидатите и пред-кандидатските земји во ЕФТА-ЕЕА и ЕУ.
Мисијата на ПРОГРЕС е да се зајакне придонесот на ЕУ во заложбите на земјите членки. ПРОГРЕС ќе помогне при:

- Давањето анализи и политички совети за подрачјето на политиката на ПРОГРЕС;
- Следење и известување за спроведувањето на законодавството и политиката на ЕУ за подрачјето на делување на ПРОГРЕС;
- Промовирање на размена на политики, знаења и поддршка меѓу земјите членки, во врска со целите и приоритетите на ЕУ; и
- Пренесување на гледиштата на чинителите и општеството во целина.

За повеќе информации погледни: http://ec.europa.eu/progress

Информациите содржани во оваа публикација не се нужнои ставови и мислење на Европската комисија.

# СОДРЖИНА

1. Вовед: што е тоа активна вклученост?
2. Минимални примања како темел за активна вклученост
3. Пристап до квалитетни услуги
4. Вработување: поддршка за луѓето да најдат пристојна работа
5. Користење на Структурните фондови за поддршка на интегрираниот пристап
6. Примена на интегрираниот пристап на активна вклученост
7. Заклучок
8. Библиографија и корисни документи

## 1). Вовед: што е тоа активна вклученост?



# 01

## Штое активна вклученост?

Активна вклученост е стратегија развиена од Европската комисија, направена да ги поддржи луѓето кои во моментот се социјално исклучени да живеат живот со достоинство и да им помогне да напредуваат до пронаоѓање пристојна работа или да добијат додатни вештини и самодоверба за да поактивно учествуваат во своите заедници. Стратегијата има за цел да ја „потпомогне интеграцијата во одржлив квалитет на вработување на оние кои можат да работат и да обезбедат средства доволни за живот во достоинство, заедно со поддршка за социјално учество за оние што не можат“.[1]

Силата на активната вклученост лежи во тоа што е таа интегрирана стратегија, изгредена на три меѓусебо поврзани, но независни компоненти: поддршка со примерени примања (приходи), пристап до квалитетни услуги и поддрпшка за наоѓање квалитетно работно место преку пазари на трудот што вклучуваат. Оваа интегрирана, сеопфатна стратегиа е вкоренета во фунндаменталните права и нуди пристап на интегрирани патишта за правење вистинска промена во развојот на ефикасните средства за совладување на истрајноста на сиромаштијата, исклученоста и долгорочната невработеност.

### Одговор на зголемената сиромаштија и исклученост?

Во 2000 година, Лисабонскиот Совет се заложи да направи “одлучувачко влијание за искоренѕвање на сиромаштијата“. Но не се постигна некој значаен напредок. Во 2008 година, 16,5% од населението или 81 милион луѓе во цела ЕУ (27 земји членки) биле во ризик од сиромаштија,[2] што не е никаква значајна разлика од стапките на сиромаштија изразени во 2000 година. 1 од 5 лица живее во дом во услови шпод стандардот, 20% од децата живеат во сиромаштија, а оние што рано го напуштаат училиштето се 15%. Во многу земји, сиромаштијата всушност се зголемила. Одговорот на ЕУ од 2005 година беше, да се пренасочи кон „раст и работни места“, со претпоставка дека зголемениот економски раст и вработување автоматски ќе доведат до намалена сиромаштија и исклученост. Меѓутоа, ова не се случи во стварноста. Во 2010 година, ЕУ ја започна „Стратегијата Европа 2020“, како продолжеток на Лисабонската стратегија, со цел стварање на паметет, зелен и вклучувачки раст. За прв пат се постави одредена цел за намалување на бројот на луѓе во ризик од сиромаштија и социјална исклученост за намалку 20 милиони до 2020 година, на темел на 3 индикатори/показатели (во ризик од сиромаштија, тешка материјална неимаштина и домаќинства без вработени или со низок интензитет на вработеност).[3]

Во овој контекст, стратегијата на активна вклученост треба да се гледа како витален инструмент за исполнување на целата на намалување на стапката на сиромашни и да се обезбеди поефикасен, интегриран пристап за спречување, како и ублажување на сиромаштијата и социјалната исклученост и придонес кон една фер Европа, која може да доведе до благосостојба за сите.

---

[1] Известување на Европската комисија (C(2008)5737) за активната вклученост на луѓето исклучени од пазарот на трудот, 3 октомври 2008 година.

[2] Стапката на ризик од сиромаштија дефинирана како „под 60% од просечниот национален приход со кој располага домаќинството“.

[3] Види Заклучоци на Европскиот совет, 17 јуни 2010 година.

## Пат до активната вклученост

Почитта кон човечкото достоинство е основачки принцип на Европската Унија, што се гледа во нејзините цели да промовира целосна вработеност и социјален напредок, со борба против социјалната исклученост и дискриминација и промовирање на социјалната правда и социјална заштита. Договорот исто така и дава на ЕУ клучна улога во поддршката и дополнувањето на активностите на земјите членки за тоа како тие ги интегрираат луѓето што се моментално исклучени од пазарот на трудот. Меѓутоа, напредокот во борбата против исклученоста во ЕУ навистина беше многу спор.

Во 1992 година, Советот на министри, во Препораките на Советот 92/441/ЕЕС од 24 јуни 1992 година, се согласи за потребата да се гарантираат доволно ресурси и социјална помош за сите во ЕУ. Како резултат на тоа, повеќето земји членки имплементираа законска шема за национални минимални примања/приходи (освен Италија, Грција и Унгарија во ЕУ, и Норвешка). Меѓутоа, иако шемите ги намалуваат тешкотиите, повеќето не ги извлекуваат луѓето ефикасно од сиромаштија.

Од 2000 година, преку Социјалната отворена метода на координација,[4] земјите членки договорија заеднички цели и целосен пакет на индикатори, а развија и национални акциски планови (вклученост) и стратешки извештаи за социјалната заштита и социјалната вклученост, за да промовираат пристап до правата, средствата и услугите. Сепак, не се постигна значителен напредок.

Во 2005 година, Комисијата во својата Социјална агенда (2005-2010) ги оцрта намерите да развие „заедничка иницијатива за шемите на минимални примања/приходи и интеграцијата на луѓето исклучени од пазарот на трудот“ (ЕС 2005). Во 2006 година, Комисијата[5] ги претстави своите првотни идеи за активната вклученост како мешавина на три основни елементи темелени на обезбедување на примерена поддршка со примања (бенефиции)/приходи, пристап до квалитетни услуги, посебно социјални услуги и стварање патишта до вработување. Во 2007 година, Европската комисија проведе консултации за успешноста на овој нов пристап. Се добија голем број на одговори од најразлични чинители, вклучувајќи го ЕАПН и други организации што се борат против сиромаштијата, на ниво на ЕУ и на национално ниво. Градејќи на овие резултати, Европската комисија усвои Препораки за активна вклученост на луѓето исклучени од пазарот на трудот (С(2008)5737), кои беа прифатени од министрите за социјала на ЕУ во декември 2008 година.[6]

Европскиот парламент исто така многу придонесе со извештајот и резолуцијата, со што ја поддржа активната вклученост, која беше одобрена во мај 2009 година (известувач: МЕП Жан Ламбер,

---

[4]Социјалната ОМК е кратенка за методата на управување на ЕУ позната како Отворена метода на координација за социјална заштита и социјална вклученост. Иднината на зајакнатата социјална ОМК во моментов се дискутира, во контекст на Стратегијата Европа 2020 и Европската платформа против сиромаштијата. Се оформи ад-хок група на Комитетот за социјална заштита и мислењето на Комитетот се прифати на 12 мај 2011 година, за одобрување на Советот на EPSCO во јуни. Извештајот на Европската комисија ќе ги разгледа предлозите на есен 2011 година.

[5]Извештај на Комисијата (COM(2007)620) Модернизирање на социјалната заштита за поголема социјална правда и економска кохезија: унапредување на активната вклученост на луѓето најоддалечени од пазарот на трудот.

[6]Извештај на Комисијата (COM(2008)5737) за активното вклучување на луѓето исклучени од пазарот на трудот, 3 октомври 2008 година.

Зелени/ЕФА).[7] Кога се започна со стратегијата, повеќето НВО-а и организациите на терен ја поздравуваа како значаен чекор напред во борбата против сиромаштијата, темелена на човековите права.

## Активна вклученост и Европа 2020

Од 2009 година, ЕУ ги презема првите чекори кон имплементирање на Стратегијата на активно вклучување, со Европската комисија како набљудувач на нејзината примена во земјите членки. Голем чекор напред дојде во 2010 со започнување на Годината на борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. На првата конференција во годината, во Мадрис во јануари 2010, претседателот Барозо силно ја поддржа улогата на активната вклученост во идната пост-Лисабонска стратегија. Стратегијата Европа 2020,[8] како што беше договорено на концилот во јуни 2010 година, го постави намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост како еден од петте приоритети и договори цел за намалување на сиромашните луѓе за најмалку 20 милиони до 2020 година (темелено на 3 индикатори/показатели: во ризик од сиромаштија, материјална неимаштина и домаќинства без вработени или со низок интензитет на вработеност).
Стратегијата ја потврди клучната улога на активната вклученост, посебно во Европската платформа против сиромаштијата,[9] каде што е истакната како едно од приоритетните тематски подрачја што треба да се следат, со заложба да се издаде Соопштение со кое се проценува нејзината имплементација во 2012 година. Силната поддршка ос Комитетот за социјална заштита и од EPSCO во заживувањето на Социјалната ОМК како „видливо лице на социјалната Европа“ во нивното мислење во мај 2011 година,[10] со преземање на клучни барања од ЕАПН,[11] треба да помогне во давањето видливост и да го води спроведувањето на Активната вклученост како едно од клучните подрачја на Заедничките цели.

## Додадената вредност на Активната вклученост

„Имам пријателка, која има 50 години. Таа е невработена 10 години. Беше депримирана и се чувствуваше многу лошо. Еден ден двајца службеници од заводот за вработување дојдоа да ја посетат. Ѝ помогнаа да напише барање за работа. Ѝ кажаа како да му се претстави на работодавачот. После некое време жената се скршила. Таа рекла „Го слушам ова веќе 10 години. Не можам повеќе да го истрпам ова. Се чувствувам сосема скршено“.“

(С. од Шведска)

---

[7] Резолуција на Европскиот парламент (2008(2355/INI), активна вклученост на луѓе исклучени од пазарот на трудот, 6 мај 2009 година.
[8] Извештај на Комисијата (COM(2010)2020 конечен: Европа 2020: Стратегија за паметен, одржлив и вклучувачки раст, 3 март 2010 година.
[9] Извештај на Комисијата (COM(2010)0758 конечен: Водечка Европска платформа против сиромаштијата и за социјална кохезија, 16 декември 2010 година.
[10] Иднината на зајакнатата социјална ОМК во моментов се дебатира, во контекст на Стратегијата Европа 2020 и Европската платформа против сиромаштијата. Се оформи ад-хок групата на Комитетот за социјална заштита, а мислењето на Комитетот беше усвоено на 12 мај 2011 година, за да се даде на прифаќање на Концилот на EPSCO во јуни. Извештајот на Европската комисија ќе ги разгледа предлозите наесен во 2011 година.
[11] Внес на ЕАПН за улогата на социјалната ОМК во Европа 2020, Април 2011 година.

Повеќето луѓе што живеат во сиромаштија би скале да работат. Да се добие работа со плата за живот многу би им значело – обезбедувајќи им постојан приход и средства со кои на своето семејство можат да му пружат пристоен живот, како и нудејќи мост кон вклучување и шанса да се стекнат пријатели и да се изгради мрежа на друштвени контакти. Но ова не се случува за голем број на луѓе, кои сакаат да работат но не наоѓаат пристојна работа, или се заглавени на несигурни работни места без минимална плата.

8% од работно способното население на ЕУ живеело под линијата на сиромаштво во 2008 година, пред влијанието на сегашнава криза. Другите биле соочени со сериозни пречки и недостаток на помошни услуги при обидот да се најде работа, како на пр. лоши стамбени услови, недостаток на згрижувачки капацитети за деца или транспорт или биле соочени со дискриминација кога аплицирале за работа. За други, работата едноставно не била решение – посебно за постари или пензионирани лица, за лица со тешки здравствени проблеми или физички инвалидитет, за деца и за лица што се грижат за други луѓе. Наоѓањето работа исто така не е едноставен чекор за луѓе кои биле без работа долго време. Губитокот на самодоверба и надеж, ментални здравствеи проблеми, како и губиток на друштвените вештини, сето тоа се пречки што треба да се надминат, дури и кога има квалитетни работни места.

**И додека пристојната работа е начин за излегување од сиромаштија, таа не може да го замени животот во достоинство, независно од тоа дали човекот има работа или не.** Препораката на Комисијата го потврдува „темелното право на поединецот  на средсва и социјална помош доволна да води живот компатибилен со човечкото достоинство“.

Кога нивоата на минимални примања се прениски или несигурни, тешкотиите и чувството на безнадежност се зголемуваат, правејќи ги уште потешки за учествување или за барање работа. Сиромаштијата не е само прашање на парите. Се рабори за недостаток на пристап до пристојни услуги – до пристојни станови што човек може да си ги дозволи, образование и здравствена грижа, како и шанса да се учествува во социјалниот, културниот и политичкиот живот во нашите заедници.

И повеќе од тоа – се работи за право да се биде **третиран како човечко суштество, лице со права, со вродена вредност, потенцијал и способности, повеќе отколку само како инструмент на економијата.**

## Имплементирање на активната вклученост

На ниво на ЕУ, се постигна некаков значаен напредок, вклучувајќи ја работата на развивање на индикатори за следење на интегрираните пристапи. Во 2009 година, пет Набљудувачи на локалните власти за активна вклученост (НЛВ) се оформија од страна на мрежата на Eurocities, преку нивниот проект Cities and Active Inclusion, кој промовирал меѓусебна размена на знаења и анализи меѓу ли=окалните, националните и европските политики за активна вклученост.[12]

Неколку стручни извештаи што вклучувале взаемна размена и учење преку европската социјална ОМК се однесувале на активната вклученост, усмерувајќи го вниманието на неколку специфични целни групи или клучните пречки.[13] Се планира поголемо соопштение на Европската комисија за

[12] Види ги известувањата и студиите на случаи и семинари на веб-страницата на Eurocities: www.eurocities-nlao.eu

[13] Види ја веб-страницата на стручниот извештај на Европската комисија: www.peer-review-social-inclusion.eu

Стратегијата на активна вклученост во 2012 година, како дел од Европската платформа против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Се постигна напредок и на ниво на ЕУ за столбот на услуги и минимални примања (види ги поглавјата 3 и 4). Меѓутоа, напредокот е многу поограничен на национално ниво.[14] И додека ограниченото знаење и прегледноста на концептот се јасни пречки, доминантен фактор сепак е недостатокот на политичка заложба за спроведување од страна на ЕУ и земјите членки. Заедничкиот извештај за социјална заштита и социјална вклученост од 2009 година забележува дека иако повеќето земји членки ја назначиле активната вклученост како една од своите приоритети, со вклучувачки пазар на трудот, пристапот до квалитетни услуги и примерени примања воглавно се третираат одвоено.[15]




## Активната вклученост како одговор на кризата

Во меѓувреме, влијанието на сегашнава економска и социјална криза и понатаму ја влошува ситуацијата со сиромаштијата и тешкотиите. Според истражувањето[16] на Eurobarometer Flash во мај 2010 година, 75% од луѓето во ЕУ рекле дека сиромаштијата се зголемила во изминатата година во нивната земја. 20% имале проблеми да ги платат сметките, додека 30% имале

---

[14] Види ја проценката на ЕАПН: Building hope, Giving Security: EAPN assessment of 2008-11 National Action Plans, 2008.

[15] Европска комисија: заеднички извештај за социјалната заштита и социјалната вклученост, 2009 година.

[16] Организација Галуп/Европска комисија: Eurobarometer Flash (284) – мај 2010 година.

[17] EAPN, Is the European Project Moving Backwards? The social impact of the crisis and government recovery policies in 2010, февруари 2011 година.

проблеми да платат за здравство. Се предвидува дека невработеноста ќе се зголеми до 10%, со долгорочна невработеност од 3%.[17]

Овие стапки изгледа ќе се зголемуваат, бидејќи повеќето земји членки спроведуваат мерки на штедење, правејќи резови во јавните трошоци преку намалување на бенефициите и јавните услуги. Извештајот на ЕАПН од 2010 година за социјалното влијание на кризата го истакнува разорното дејство на оваквиот пристап[18] (види го исто така и поглавјето 5).

Со појавата на кризата и контекстот на новопоставена цел во Стратегијата Европа 2020, активната вклученост изгледа дека нуди ефикасно политичко решение за борба со растечката невработеност, сиромаштија и социјална исклученост.

Меѓутоа, многу од владите не сакаат да ја користат, враќајќи се на стариот пристап на намалување на даноците и регулацијата за зголемување на производството (supply-side approach) – отежнувајќи ја активноста и зголемувајќи ги санкциите тшо ги погаѓаат невработени, а бројот на работни места е ограничен. Мерките на штедење, со кои и понатаму ќе се намалуваат социјалните бенефиции и услуги, само ќе ја зголемат сиромаштијата и исклученоста. Ова представува напад на најранливите луѓе и пропуштена прилика да се искористи активната вклученост како темел за вклучувачка политика на раст.

## Пристапот на ЕАПН за активната вклученост

ЕАПН лобира уште од 1990 година за интегриран пристап што ќе се справи со мултидимензионалните аспекти  и влијание на сиромаштијата и нејзините причинители. ЕАПН одигра клучна улога во залагањето за Социјалната отворена метода на коорднација , за да се добијат такви стратегии во 2000 година. Од 2000 до 2010 година, членовите на ЕАПН од националните мрежи и европските организации активно се ангажираа во развојот на Националниот активациски план за вклученост и од 2005 година во Извештаите на Националните стратегии и Социјалната заштита и социјалната вклученост, залагајќи се за ефикасен, повеќедимензионален пристап базиран на правото.[19]

На ниво на ЕУ, ЕАПН и други НВО-а беа активни во залагањето за надоврзување на Препораката за минимални примања од 1992 година, истакнувајќи ја ограниченоста на пристапот на активација. ЕАПН ја поздрави првотната консултација на Комисијата за активната вклученост и одговори акитвно, развивајќи позиции и свои ставови во консултацијата. Семинар се одржа во мај 2008 година во Париз, каде што се договорија основните принципи од членовите на ЕАПН.[20] Во истата година, ЕАПН ја започна својата кампања за примерени минимални примања/бенефиции/приходи (види www.adequateincome.eu) , посебно залагајќи се за рамковна

---

[18] ибид ЕАПН, 2011.

[19] Извештај на Европскиот парламент: Active Inclusion of People excluded from the labour market, 6 мај 2009 година.

[20] Извештај на ЕАПН за семинарот за активна вклученост и клучни принципи, мај 2008 година.

директивна на ЕУ како нужен инструмент на ЕУ за гарантирање на еднаков пристап да примерени примања во цела ЕУ (види го поглавјето 2 за минимални примања).



Во октомври 2008 година, ЕАПН презентираше важни пораки за активната вклученост на округлата маса за сиормаштија и социјална исклученост и силно лобираше за тоа Препораките на Комисијата конечно да се договорат и прифатат од министрите за социјала во декември 2008 година. Во 2009 година, ЕАПН тесно соработуваше со Европскиот парламент на развивањето на извештајот и резолуцијата за активната вклученост, кои го поддржаа овој сеопфатен пристап.

Во 2010 година, ЕАПН вршеше повторно притисок за оцртување на патиштата за спроведување на активната вклученост, овојпат како дел од Стратегијата Европа 2020 и Европската водечка платформа против сиромаштијата,[21] вклучувајќи ја потребата за ЕУ рамка, со која ќе се гарантираат примерени минимални примања, како камен-темелник на стратегијата.

Овие предлози беа и понатаму развивани за време на главната ЕУ конференција[22], одржана во Брисел во септември 2010 година, каде што се разговараше за работен документ за развивање рамковна директива[23] (види www.eapn.euи кампањата на ЕАПН за примерени минимални примања за сите: видиwww.adequateincome.eu).ЕАПН исто така активно придонесе и кон извештајот на Европскиот парламент: *Улогата на минималните примања во борба против сиромаштијата и промовирање на вклучувачко општество*.[24]

За ЕАПН, активната вклученост станува уште поважна како одговор на кризата. Во првото и второто истражување на ЕАПН за социјалното влијание на кризата,[25] пристапот на активна вклученост се истакнати како основни начини за поддршка на луѓето, преку пронаоѓање индивидуални начини за пронаоѓање пристојна работа, а во исто време, гарантирајќи примерени примања/приходи и пристап до квалитетни услуги.

Шемите на примерени минимални примања се основа за цврст темел за интеграција, поддршка на социјалната вклученост и активно учество на луѓето, како и автоматски стабилизатор и социјален темел за економијата. Тие исто така имаат улога на промовирање на пофер и социјално поправедно општество.[26]

## Целта на оваа брошура

Ова издание има за цел да ја истражи стварноста на Стратегијата за активна вклученост во пракса:

[21]Предлогот на ЕАПН за Европска платформа против сиромаштијата, 30 јуни 2010 година.

[22]ЕАПН, Поставување на темелите за пофер Европа: обезбедување на примерени минимални примања, 24 септември 2010 година.

[23]Ане Ван Ланкер, Работен документ на ЕАПН за рамковна директива за минимални примања, септември 2010 година.

[24]Извештај на Европсккиот парламент (2010/2039/(IN) усвоен во октомври 2010 година.

[25]EAPN, Social Cohesion at Stake: EAPN assessment of the social impact of the crisis (2009) и EAPN, Is the European Project moving backwards? The social impact of the crisis and government recovery policies in 2010, февруари 2011 година.

[26]ЕАПН, Богатство, нееднаквост и општествена поларизација во ЕУ – брошура бр.3, мај 2011 година.

- Да го покаже досегашниот напредок,
- Да ги истакне добрите и лошите примери во пракса,
- Да ги назначи клучните елементи што ја чинат Стратегијата остварлива на национално и ниво на ЕУ.

Тоа беше направено од страна на работната група за социјална вклученост, вработување и структурни фондови на ЕАПН со поддршка од секретаријатот на ЕАПН во Брисел. Брошурава ги дава националните студии на случаи предложени од националните и европските членови на ЕАПН, а нацрт верзиите беа дискутирани од страна на работната група во 2010 година.

Со ширењето на искуствата и увидите на нашите членови, ЕАПН се надева да им помогне на чинителите и владите да ја препознаат вредноста на стратегијата за активна вклученост и да ја стави во центарот на новите стратегии за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во склоп на Стратегијата Европа 2020 и да придонесе кон пофер, поодржлив одговор на кризата.

## Минималниот приход како основа за активна вклученост




# 02

## **Што е тоа минимален приход?**

Терминот „минимално примање“ се однесува на социјалната помош во облик на бенефиции, што им се даваат на невработените луѓе. Овие бенефиции обично немаат придонеси, што значи дека им се даваат на работоспособни луѓе, кои не работеле доволно долго или со многу прекини, за да можат да бидат во прилика да добијат бенефиции за невработени. За нив обично се вели дека се „основната сигурносна мрежа“. Овој „приход од крајниот извор“ или социјална помош е социјално право и еден од темелите на државата на благосостојба. Тоа е едно од клучните права наведени во Повелбата за темелните права и ја дава основата за гарантирање на нашето право на достоинствен живот.

## Кој живее со минимален приход?

Луѓето кои живеат со минимален приход се луѓе што немаат други средства за живот. Во повеќето земји тоа се:

- Родители, посебно самохрани родители, кои не можат да најдат работа или немаат таква работа што може да ги извлече од сиромаштијата или каде што институциите за згрижување на децата не се достапни,
- Постари луѓе, кои се отпуштени како технолошки вишок или кои имале обврска да се грижат за некого целиот свој живот,
- Помлади луѓе, кои не нашле работа или барем не постојана (во многу земји тие не се ни во прилика да добијатминимално примање додека не наполнат 25 години или поради ограничувања за живеалиштето), луѓе со инвалидитет или оние кои патат од тешки ментални здравствени проблеми и не можат да најдат пристојна работа прилагодена на нивните потреби,
- Етнички малцинства или мигранти, кои често се дискриминирани од страна на работодавците кога аплицираат за работа или затоа што не добиваат помош од помошните институции или се натерани да работат на црно,
- Работоспособни луѓе кои биле толку долго без работа, што го губат правото на бенефиции за невработеност.

Повеќето луѓе што живеат на минимални примања веќе се чувствуваат стигматизирани, деморализирани и безнадежни во врска со иднината. Ниското ниво и тешкотиите во достапноста само додаваат на ова чувство на исклученост.

## Зошто е минималниот приход важен?

Правото на минимален приход клучно барање од движењето против сиромаштијата во Европа – да се обезбеди прифатлив и достоинствен стандард на живеење за сите, на темел на

фундаменталните права.[27] Меѓутоа, ова право не само што му помага на поединецот, туку помага и во изградбата на здраво, социјално кохезивно и поодржливо општество, каде што благосостојбата се ужива на пофер начин.

Реалноста на живеење со минимален приход[28]

Кога минималниот приходе не е доволно за достоинствен живот:
„Минималниот приход ти дозволува да преживееш, не да живееш.“
„Не можам да се дружам. Мојата само-доверба е уништена, бидејќи секој ден морам да се грижам за идниот.“[29]

Кога не е доволно да се покријат само основните потреби:
„Можам да си дозволам само евтина храна; овошјето и зеленчукот за децата ми се прескапи; здравата храна е прескапа за мене.“
„Само со минималниот приход не може да се плати станарината.“
„Гледаме покачување на цените на храната, струјата, општо поскапувања на трошоците на живот, но без значајни прилагодувања на социјалните бенефиции или пензиите.“
„Животот со минималниот приход полошо од преживувањето. Ако не се позајмиш од луѓето во твојата близина, не можеш да избуткаш до крај на месецот.“

Давањето примерени минимални примања не е само социјално право, туку и инвестиција во луѓето, семејствата, заедниците и начин на изградба на социјална и одржлива економија.

Придобивки за поединецот

- Можам да ги платам сметките, без страв дека ќе ме исклучат, влегување во долг или задолжување кај лихвари.
- Можам да правам планови и да ја вложам енергијата во барање работа или да се пријавам за обука без да се грижам како ќе составам крај со крај.
- Ми помага да не се чувствувам толку стресно, ми го олеснува управувањето со животот и односите и ми помага да останам здрав/а.
- Можам да придонесам за подобар живот на моите деца и да помогнам да не растат во сиромаштија.
- Можам да мислам на тоа да излезам и да се сретнам со луѓе, да стварам пријателства, нови контакти и друштвена мрежа.

[27]ЕАПН, Примереност на минималните примања во ЕУ – брошура бр.2, 2010 година.
[28]Цитати преземени од Европскиот состанок на луѓе што живеат во сиромаштија – 2001-2009 година.
[29]Овој цитат е од ЕАПН, Voices from the poverty line, 2006 година.

- Ми дозволува да учествувам во локалните активности и да придонесам на мојата локална заедница.

7 причини за напредок сега!

1. Земјите членки веќе се обврзаа на ниво на ЕУ да обезбедат примерени минимален приход за сите, но спроведбата на тоа беше слаба.
2. Шемите на минималниот приход се клучен инструмент во спечувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост додека се нивоата примерени, како и клучна алатка за придонес кон целта на намалување на сиромаштијата во Европа 2020.
3. На ранливите групи луѓе им даваат долгорочна сигурност што им е потребна на патот кон вработување, поголемо социјално учество или други начини на вклученост.
4. Тие помагаат во вклучувањето на луѓето за кои вработувањето не е опција, дали поради инвалидитет, долготрајна болест или проблем со менталното здравје, обврски во семејството или едноставно каде што нема достапни квалитетни работни места.
5. Ако се примерени, тие можат да бидат двигател за фер надници, доколку нивото на платите се постави над минималното примање во позитивна хиерархија.
6. Тие обезбедуваат солидна основа за социјално кохезивно општество, изградено на солидарност.
7. Во моменталнава економска криза, тие не само што ги спречуваат тешкотиите за невработените, туку и обезбедуваат база за потрошувачка, па како автоматски стабилизатор, ја поддржуваат одржливата економија.

Придобивки за општеството – изградба на социјална, одржлива економија

- Минималниот приход значи дека луѓето ќе можат да изградат посигурен животен стил и да планираат однапред, избегнувајќи ја надолната линија на безнадежност и понатамошна исклученост.
- Сиромаштијата поради приходи може да се спречи/ублажи, а тоа е една од клучните причини за лошото здравје. Осигурувањето дека луѓето ќе бидат здрави ги намалува долгорочните социјални и економски трошоци.
- Минималниот приход придонесува за подобра основа при барањето пристојна работа, што може да обезбеди поодржливо долготрајно решение за сиромаштијата.
- Луѓето со минимален приход се во подобра позиција стабилно да се грижат за своите деца и да развијат позитивни семејни односи.

- Сигурноста со стабилни примања значи дека луѓето можат да продолжат да трошат и конзумираат добра и услуги – и со тоа да поддржат една поодржлива економија.
- Минималниот приход ги спречува луѓето да почнат со работа на црно.
- Минималниот приход гради сигурност и го јакне општествениот капитал, а со тоа ствара социјално покохезивно општество со помалку социјални немири.

## Значаен напредок, но недоволен за да ги извлече луѓето од сиромаштија



Од 1992 година, ЕУ се согласи за важноста на обезбедувањето „доволни средства за достоинствен живот“.[30] Договорот беше потврден со Препораката за активна вклученост на Комисијата во октомври 2008 година. Во моментов, национални шеми постојат во повеќето земји на ЕУ (освен Унгарија, Италија и Грција) и ЕФТА (освен Норвешка).[31] Меѓутоа, повеќето од овие шеми се далеку од примерени, според неодамнешната студија на независната мрежа на експерти за социјална вклученост на ЕУ.[32] Како што истакна Заедничкиот извештај за социјална заштита и социјална вклученост од 2010 година: „Социјалната помош со бенефиции не е доволна да ги извлече луѓето од сиромаштија, но го намалуваат интензитетот на сиромаштијата.“[33]

Пред да почне да се развива кризата, имаше знаци дека некои земји реагираат на Препораките за активна вклученост и пробуваат да ги зајакнат шемите на минимален приход, нудејќи пристап според потребите, во земји како Бугарија, Австрија и Белгија. Имаше промени и во креирањето на политиките на бенефиции и вработување, за да се избегне замката меѓу работата и системот на бенефиции. Во февруари 2009 година, проценката на Европската комисија за реформите на даночните олеснувања покажа дека, помеѓу 2001 и 2007 година, најголемите подобрувања во поглед на намалување на замките на невработеност се постигнати во Франција, Словачка, Финска, Шведска, Белгија и Данска за сите типови на домаќинства. Овие вклучувале мерки за намалување на данокот на ниски плати и зголемување на додатоците на заработувачка и со тоа помогнале да се намалат финансиските препреки. Замките на неактивност исто така биле намалени.

## Недостатоци во надградбата, опфатот и преземањата

30
31
32
33

Ниското ниво на бенефиции не е единствениот проблем. Заедничкиот извештај на Независните експерти (ЕК 2009) го истакнува недостатокот на ефикасна надградба забележувајќи „тенденција кон намалување на примереноста на примањата во однос на општиот стандард на живеење, со тоа што бенефициите не држат чекор со зголемувањето на платите во текот на времето“. Опфатот исто така се наведува како слаб или дискриминирачки: не можат сите групи да имаат подеднаков пристап до бенефициите, поради нееднакво географско покривање или одредени забрани за одредени целни групи. Други клучни проблеми вклучуваат недостаток на преземањето бенефиции од страна на луѓето што живеат во сиромаштија, дури и кога имаат право на нив.
Ова се должи на повеќе причини: зголемената комплексност на системот на бенефиции, слабата информираност и советодавните услуги, но исто така и неволноста на луѓето да ги земат бенефициите на кои имаат право, поради стигматизација. Како резултат на тоа, повечето земји имаат стапка на преземање од 40-80%, според податоците на OECD, а скоро 50% непреземање во земјите како Австрија. Слабата стапка на преземање на бенефициите на минималниот приход е не само расфрлање со јавните средства, туку и ја поткопува ефикасноста на шемите на минимални примања за спречување и ублажување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

### Недоволно да се платат основните услуги

Проценката колку се бенефициите на минималниот приход примерени зависи од цените и достапноста на локалните добра и услуги. Станарината е главниот издаток. Многу земји членки затоа даваат бенефиции за станарина како додаток на основната социјална помош. Но за многу луѓе животот во сиромаштија е постојана борба да се покријат соновните трошоци: зголемените цени на храната, струјата и сметките за греење, патни трошоци за да се поднесе пријава за работа, медицински трошоци, детска грижа за да се почне со некој курс или да се започна со барање нова работа. Со кризата и влијанието на мерките за штедење, кои се усмерени на јавните услуги, многу од овие трошоци ќе поскапат уште повеќе.

### Стигматизација и дискриминација

Стигматизацијата на примателите на минималениот приход е клучна причина за ментални оболувања и тешкотии. Етикетирани како „измамници“, многумина се дискриминирани кога бараат работа, стан, медицински или други услуги. Негативниот став на некои од персоналот за социјална сигурност е исто така извор на постојан стрес, често потврдувајќи го чувството на безвредност и понижување. Менувањето на правилата за прво на бенефиции, стегнуавјќи ги санкциите и условите доведувапонекогаш до неподнослив притисок; бесконечно аплицирање за работа со мали шанси да се успее, живеење со намалени бенефиции, често без никакви назнаки. Губитокот на самодоверба, понижувањето и чувството на одбивање ги влошува макитe на луѓето што живеат со бенефиции на минималниот приход и ги поткопува нивните шанси за наоѓање начин да се вработат или повеќе да се заложат во своите заедници.
*„Се чувствував засрамено што примам гарантирано минималниот приход. Секогаш сум сакал да работам и да се чувствувам корисно.“*

## Влијанието на кризата и на мерките за штедење

Со почетокот на кризата повеќето земји изгледа ја препознаа потребата да ги зголемат бенефициите на минималниот приход, како привремени мерки, со цел да се поттикне побарувачката. И навистина, ЕУ брзо ја препозна нивната вредност како „автоматски стабилизатори", како дел од сеопфатниот систем на социјална заштита. Како што истакнува Заедничкиот извештај од 2010 година, помеѓу 15% и 35% од економските превирања се израмнуваат со автоматски стабилизатори, зависно од земјата членка.

Истиот извештај ги истакнува трендот на земјите членки да ја намалат достапноста до бенефициите преку зголемување на условите за нивно добивање. Санкциите се зголемени и се применуваат на луѓе што не успеале да ги задоволат барањата за да бидат работоспособни или не вложиле доволно труд да најдат работа, што води до намалувања или рестрикции во системот на бенефиции.

До летото 2010 година повеќето земји воведоа дрстични мерки на штедење, многу од нив укинувајќи ги шемите на минималниот приход и бенефициите или намалувајќи ја достапноста до нив,[34] под притисок на Пакетот за економско управување на ЕУ и барањата на Договорот за стабилност и раст.Ваквите акции само ќе ги зголемат тешкотиите, ќе го зголемат јазот меѓу богатите и сиромашните и ќе ја загрози социјалната кохезија. Тие исто така ќе го поткопаат економското заздравување, бидејќи ќе се намали побарувачката, зголемувајќи го семејниот долг, а погодените семејства нема да можат да се носат со тоа. Краткорочните заштеди на трошоците целосно ќе бидат надминати од долгорочното зголемување на барањата во секторот на јавното здравство и социјалните услуги.

## Општи принципи за минималниот приход

Препораките на Комисијата го потврдија основното право на поединецот на средства и социјална помош „доволна да се живее живот компатибилен со човечкото достоинство" темелено на Препораките на Советот 92/441/EEC.

ЕАПН предлага и други критериуми за да се обезбедат ефикасни и примерени примања за поддршка на вклучувањето, како дел од интегрираниот пристап на активна вклученост.[35]

Принципи на ЕАПН за минималниот приход

1. Примереност за достоинствен живот
2. Независност од статусот на вработеност
3. Лесно разбирливо, транспарентно и ефикасн
4. Постојаност иодржливост
5. Позитивна хиерархија меѓу примерените примања и минималните плати

[34] Извештај за кризата на ЕАПН од 2010 година: Дали европскиот проект се движи наназад? Социјалн влијание на кризата и политиките за заздравување во 2010, февруари 2011 година.

[35] Принципи за активна вклученост на ЕАПН: Известување од семинарот за активна вклученост на ЕАПН, мај 2008 година.

## 1. Минималниот приход  за достоинствен живот

Препораката од `92 година бара замјите членки да обезбедат „доволно средства и социјална помош за живот компатибилен со човечкото достоинство“. Меѓутоа, договор не е постигнат за клучните критериуми или принципи или потребната методологија за да се добие соодветна сума. Предложени се различни методи за да се одреди примереноста, но овие секогаш треба да се постават во однос на релативните стандарди во одредена замја или регија.

**Една метода за утврдување на ова ниво е согласувањето со релативен стандард**, односно осигурувањето дека минималната бенефиција исплатена како минимален приход „е најмалку на нивото на цртата на ризик од сиромаштија“ (60% од просечните приходи на домаќинството), како што е предложено во Извештајот на независните експерти.[36]Сепак, оваа метода не одговара на потребите на различни домаќинства или специфични групи – на пример, осигурување дека родителите со ниски приходи, посебно самохраните родители имаат минимален приход да ги покријат трошоците за згрижување на детето/транспортот, како и школските трошоци, во кои спаѓаат и патувањата/екскурзиите; дека мигрантите имаат доволни средства да ги покријат трошоците за учење јазик/обуки; дека луѓето со инвлидитет или долготрајно болните имаат доволно средства да ги покријат трошоците за прилагодување, поддршка или здравствени услуги, транспорт итн.

**Друга метода е преку пресметка на нивоата поврзани со реалните трошоци на добра и услуги.**Овој пристап на буџетен стандард (види подолу) можат да се изготват со моделирање или пресметка на реалните трошоци, преку експертна анализа и/или фокус групи. Меѓутао, легитимноста на буџетниот стандард често зависи од утврдувањето на соодветен партиципативен процес на управување за да се добие консензус за согласност со поединечните буџетни стандарди на национален или поднационален контекст.[37] Овој стандард може да се пресмета за различни групи/типови на домаќинства, вклучувајќи луѓе што живеат во сиромаштија во тек на еден животен циклус, кака и оние од други општествено-економски групи.Таква метода може исто така да се користи за да се обезбедат редовни ажурирања.

Референтните буџети и договорените буџетни стандарди на минималниот приход

Референтните буџети се модели на расходи/издатоци (или буџети), што се изработени за различни типови на домаќинства, за да ги подигне на заедничкиот стандард на живеење. Тие се направени на основа на емпирички податоци или пак конструирани од страна на експерти за буџет. Референтни буџети се направени во различни земји на Европа и се користени за најразличнни цели, вклучувајќи советувања за пари и долгови, мерења на сиромаштијата, информации за буџетот, кредитни линии и пресметки на куповната моќ. Проект поврзан со

[36]Проектот на референтен буџет беше организиран од страна на Dachorganisation ASB во соработка со ECDN (European Consumer Debt Network), вклучувајќи и издавање на прирачник. Види: www.referencebudgets.eu и www.asb-gmbh.at/ecdn.

[37]Види ја веб-страницата на Peer Review: www.peer-review-social-inclusion.eu/peer-reviews/2010/using-reference-budgets-for-drawing-up-the-requirements-of-a-minmum-income-scheme-and-assessing-adequacy

референтните буџети беше оформен од Програмата за вработување и социјална солидарност на Европската заедница – Прогрес (2007-13), со цел да се разменат мислења за развојот на референтните буџети.[38]

Во ноември 2010 година, се спроведе ад-хок рецензија на референтните буџети за време на белгиското претседателство, што се фокусираше на Белгиската добра пракса на референтни буџети, користена како препорака за минималниот приход.[39]

Во Обединетото Кралство се создаде Стандард на минималниот приход (СМП) со комбинирање на методи развиени од единицата на Центарот за истражувања на социјалната политика и семејниот буџет, основана од страна на Фондацијата Јозеф Роунтри. Стандардот на минималниот приход е дефиниран како буџет на домаќинствотоза општествено прифатлив минимален стандард, за кој одлучиле обични луѓе со помош на експерти. *„Минималниот стандард на живеење во Британија денес вклучува храна, облека и кров над глава, но е многу повеќе од тоа. Се работи за тоа да се имаат оние работи што се потребни за да се добијат истите можности и одлуки нужни за учество во општеството.“* Стандардот е развиен со процес од 7 фази, кои вклучувале фокус групи и експертска потврда (види:www.asb-gmbh.at/budgets/images/conference09/uk_poster-mis.pdf ).

## 2. Независност од статусот на вработеност

Ако правото на примерени примања треба да биде одржливо, тоа не треба да се врзе со обврската да се прифати било каква работа, без оглед на нејзиниот низок квалитет, посебно нееднаквите плати или лошите работни услови. Повеќето системи на бенефиции претпоставуваат дека барањето работа е исто така право како и должност. Меѓутоа, правото на **минимален приход** не може **да зависи** од тоа. Поефикасен пристап, што се темели на правото, започнува од основното нудење на минимален приход како човечко право (комбинирано со правото на пристојна работа и квалитетна услуга), и претпоставува дека повеќето луѓе **имаат потреба и сакаат да работат**. Поприродниот и оптимистичниот пристап кон човечката природа е општествено поправеден и веројатно е поефикасен.

[38]Проектот на референтни буџети беше координиран до страна на Dachorganisation ASB во соработка со ECDN (Европска мрежа на потрошувачки долг), вклучувајќи и издание на прирачник. Види: www.referencebudgets.eu иwww.asb-gmbh.at/ecdn.

[39]Види ја веб-страната на Peer: www.peer-review-social-inclusion.eu/peer-reviews/2010/using-reference-budgets-for-drawing-up-the-requirements-of-a-minimum-income-sheme-and-assessing-adequacy.


LAGE

Австрија –нов принцип на минимален приход преку проверка на средствата

Во Австрија се планира нова национална шема на минимален приход, која ја синхронизира постоечката федерална шема. Нејзините главни цели се имплементацијата на минималниот стандард и подобар пристап до социјалните трансфери, што вклучува и подобрување на стапката на преземања на бенефициите, за која е пресметано дека во Австрија изнесува 50%. Тоа ќе ги стандардизира одредбите за минимален приход низ цела Австрија (барања, одредби за оправување, едно заедничко ниво на минимален приход и процедурално право). Сите приматели на минимален приход ќе бидат вклучени во здравственото осигурување. Намерата е нивото на бенефициите да ги покријат стамбените и животните трошоци и да ги покријат трошоците за медицински третмани. Еден поединец има право на 744 евра (12 пати годишно), отприлика 200 евра под линијата на сиромаштија.

Иако новиот предлог ги утврдува критериумите за примереност, тој не вклучува доволно средства за покривање на киријата и трошоците на енергија, ниту пак ги покрива специфичните посебни потреби. Примањето попрво ќе биде исплатено на домаќинства отколку на поединци и сé уште е далеку под линијата на сиромаштија. Примањето на бенефициите зависи од спремноста за работа. Во пракса, ова значи дека минималниот приход може да се намали за 50%, ако се заклучи дека лицето „не сака да работи“.

Новиот предлог треба да го подобри нивото на минималниот приход, но чини малку да се спротивстави на големиот недостаток на информации во однос на критериумот на достапност, или да се соочи со тешката стигматизација поврзана со примањето на бенефиции.

Контакт: Верена Фабрис/ЕАПН Австрија,verena@fabris@volkshilfe.at; www.Armutskonferenz.at

### 3. Лесно разбирливи, транспарентни и ефикасни

Повеќето земји членки имаат големи проблеми да гарантираат **преземања** на постоечките бенефиции, како резултат на нечитливоста и комплексноста на заплетканата мрежа на различни типови на шеми на бенефиции, како и на стигматизацијата која ги прати примателите на безпридонесните бенефиции. Секој ефикасен систем на социјална грижа треба да си постави приоритет да го поедностави пристапот до шемите, чинејќи го процесот и резултатите транспарентни и преземајќи чекори да се осигура дека стратегијата е ефикасна во опфаќање на оние во потреба и во извлекување на истите од сиромаштија. Според мислењето на многу ЕАПН мрежи, универзалните бенефиции како што се бенефициите за деца, без проверка на средствата, се најчесто најуспешни во опфаќање на оние на кои им е потребна помош, бидејќи за цел го имаат главниот негувач. Потврдата на субјективното право на бенефиции исто така ја намалува стигматизацијата и го зголемува преземањето на бенефициите, зголемувајќи ја ефикасноста на системот на бенефиции во намалување на сиромаштијата.

Спроведувањето на правото на бенефиции, меѓутоа, се базира на проактивни услуги на информации. Јавните сервиси на социјалната заштита и вработување треба да ја зголемат ефикасноста на своите услуги со подобро советување и информации, со што ќе помогнат во зголемувањето на стапката на преземање и во промовирање на повеќедимензионален пристап

обезбедувајќи хоризонтална координација со другите сервиси (домување, образование, здравство итн.).
Признавањето на правата треба да го подобрат односот со засегнатото лице и да створат основа за меѓусебна доверба и соработка.
Кредибилитет исто така ќе се зголеми со обезбедување потранспарентно, независно следење и оценување на механизмот на ефикасност на услугите во пренесување на примерените примања на оние на кои им се потребни и во проценката на тоа колку далеку тие влијаеле на сиромаштијата, темелено на редовните повратни информации од корисниците.

Финска: независна проценка на системот на пензии и бенефиции

Финска поведе сеопфатен преглед и реформа на системот на пензии и бенефиции преку независниот САТА комитет, со цел прифаќањето работа да се направи попривлечно, намалување на сиромаштијата и обезбедување примерени примања во тек на животниот циклус.
Уставот на Финскапотврдува дека секој има право на основна егзистенција и нега и сигурност на приходите во случај на невработеност, болест или инвалидност и во староста, како и после раѓање на дете или губиток на издржувачот во семејството. Сепак, концептот на промереност не е дефиниран.
Веќе се прифатија две препораки: воведување на разумен стандард за минимални пензии (685 евра на месец) од март 2011 и одлука основните социјални бенефиции (минимална накнада, детски доплаток, субвенција за домашна нега, приватна дневна нега) да се поврзат со индексот на потрошувачки цени. Меѓутоа, неуспехот да се покачи нивото на основните бенефиции најверојатно ќе ја зголеми релативната сиромаштија и социјална исклученост.
Контакт: Кирси Ватамоинен, Финска федерација за социјална помош и здравство/ЕАПН Финска, Kirsi.Vaatamoinen@stkl.fi

## 4. Трајни и одржливи

Најголем проблем за повеќето луѓе во сиромаштија е напредвидливоста на поддршката од приходи. Ова може да биде резултат на спроведувањето санкции и мерки, но исто така и поради реалноста на несигурниот пазар на трудот, на кој тие се приклучуваат и исклучуваат од лошо платени, несигурни работи, често губејќи ги донациите или чекајќи бенефициите повторно да започнат со исплата. Ова води до неизмерни тешкотии, долгови и обесхрабрување. Луѓето во сиромаштија треба да се способни ефикасно да ги планираат своите трошоци и своите животи. Треба да се преземат чекори за осигурување дека нема да има нагли промени (посебно намалувања) за нивните приходи, без претходно предупредување или можност за обесштетување. Посебно треба да се обрне внимание на „транзициите“ од различни видови бенефиции (нпр. од социјална помош на работен кредит и шемите на осигурување што го заменуваат приходот) за да се осигура избегнување на „замките на сиромаштијата“.Пристап од дното нагоре го потврдува правото на луѓето на примерени бенефиции, што се темелат на потребите на луѓето и што ги анализира вистинските патишта за вклучување заедно со оние кои се погодени од сиромаштијата, со што поефикасно ќе се справи со замките и пропустите.

Право на гарантирано минимален приход – баскиски модел

Баскиската земја стои зад развивањето на првиот сеопфатен план за борба против сиромаштијата во Шпанија во 80-тите години. Во 1989 година е воспоставена првата гаранција на минимален приход, последователно дополнета со Актот против исклучување, со кој се воспостави правото на минимален приход, темелено на субјективните права.

Гаранцијата на минималниот приход тежнее да ги покрие основните трошоци и потребите што се повторуваат, посебно стамбените трошоци за пристап и одржување, како и пристапот до објектите со пристојни станови.

Воведувањето на политика на стимулации за вработување обезбеди дека пристапот до вработување претставува позитивен економски аспект за примателите на бенефиции, со што се избегнува автоматското намалување на платите, заработени од бенефициите.

Минималниот приход во Баскија изнесува 38,4% од минималната плат во Шпанија, без оглед на фактот што 2,5% од баскиското население живее под цртата на сиромаштија. Тоа придонесе кон намалување на сиромаштијата во специфично тежок контекст, означен со зголемена имиграција од земјите на третиот свет и финансиската криза. Баскиската влада ги смета гаранциите како *„потполно компатибилни со подобрување на животните услови на остатокот на општеството*“.

Сé до 2008 година беа исто така компатибилни со растот на вработеноста и претставуваше значаен пробив во баскиското општество до нови висини на благосостојба. Сепак, главниот придонес е јакнење на отпорноста на постоечката економска криза.

Споредба на стапката на невработеност во Еускади и Шпанија ја покажува поврзаноста помеѓу поразвиената сигурносна мрежа и превенцијата на невработеност,

Во раната 2010 година, баскиската стапка на невработеност беше за 9,1 поени пониска од шпанската просечна стапка (10,9% и 20% соодветно), и покрај тоа што имаше поголема стапка на невработеност од 1978 година до раните 90-ти години.

Контакт: Грациела Малгесини/ЕАПН Шпанија, Geaciela.Malgesini@hotmail.com
Информациите се добиени од Лиз Сацо, од баскиската Влада.

## 5. Позитивна хиерархија помеѓу минималниот приход и платите

Клучен елемент на стратегијата „да се исплаќа работата“беше да се искористи редуцирањето или санкционирањето на бенефициите за да се створи „поттик“ за прифаќање на често ниско платени работни места со лош квалитет. Користењето на бенефициите како „морков и стап“ е де-хуманизирачки, повреда на човечките права, предизвикувајќи невидени тешкотии и патења. Исто така е контрапродуктивно и не е веројатно дека ќе ги охрабри луѓето да планираат или да имаат позитивен пристап кон барањето одржлива работа. Поефикасен пристап е да се користи социјално примерен приход, вклучувајќи го и минималниот приход , како позитивен инструмент во обезбедуањето нужна основа за вклученост. Нивото на надниците треба да е доволно за да надокнади за губитокот на бенефиции – како што се станбените или примањата за детски доплаток – овозможувајќи им на луѓето да живеат со достоинство и да се исплатени за работата што ја вршат. Пресметката на бенефиции што компензираат за оваа ситуација треба да покажат позитивен поттик за соочување со дополнителните трошоци и ризици, кога се продолжува со

работа после периодот на невработеност. Врската помеѓу минималниот приход и минималните плати треба да е исправно насочена и да се створи позитивна хиерархија помеѓу минималниот приход и минималните плати, почнувајќи од доделувањето на минималниот приход и обезбедувањето дека минималната плата е повисока и редовно зголемувана, како што растата и реалните трошоци. Таквиот пристап ќе обезбеди поттик за работа, значајно намалувајќи ја сиромаштијата на оние што работат преку намалување на ризикот на сиромаштија, како и обезбедувајќи растечка основа за приходите во економијата.

Revenu de solidarité active (RSA) во Франција – создавање позитивна хиерархија/намалување на замките на сиромаштијата помеѓу работата и бенефициите

RMI – комбиниран надоместок како поддршка на приходот и помош за барателите на рбаота – се даваше во Франција 20 години сé до 2009 година. Тој имаше за цел да понуди основни парични средства за сите над 25 години, но не помогаше доволно при интеграцијата на луѓето во општеството и вработуањето. Новото средство на политиката (RSA) создава појака врска меѓу бенефициите и вработувањето, за да се обезбеди дека бенефициите не делуваат како дестимулација, овозможувајќи им на луѓето што патат од сиромаштија, а работат, да ги додадат бенефициите кон своите плати, надополнувајќи ги и нудејќи дополнителни средства.

Од октомври 2009 година, RSA е достапен за млади луѓе под 25 години, во случај кога тие работеле најмалку 2 години во последните 3 години. Луѓето шти живеат во сиромаштија учествуваат во пилот проектот за RSA, како дел од сеопфатниот механизам на управување, што ги вклучува клучните чинители.

Недостатокот на проектот е што не ја зема во предвид примереноста.  Главното внимание на проектот е да обезбеди „фер" награда за работењето. НВО-ата повикаа на 25% зголемување на RMI во тек на 5 години, за да се одржи чекорот со приходите за луѓето со инвалидитет и за постарите лица, но за ова не се постигна согласност. RSA исто така не ги подобри маките на оние што се најоддалечени од пазарот на трудот. Листата на услови се надополни и со казни за барателите, кои не ги почитуваат договорите или одбиле 2 понуди за работа што одговараат на нивниот профил, независно од квалитетот на самото работно место.

Контакт: Бруно Груе, UNIOPPS/EAPN Франција,bgroues@uniopss.asso.fr

## Кампањата на ЕАПН за минималниот приход – кон рамковната директива




ЕАПН водеше кампања за минималниот приход, како за основно човечко право. Сегашната кампања тежи он тоа да ја подигне свеста за тоа каква е реалноста на живеењето без примерени приходи. Иако координирана од Брисел, кампањата беше спроведена од страна на повеќето ЕАПН членови на национално ниво. ЕАПН активно лобираше од 2000 година за напредок во минималниот приход, посебно во врска со развојот на Стратегијата за активна вклученост и играјќи клучна улога во прифаќањето на Препораките на Комисијата. Од 2008 година, се започна со јвна кампања, која вклучуваше флаери, постери и разгледници, за да се сврти вниманието на шемите за минималниот приход во Европа, замјќи ги ов предвид елементите како што се примереноста, достапноста, опфатот, преземањето, стигатизирањето и дискриминацијата.

Во 2009 година беше пратен повик до креаторите на политики и беше преведен на 21 јазик и приспособен за 23 различни национални реалитети. Овој повик беше потпишан од многу познати и важни личности, како што е поранешниот генерален секретар на Европската конфедерација на синдикати Џон Монкс, Претседателот на Социјалната платформа Кони Ројтер, поранешниот претседател на Европската комисија Жак Делор, нобеловецот Дарио Фо, поранешниот претседател на Комисијата за социјална заштта Елиз Вилијамс, меѓу другитечленовите на Европскиот парламент, академици,креатори на јавното мнение итн. Повикот и потписите беа публицирани во европските и националните медиуми, а за потпишување од страна на граѓаните беше достапна и онлајн петиција.

Се изготвија и неколку темелни документи, вклучувајќи ја и брошурата *Што сака ЕАПН?*, преглед на шемите на минималниот приход во земјите членки, брошурата на ЕАПН за примереноста на минималниот приход и документ за митовите и реалностите во врска со минималниот приход напишан од професорот Џон Веит-Вилсон. Во 2010 година, членовите на ЕАПН преземаа голем

број на активности, од пишување отворени писма до министерите до повикување на членовите на Европскиот парламент да живеат еден ден со сумата од минималниот приход, во присуство на медиумите. Во септември 2010 година, ЕАПН организираше голема конференција за да го искаже своето стручно мислење за развојот на Рамковната директива на ЕУ, за да гарантира минимален приход на еднаква основа во цела Европска Унија. Предлогот потоа беше поддржан на состанокот организиран од страна на Зелените во Парламентот во септември 2010 година. Нова поддршка за напредок кон оваа иницијатива дојде од синдикатите, како и во Извештајот на ЕП за минималниот приход (2010), а од понов датум е извештајот на Комитетот на региони за Европската платформа против сиромаштијата,[40] како и на Европскиот комитет за економија и социјални прашања (EESC).

За да дознаете повеќе за активностите на ЕАПН и за да ја прочитате нашата документација, посетете ја веб-страната: www.adequateincome.eu .

## *Препораки*

На ниво на ЕУ

Во рамките на стратегијата Европа 2020 година, Еропската платформа против сиромаштијата и Социјалната ОМК (социјална заштита и социјална вклученост):

- Проследување на Препораките на Комисијата до земјите членки кои не ги исполниле своите обврски за воспоставување на минималниот приход над границата на сиромаштија, во согласност со Препораките на Советот од 1992 госина.
- Користење на социјалната отворена метода на координација (социјална заштита и вклученост) за подобрување на споредбеноста на податоците и изведба на студии за проценка на ефикасноста и ефективноста на минималниот приход.
- Преземање чекори кон развивање Европска рамковна директива, која ќе го гарантира правото на минимален приход, градејќи на советите на Комитетот на региони, Европскиот парламент и Комитетот за економија и социјални прашања со:
  - → Воспоставување заедничка дефиниција на примереност, заеднички критериуми и принципи,
  - → Заедничка методологија за воспоставување националнен стандарден буџет за минимален приход, темелен на договорената метода за беџетен стандард,
  - → Еднаков опфат на сите групи и на сите географски подрачја,
  - → Право на надомест, во случај на неуспех да се обезбеди,
  - → Редовно следење и проценка на напредокот преку социјалната ОМК во контекст на Европа 2020 и водечка платформа против сиромаштијата,
  - → Гаранција, како привремена мерак, ниво на минимален приход во сите земји членки најмалку на границата на ризик од сиромаштија (60% од просечниот приход).

---

[40] Извештај на Комитетот на региони (ECOS-V-12),*The European Platform Against Poverty*, април, 2011 година.

## наци




## На онално ниво

- Подигање на свеста за вредноста на минималниот приход е за промовирање на социјална кохезија и пофер и поодржлива економија.
- Обезбедување минимален приход за сите, најмалку на границата на сиромаштија, за да им се овозможи на луѓето достоинствен живот, преку имплементирање на Препораките на Советот пд 1992 година и препораките на Комисијата од 2008 ва активна вклученост. Развивање на независна договорена методологија за  стандарден буџет, која вклучува луѓе што живеат во сиромаштија, да се пресмета прифатлив стандард за да се обезбеди адекватна основа за достоинствен живот, на темел на добрата пракса во ЕУ.
- Следење и проценка на позитивните влијанија на стандардот на минималниот приход на социјалната кохезија, општествениот капитал и економијата

## Пристап до квалитетни услуги



# 03

Вовед

Квалитетот на јавниот сервис (посебно здравството, станбеното прашање, транспортот, школувањето, згрижувањето на децата и обуката) веќе долго време е препознаен од страна на Социјалната отворена метода на координација (социјалната заштита и вклученост) за својата улога во гарантирање на основните права и во спречување на сиромаштијата.

Развивањето на Стратегијата за активна вклученост му даде ново значење на јавниот сервис како претпоставка за помош на луѓето при работата или учеството во општеството.Препораките на Активната вклученост го истакнаа значењето на координирана реакција помеѓу здравствените и социјалните услуги, образованието/обуката и услугите на вработување за да им се помогне на луѓето да се вклучат на пазарот на трудот.

Истовремено, за оние кои не се во состојба да работат, квалитетната услуга е препознаена како централна за овозможување на учество и сигурност дека ќе можат да водат достоинствен живот. Сепак, сé до пред некое време, квалитетната услуга беше најмалку развиена од сите три столба на активната вклученост.

Тешкотиите околу спроведувањето беа влошени со зголемениот притисок за либерализација и приватизација од ЕУ, без доволни сигурносни мерки за да се обезеди одбрана на правото на квалитетни услуги, посебно во однос на пристапот, достапноста и квалитетот.

Ова поглавје го истражува ЕУ контекстот и расправата за услугите во контекст на стратегијата за активна вклученост, ги истакнува основните принципи на ЕАПН за постигнување квалитетни услуги и националните примери на добра пракса, потоа го истражува делокругот на напредокм на основните услуги на ниво на ЕУ и на национално ниво.

## Контекст на ЕУ: разбирање на расправата

Поимот "услуга" покрива многу различни реалитети низ цел Европа (од комерцијални услуги како обложувањето до јавните услуги, нпр. здравството). Многу од овие услуги веќе и не се дел од „јавниот сервис" во смисла дека веќе не ги нудат само државните институции, дури и кога се финансирани од јавните средства и се дел од процесот на либерализација и приватизација, активно поддржани од страна на законодавството на ЕУ.

ЕУ прави разлика помеѓу услугите што му служат на јавниот интерес и другите услуги.[41]**Услугите од јавен интерес** може да се дефинираат како „основни услуги што се централни за животите на мнозинството на општата популација и при што државата има обврска да обезбеди општи стандарди". Овие покриваат голем спектар на активности поврзани со големите мрежи на индустријата (енергијата, телекомуникациите, транспортот, поштенските услуги), но исто така вклучува и значајни услуги од центарот на системот на социјана заштита на ЕУ (образование, здравство, социјални услуги, вода и згрижување на отпадот).

41

На ниво на ЕУ, ове се понатаму поделени на **Услуги од општ економски интерес** (SGEI) и Услуги од општ интерес (SGI). Првите се дефинирани како „основни услуги каде што државната регулатива се смета за нужна во обезбедувањето примерени средства, но за кои се смета дека се од економска природа (повеќето поврзани со постоењето на пазар како што е електриката, плинот и телекомуникациите)“.

Прашањето колку се услугите од општ интерес предмет на економијата или не се останува на расправа и не е одредено, зависно од тоа како се креирани пазарите (нпр. услугите на затвор веќе не се сметаат како услуги од општ, туку услуги од општ економски интерес, а некои влади ја префрлија одговорноста за услугите на затворот на приватниот сектор).

Социјалните услуги од општ интерес (SSGI) се понатаму дефинирани како „основни нужни услуги кои се даваат во интерес на јавноста, но се во суштина социјални по својот карактер и често се поврзани со правата на национална социјална благосостојба и социјалната заштита.“. Европската комисија разликува два типа на социјални услуги од општ интерес: 1. Шеми на социјална заштита поврзани со главните ризици на животот (стареење, здравје, невработеност, пензионирање, инвалидност), 2. Лични услуги како што се социјалната помош, вработувањето и услугите на обука, социјални станови, долгогодишна нега. Социјалнните услуги од општ интерес може, а и не мора да се сметаат за економски по својата природа, зависно од тоа дали се финансираат преку пазарот.

## Активна вклученост и услуги – најнови случувања во ЕУ

Во Стратегијата за активна вклученост, пристапот до достапни квалитетни услуги, посебно социјалните услуги, се смета за основа што гарантира остварување на темелните права, како и поддршка на луѓето при вработување и поактивно општествено учество. Услугите што се сметаат за посебно важни се вработувањето, обуката и советувањето, стнбеното прашање и социјалните станови, долгогодишната грижа и здравствените услуги (...)[42]

Основните принципи воспоставени во Препораките на Активната вклученост за нудење услуги се:

1. Територијална достапност, овозможен физички пристап и достапност
2. Солидарност, еднакви можности и земање во предвид различноста на корисниците
3. Инвестирање во човечкиот капитал, работните услови и соодветната физичка инфраструктура
4. Сеопфатни и координирани услуги, понудени како интегриран пакет
5. Вклученост на корисниците и персонализиран пристап за да се покријат различните потреби на луѓето
6. Следење и проценка на направенот и споделување на добрата пракса.

42

Иако овој столб беше во центарот на вниманието уште од основањето на отворената метода на координација, во гарантирањето на овие права и принципи се постигна многу малку напредок.[43] Ова ја загрозува ефикасната имплементација на активната вклученост, бидејќи луѓето што се најоддалечени од пазарот на трудот зависат од сеопфатниот пристап кој дава квалитет, деостапност, интегрирани и координирани услуги, посебно кога се работи за станбеното прашање, здравството, приходите, образованието, вработувањето, социјалните услуги.[44]

Од 2008 година постојат два позитивни развоја поврзани со социјалната ОМК на ниво на ЕУ: најпрво, тука е развојот на редовниот форум за социјални услуги од општ интерес и извештајот на ЕУ што се занимава со моменталната состојба во земјите членки заедно со националните и актерите на ниво на ЕУ и ги истакнува клучните проблеми. Вториот развој е оној на доброволната Рамка на квлитет при ЕУ за социјалните услуги од општ интерес преку социјалната ОМК од страна на Европската комисија и Комитетот за социјална заштита, за што има надежи дека ќе припомогне во подобрување на квалитетот на овие услуги и да ја истакне почитувањето на правата и учеството на корисниците како меѓудисциплинарни принципи.[45] Овие две подрачја се сега клучен приоритет на Европската платформа против сиромаштијата во Стратегијата Европа 2020.

## Спроведување на принципите на ЕАПН во пракса

Во 2008 година ЕАПН заедно со своите членови разви заеднички пристап за активната вклученост, договарајќи се за клучните принципи со кои ќе се поддржи достапноста и квалитетот на услугите.[46] Овие принципи се надоградуваат на Препораките на Комисијата, повеќе истакнувајќи ја перспективата од дното нагоре. Во овој дел ќе илустрираме некои примери на добра пракса, понудени од членовите на ЕАПН, кои се приближуваат кон тоа да ги запазат овие принципи:

Принципи на ЕАПН за достапни и квалитетни услуги

1. Почит кон човечкото достоинство, сигурност и темелни права
2. Достапност, пристап и опфат на целните групи
3. Индивидуален,целосен и одржлив пристап
4. Вклучувачки и зајакнувачки
5. Одговорност, транспарентност и блиску до заедницата
6. Инвестирање во условите на квалитетно вработување за социјалните сервиси

со внатрешниот пазар и правилата на натпревар, овој Форум се одржа во 2007 година за време на португалското претседателство и во 2008 година за време на француското претседателство. Домаќин на третиот форум беше белгиското претседателство на ЕУ минатиот октомври 2010 година, на кој се расправаше за Годишниот извештај на Европската комисија за социјалните услуги од општ интерес.

[44]Како што истакнаа Хју Фрејзер, Ерик Марлие и Иде Нисез, „јавниот сервис и посебно социјалните услуги, што ги поддржуваат луѓето најоддалечени од пазарот на трудот, играат (или барем би требало да играат) клучна улога во помагањето на луѓето во приближување кон пазарот на трудот или, за оние за кои ова не е реална опција, да имаат достоинствен живот преку алтернативни форми на учество во општеството“.

[45]Предлог на Комитетот за социјална заштита за квалитетна рамка за социјалните услуги од општ интерес.

[46]ЕАПН, *EAPN Principles for Active Inclusion:Report of Active Inclusion Seminar*, мај 2008 година.

## 1. Почит кон човечкото достоинство, сигурност и темелни права

Сите услуги од општ интерес треба да се понудат на таков начин на кој со лицето се постапува со почит и да се почитува неговото право на пристап до истите услуги како и другите лица. Тие треба да ги одразуваат правата назначени во Повелбата за темелните права на ЕУ и во Европската конвенција за човечки права и фундаменталните слобиоди на Советот на Европа. Посебно, тие треба да ги почитуваат желбите на корисникот, без дискриминација во поглед на староста, инвалидноста, полот, сексуалната ориентација, расата, религиозните верувања и социјалното потекло. Нивното право на сигурна средина е и друга клучна потреба, посебно кога се работи за услуги на згрижување на децата, инвалидите и старите лица.

Човечкото право на такви услуги треба да биде транспарентно и да биде јавно познато. Доверливоста треба да се почитува, а да се примени независна процедура на поплаки, која ќе биде лесно разбирлива. Во случајот на лични социјални и здравствени услуги, треба да се очекува индивидуален и систематичен однос помеѓу понудувачот и корисникот, со кој се гради доверба и добра комуникација, темелена на почит.

## 2. Достапност, пристап и опфат на целните групи

Пристапот до социјалните услуги од општ интерес треба да е универзален, независен од богатството или приходите и не само за ранливите корисници. Тие мора да обезбедат пристап и достапност и да гарантираат дека и лицата со најнеповолна социо-економска положба можат да ги добијат. Квалитетните услуги треба да ја исполнат својата социјална цел и да ги почитуваат обврските на јавниот сервис како што е тоа изразено во Реформскиот Договор на ЕУ. Меѓутоа, проширувањето на внатрешниот пазар и влијанието на сегашната конкуренција и рамката на државната помош води до зголемена приватизација на услугите, често без почит за правата или почит кон овие обврски.

Зголемениот притисок за намалување на јавниот дефицит и трошоците за социјална заштита претставуваат дополнителна закана за универзалните услуги, што значи услуги со намален или лош квалитет. Ако обврските на јавниот сервис не се следат со големо внимание, голем е ризикот овие услуги да не бидат веќе достапни за луѓето со ниски приходи или за социјално исклучените групи, кои не ги исполнуваат условите и каде помагањето на овие групи е непрофитно.

Клучна група што е во опасност од исклучување се мигрантите, посебно непријавените мигранти и барателите на азил. Клучен принцип на квалитет мора затоа да биде тој, услугите да ги опфатат сите целни групи, посебно оние со најголема потреба – и дека секоја пречка во цен, географска пречка, физичка и други пречки за пристап до услугите, треба да се идентифицира и да се отстрани.

Треба да се даде појасна дефиниција за тоа што е достапно и за кого, на пример понудата на квалитетно згрижување на децата по ниска цена за самохраните родители со ниски приходи, кои сакаат да се вратат на работа или во образовниот систем, или транспорт за оние што живеат во оддалечени места, што може да претставува непремостлива пречка за враќањето на работа.

Неуспехот да се обезбеди пристап и достапност ќе ги ограниочи корисниците на услугите и ќе ја поткопа секоја квалитетна рамка, чија главна цел е да обезбеди квалитетни услуги за промоција на социјалната вклученост.

*Hungarian Interchurch Aid*, член на *Eurodiaconia* –Фондација *Velux*– Унгарија, обезбедување пристап до квалитетни услуги за децата и нивните семејства

Стратегијата на интервенција на проектот означува комлексен и интегриран пристап, кој е усмерен кон одржливиот развој на целната група, со решавање на нивните краткорочни потреби и овозможувајќи нивна долгорочна општествена реинтеграција: оваа стратегија се темели на две специфични цели: 1) Овозможувањето ефикасен третман во време на криза за најранливите деца, младината и нивните семејства и 2) поддржување на реинтеграцијата на децата, младите и нивните семејства во училиштата, обуките за професионална ориjентација и пазарот на трудот и им овозможува пристап до државните услуги.

**Тоа е 4-годишен проект со три главни центри (дневни центри, привремени засолништа и домови за реинтеграција), изготвувајќи непрекиден процес на социјална интеграција. Следниве услуги се нудат во праграмот**: поддршка при образованието и интервенција во време на криза, реинтеграција и мотивација на деца, поддршка при вработување и наоѓање работа, реинтеграција преку домовите за реинтеграција.

**На 31 декември 2009 година, 4037 лица биле вклучени во услугите на програмот од почетокот на проектот, што вклучува 10027 случаи. Привремено сместување е обезбедено за 711 лица, материјална помош за 1210 поединци. Гледајќи го влијанието на проектот на животите на децата, може да се потврди дека 69% од децата имале помалку или немале воопшто проблеми со одење во училиште, а 66% од децата** се промениле позитивно во поглед на однесувањето кон училиштето и во него.

Како резултат на 2-годишните активности, Министерството за социјални прашања и труд не само што почна да ги вклучува дневните центри и домовите за реинтеграција во сопственото министерство и да ги поддржува другите организации со слични услуги, туку исто така ја овласти Меѓу-црковната помош во Унгарија да го основи и управува Националниот семеен центар на привремено засолниште во Мишколц (една од локациите на проектот) на пет години, со цел да ги поврзе 110-те унгарски привремени засолништа, да собере искуства и резултати, создавајќи заеднички протокол и добри пракси и нудејќи совети во врска со промените во законските прописи врзани за активноста на засолништата.

Контакт: Клотилде Кларк-Фулкје, раководител во Евродиакониа, clotilde.clark-foulquier@eurodiaconia.orgwww.segelyszervezet.hu/index.php?option=com_content&view=article&id=1206&Itemid=296&lang=en

## 3. Индивидуален, целосен и одржливпристап

Луѓето што живеат во сиромаштија сакаат да бидат третирани како човечки суштества со индивидуални потреби. Ова може да се постигне преку силна заложба за индивидуален пристап

кон услугите со креирање договор помеѓу корисникот и понудувачот и со што се ствара обврска за постојана, долгорочна поддршка. Корисникот има право да одлучи за специфичните елементи на понудените услуги и да се откаже од нив кога сака. Услугите треба да се менуваат според нивните потреби – поради нивните променети животни услови (географски, здравствено, инвалидноста или едноставно поради самиот тек на животот).

Услугите исто така треба да имаат холистички пристап и да се усмерат кон целата личност. Тоа значи мултидимензионален пристап, кој обрнува внимание на меѓоодносот помеѓу различните потреби и интегрираниот одговор – нпр. во врска со станбеното прашање, вработувањето, професионалната обука, детската грижа и здравствените потреби. Ова бара услугата да се планира и координира заедно со другите сервиси, во интегриран, тимски пристап.

*The OSW Transitional Spaces Project*, Обединето Кралство, справување со невработеноста, бездомништвото и финансиската исклученост

Проектот е иновативен 3-годишен пилот-проект, кој им помага на 300 луѓе кои живеат во хостели и слични домови во Лондон и Тинесајд во пронаоѓањето работа, а потоа да се преселат во самостојни станови. Тоа е првиот модел на преселба и е финансиран од страна на Програмот инвестирање до штедење на Владата на ОК, на Фондацијата London Housing и спонзори од заедницата и локалните власти. Проектот им дава предност на луѓето што се блиску до пазарот на трудот и нуди лична поддршка за добивање работа и стан.

Проектот има 4 фази:

a. Работа на финанскиско вклучување: информации за штедење, водење на буџет, совети за управување со долгови и поддршка, отварање банковна сметка, учество во обуки, вклучувајќи работилници за финансиско вклучување, со вклучени стартни неповратни средства од 50 фунти на крајот на оваа фаза.
b. Работа на вработувањето – совети за барање работа, пресметки на она без што се може, совети за интервјуата кај работодавецот, препораки кај работодавците, поддршка при обуката и работата, вклучувајќи неповратни средства од 250 фунти при вработувањето.
c. Работа на изнајмување стан – помош во барањето стан, совети за бенефициите, вклучувајќи ја и проверката дали клиентот ги добил бенефициите кои му припаѓаат и поддршка за 6 месеци од преселувањето. Исто така се доделуваат и почетни неповратни средства од 1000 фунти.
d. Постојана поддршка – и во смисла на развој на кариерата и во поглед на изнајмувањето стан – вклучува планирање на активностите, поддршка во тек на активностите, постојана финансиска посрршка и управување со парите. На крајот од оваа фаза, луѓето добиваат нов дом, работа и неповратни средства од 500 фунти за завршување на проектот.

Проектот постигна значајни резултети, вклучувајќи и независни проценки – укажувајќи на силната поврзаност меѓу работењето и станбеното прашање, со резултат од 38 луѓе кои успеале да се преселат во сопствен дом или живеат со семејството или пријателите, а 32 луѓе со сопствен дом и работа. Според сопствената проценка на OSW, 30% од нивсе поранешни кршители на законот. Околу четвртина имаат осигурано работа со полно работно време и се преселиле во

приватно изнајмени станови.

Контакт: Деби Хилтон, OSW,debbiehilton@osw.org.ukили FEANTSA: www.feantsa.org
За да видите видео на проектот на OSWwww.crisis.org.uk/pages/osw-film.html

## 4. Вклучувачки и зајакнувачки

Кај сите социјални услуги од општ интерес, корисникот треба да биде активно вклучен во развојот и понудата на услугите, потврдувајќи дека се опфатени стварните постојани и менливи потреби на луѓето. На пример, што се однесува до струјата или горивата, важно е за луѓето со ниски приходи, кои се во ризик од губење на бенефициите или се во преголем долг, да се активноконзултирани за развојот и влијанието на услугите , за да се осигура дека понудувачите на услуги можат да ги исполнат своите обврски на универзални услуги. Регулаторните тела и на национално и на ниво на ЕУ треба да да го сфатат учеството на корисниците со ниски приходи како клучен елемент за обезбедување ефикасно снабдување. Во смисла на социјалните услуги од општ интерес, постојаниот личен однос, значаен за поддршката, бара постојана поструктурална вклученост. Личните социјални услуги треба да вклучуваат како клучна цел постигнување на автономија и јакнење на корисникот, што може да вклучува помош до корисникот во неговиот личен развој, на пример со помагање на лицето да заземе волонтерска позиција во истиот услужен сервис. Тоа значи дека услугата треба активно да го поддржува лицето да учествува во услугите и заедницата и бара зголемена самодоверба во сопствените сили и акции. Тоа исто така подразбира и развој на управувачка структура на активно учество во управувањето со услугите – вклучувајќи корисници како група способна да ги претстави своите барања и потреби од услугата.

Северна Ирска –*Toybox*

Проектот *Toybox* е основан од страна на организацијата *Early Years* и финансиран од Изврשниот одбор и *Save the Children* за 3 години во 2003 година препознавајќи ги нееднаквостите во здравството, образованието и благосостојбата што постои меѓу Преселниците и остатокот на популацијата во Северна Ирска. Преселниците се посебна етничка група и едни од најмаргинизираните и запоставените луѓе во ирското општество.После 2008 година, овој проект доби средства од одделот за образование и сега се финансира само од тие средства. Проектот *Toybox* е модел темелен на правата кој има за цел да се намалат социјалните и образовните нееднаквости што ги доживуваат децата на Преселниците, со помош на интервенциски сервис базиран на игра во соработка со децата и родителите. Тоа работи на подобрување на социјалниот, емоционалниот, физичкиот и сознајниот развој на децата на Преселниците во возраст од 0 до 4 години, како и на јакнење на капацитетите на нивните родители да го поддржат добробитието на своите деца и желбата да учат преку домашни посети, јакнејќи ги родителите да се вклучат во процесот на образование.

Екипа од девет службеници работат во осум географски подрачја низ Сецерна Ирска. Тие воспоставуваат врска со секое семејство и развиваат работно партнерство. Тие носат играчки и материјали за игра, активности кои се предизвик за способностите на секое дете и ги поддржуваат интересите и вештините кои тие ќе ги искажат, користејќи го моделот на голем опфат и примерите на родителите. Тие ги поддржуваат родителите во запишувањето на своите деца во предшколските установи и нудат социјална, емоционална и поддршка во учењето за децата во нивните први години во училиште.

Проектот е истакнат како модел на добра пракса. Тоа соработува со Одделот за образование и широкиот спектар на агенции. Проектот право Прирачник за добра пракса, во кој ќе се истакнат сите добри пракси од проектот*Toybox*. Неодамна е издадено CD од страна на *Early Years: Toybox.* Во него се гледаат многу позитивни искуства што родителите и децата ги имале во однос на раното образование. Тоа е дизајнирано како средство за да го обележи патот на образование од раѓањето до првата година.

Контакт: Early Years Organization, kathleeno@early-years.orgshirleyg@early-years.org; www.early-years.org/toybox/

Лично сведоштво*Exigo*, Шведска

EXIGO е проект воден во соработка со парохијата Ериксфалт, кој нуди три одделни поддршки за бегалци. Оваа посебна група се соочува со повеќе и комплексни препреки за учество во општествениот и професионалниот живот, како С., бегалец во градот Малме од БИХ, објаснува: „Кога стигнавме во Шведска сите бевме исплашени од нашите искуства за време на војната. Тогаш требаше да се приклучиме на реалноста, како ништо да не се случило. Услугите на интеграција се потребни за да се прескокнат овие бариери.“

Учесниците во EXIGO добиваат гарантирана парична помош преку социјалните надоместоци, одвоено од парите што ги добиваат за кирија. Темелено на сеопфатна перспектива што ги зема предвид индивидуалните потреби на луѓето, проектот нуди интегрирани услуги.

Пристап до психолошка помош е обезбедена за бегалците со симптом на трауматичен стрес, кои обично треба да чекаат 1.5 година за да добијат психолошка помош. Преку проектот, во соработка со Црвениот крст, времето на чекање е намалено на отприлика 3 месеци.

Проектот исто така им помага на бегалците во дефинирањето на нивните потреби со цел да се препознаат правите потребни услуги. Обезбедена е обука за учесниците, кои со тоа се здобиваат со професионално искуство и вештини, го подобруваат нивото на својот шведски јазик, својата самодоверба, како и своите социјални вештини.

Тие исто така имаат корист и од друштвените активности и програмите на промовирање на здравјето (јога, тао чи...) за да се релаксираат. Паралелно на тоа, групите за расправа им овозможува да ги споделат своите искуства, тешкотии и им дава пат на решавање на проблемите. После тоа, многу од нив се вработуваат на отворениот пазар на труд, способни целосно да учествуваат во општеството.

Контакт: Јоханес Јоргенсен/ЕАПН Шведска, Johannes.Jorgensen@svenskakyrkan.se

## 5. Одговорност, транспарентност и блиску до заедницата

Клучните социјални услуги како станбеното прашање и личните услуги не можат да се развијат одвоено од заедницата во која се нудат. Целта мора да биде да се промовираат општествено покохезивни заедници со пристап оддолу нагоре во развојот на заедниците, со кој се има цел да се вклучат заедниците  во развојот и понудата на нови и постоечки услуги. Во стварноста, ова значи пристап на активно партнерство, кое ги вклучува сите клучни играчи, а со тоа и корисниците (постоечки, идни или моментално исклучени корисници), локалните власти, здруженијата на закупци, работидавците и синдикатите во управувачкиот пристап на активна заедница. Управувањето на сите услуги од општ интерес треба да се спроведе на отворен и транспарентен начин, со јасно дефинирани, транспарентни упатства и методи на делување и правото на корисниците на информација, жалба и ангажирање во донесувањето на наведените услуги. Во однос на социјалните услуги, мора да постои одговорност не само кон поединците што ги користат, туку и кон локалната заедница што ги финансира услугите. Пристапот до податоци и информации е особено значаен, на пример за управувачките механизми, трошоците, добивката, во проценката на ефикасноста и ефективноста во понудата на услугите. Треба да се изврши

редовно следење и оценување, не само од страна на корисниците/понудувачите/работниците и одборот, туку и од страна на независни групи и одборот на заедницата, а треба да се обезбеди и квалитативна и квантитативна проценка на резултатите, имајќи ги предвид мислењата на сите вклучени.

Персонализирано управување според случаите темелен на теренска работа во Карвина, Чешка

Во урбаните подрачја на Карвина немаше доволно услуги за возрасните граѓани во тешка социјална положба (задолженост, ризик од губиток на куќата, долготрајна невработеност) и лоша поддршка во системот на социјални бенефиции. Се започна со програм во заедницата и тој беше финансиран од 2009 година од Европскиот социјален фонд.

Целта на проектот беше да се оспособат корисниците да управуваат со парите, да се извлечат од долговите, да најдат трајно место на живеење (со легален договор) и да се здобијат со редовни приходи.

Програмот во заедницата делува преку редовна социјална теренска работа. Активностите вклучуваат социјално советување и социо-терапевтски активности (курсеви за компјутери, естетичка и декоративна работа, шиење, готвење, печење и сервирање).

Теренските работници пружаат редовна поддршка на корисниците со програмот на теренска работа и низ остварување на теренската работа (со посети на корисниците во нивните станови во запуштените подрачја), тие гледаат да ја намалат заканата од сиромаштија и социјална исклученост.

Резултати: за време на траење на проектот од 2009 година, теренските социјални работници направиле 962 интервенции (консултации со корисниците со траење од 30 минути и повеќе) и 1674 контакти (средби со корисниците со траење од 10 минути).

Преку оваа редовна работа, теренските работници успеаа да ги оспособат корисниците да постигнат до 50% од нивните 253 лични цели.

Контакт: Клотилде Кларк-Фулкје, службеник во Eurodiaconia, clotilde.clark-foulquier@eurodiaconia.org

## 6. Инвестирање во условите на квалитетно вработување за социјалните сервиси

Во многу организации, линијата помеѓу платениот и неплатениот персонал е често нејасна. Постојана карактеристика, меѓутоа, е ниската вредност што ѝ се придава на работата на социјалните работници, што првенствено ја работат жените и често од страна на мигрантите (вклучувајќи ги и нелегалните мигранти). Иако обучувањето и сеживотното учење и обука за сите работници и помагачи е од витално значење, треба да се направи повеќе за да се ценат постоечките знаења и да се инвестира во добри услови за работење и плати за овие услуги, како основна поддршка за професионалните услуги на грижа, поткрепувајќи ја со тоа иднината на социјално покохезивно општество.

## Каков напредок е постигнат?

ЕУ се залага за либерализација

Клучен двигател на пристапот на ЕУ кон услугите е политиката на ЕУ за внатрешниот пазар, а либерализацијата на секторотдобива сеевропска димензија (енергијата, телекомуникациите...). Европската комисија смета дека треба да се вложат напори за отстранување на пречките за услугите, што доведе до Директивата за услуги во 2006 година, за која имаше доста расправи. [47] Таа не се однесува на не-економските услуги од општ интерес (нпр. формалното образование).Здравствените услуги и некои социјални услуги брзо беа исклучени од нејзиниот домет, но формулацијата за исклучување на социјалните услуги остави двојби за тоа колку можат тие сосема да се исклучат.[48]

Се даде приоритет на ширењето на внатрешниот пазар за услугите, активно промовирајќи либерализација и приватизација дури и на основните услуги, често на штета на социјалните права. Социјалните услуги се особено ранливи. Овој сектор се соочува со растечка конкуренција со влегувањето на приватните компании, а мултинационалните во локалните и соседските услуги, што доведе до зголемена поделба на социјалните услуги. Овие трендови влијаат негативно на нивото на субвенциите, како и на квалитетот на понудените услуги.

## Влијание на економската криза

Во проценката на Извештаите за националните стратегии на ЕАПН од 2008 година, членовите на ЕАПН истакнаа дека кога се работи за прашањата на услугите, нема многу насоченост или јасна поврзаност со Стратегијата за активна вклученост.[49] Некој напредок се постигна во подобрувањето на пристапот до нпр. сулугите за енергија или станбените и здравствените услуги, но немало доволно финансиски средства за да се постигнат целите и имало недостаток на кохерентност за развојот на услуги, посебно социјалните услуги. Во таа смисла, членовите ја истакнаа улогата на соработка на агенциите, што е до големо значење за обезбедување на интегрирани услуги за справување со мултидимензионалните потреби за услуги на луѓето што живеат во сиромаштија.

Резовите во јавните буџети како дел од мерките за штедење, преземени после економската криза, доведоа до значајни резови во јавните услуги. Многу ЕАПН членови тврдеа декацените на основните услуги останале високи или и се покачиле, посебно енергијата, здравството или цените на комуналиите.[50] Јавните власти се одговорни за овие покачувања, или поради недостатокот на регулирање на приватизираните услуги или затоа што самите директно го покачиле курсот на своите услуги.

---

[47]*Looking back and looking ahead, the implication of the Services Directive for EAPN*, 2008.

[48]Земјите членки треба да ги преземат во националните закони до 28 декември 2009 година. Од почетокот на 2010 година започна „процес на заедничка проценка“ со земјите членки за разгледаните национални мерки, проследено со Консултации на инволвираните страни.

[49]ЕАПН, *Building Security, Giving Hope* – EAPN Assessment of the National Strategic Reports on Social Protection and Social Inclusion (2008-10), 30 ноември 2008 година.

[50]ЕАПН, *The Social Impact of the Crises and of the Recovery Package*, декември 2009 година.

## Нови можности на ниво на ЕУ

Лисабонскиот договор и Стратегијата ЕУ2020 нудат две можностиза гарантиран пристап до квалитетни социјални услуги како основен фактор на обезбедување посигурно, кохезивно и интегрирано општество.

Лисабонскиот договор треба да се гледа како јасен мандат за институциите на ЕУ да смислат посеопфатна рамка за услугите од општ интерес, со што треба да им се даде првенство на социјалните права пред меѓународниот пазар, гарантирајќи го правото на сите да имаат пристап додостапни, квалитетни јавни услуги, кои се основни за достоинствен живот, вклучувајќи здравство, образование и целоживотно учење, стан/сместување, услуги на нега[51], а што ќе и овозможи на земјите членки да наметнат обврски.

Во Европа 2020, во столбот за вклучувачки раст, промовирањето на социјалните иновацииза најранливите и предлогот за промовирање подобар пристап до системот на здравствена заштита дава позитивна точка, која би требала да го балансира залагањето за остварување на „еден отворен пазар“. Земјите членки назначија дека пристапот до високо квалитетни услуги за сите е приоритет, посебно во подрачјето на здравството и долгогодишната грижа и станбеното прашање, осигурувајќи одржливо финансирање на социјалните услуги и квалитет на интервенцијата.

Промовирање на активната вклученост преку клучните основни услуги[52]

- ✓ Стан
- ✓ Здравство
- ✓ Финансиска вклученост
- ✓ Енергија

Право на стан

„За да имам стан, ми треба работа – а јас немам работа.“
„Нема доволно куќи, а цените на изнајмување можат да ги направат луѓето бездомници.“
„Кириите се навистина превисоки и нема доволно социјални станови.“

Пристапот до соодветен стан треба да се гледа како предуслов за постоењето на многу основни права. Наоѓањето сигурен, достапен и квалитетн дом за достоинствен живот и за целосно да се

---

[51]Членот 14TFEU нуди нова легилаторна надлежност на Европскиот парламент, во однос на јавните услуги, преку поставувањето принципи и услови, гарантирајќи остварување на мисијата за јавни услуги во ЕУ. Протоколот за услугите од општ интерес (бр.26) е поставен од перспектива на корисникот, бидејќи дава дефиниција на обврската на јавниот сервис (иако не го именува така): „високо ниво на квалитет, сигурност и достапност, еднаков третман и промовирање на универзалниот пристап и правата на корисникот“.
[52]Сите наводи во овој дел се од луѓе што живеат во сиромаштија.

учествува во општеството, како и основа за луѓето да ги остварат своите потенцијали на пазарот на трудот.

Правото на стан е прогласено за основно право од голем број интернационални и правни инструменти на ЕУ. На ниво на ЕУ, помошта за остварување на правото на стан беше вклучено во Повелбата за фундаменталните права.[53]

Пред кризата, забрзаниот раст на станбените трошоци и постотокот на достапниот приход на луѓето што им треба за плаќање на станот, стави огромен притисок на финансиската и личната ситуација на луѓето со најниски примања, но и на оние со највисоки. Кризата ја зголеми сиромаштијата, а значајно ја влоши состојбата на исфрлање од становите.[54] Повеќето земји развиваат мерки за справување на бездомништвото со зголемено сеопфатен пристап. Сепак, непостоењето на заеднички податоци[55] и работна дефиниција на бездомништвото[56], прават тешкотии за утврдување на нивното право влијание, а ефикасни мерки за борба против бездомништвото сé уште нема.

Во Австрија, достапните станови и помошта за бездомните лица се меѓу клучните мерки во Австрискиот национален стратегиски извештај. Ова вклучува мерки за превенција од исфрлување од становите: „да се справи со бездомништвото на самиот негов извор“. Примарната цел на помошта на бездомните лица е да се стабилизира социјалната ситуација на бездомникот и да им се дозволи враќање во независниот живот што е можно побргу. Широк спектар на услуги – од теренската работа, дневните центри, хостелите за итна потреба и привремените домови до социјално потпомогнати форми на живеење – е овозможено од страна на регионите.

Пристап до здравствени нега – справување со нееднаквостите во здравството

„*Здравствената нега кошта цело богатство. Сиромаштијата ги оболува луѓето*.“
„*Има многу добри болници во градот, но треба да му платите на докторот во готовина за да се лекувате*.“

---

[53]Новиот член 34-3 од повелбата за фундаменталните права тврди: „Со цел да се бори со социјалната исклученост и сиромаштијата, Унијата ги препознава и почитува правата на социјална и станбена помош, како би се обезбедил достоинствен живот за оние на кои им недостасуваат средства, во согласност со процедурите зададени од националните закони и пракси.“

[54]Како што е истакнато со Заедничкиот извештај за социјална заштита 2010 година, „*справувањето со исфрлање од становите и бездомништвото затоа бара интегрирани политики, што ја комбинираат финансиската помош на поединците, ефикасната регулатива и квалитетните социјални услуги, вклучувајќи стан, вработување, здравство и услуги на благосостојба*“ и исто така да се соочи со моменталниот тренд за приватизација на пазарот на станови.

[55]Поставувањето на заеднички опказатели договорени од 2009 година, што се однесуваат на трошоците за стан, пренаселените домаќинства и квалитетот на становите, ќе помогне да се направи напредок на ова подрачје.

[56]Европската типологија на ННЕ, наречена „ETHOS“, а направена од FEANTSA, ги класифицира луѓето според нивната животна ситуација. Има 4 терминолошки категории: без кров над глава (беа никакво засолниште, спиење на отворено); без дом (има каде да спи, но моментално е во некоја институција или засолниште); живее во несигурен дом (под закана од тешка исклученост, како резултата од несигурна кирија, исфрлување, домашно насилство); и живее во неадекватни стнбени услови (во приколки на нелегални камп-места, во несоодветни простори, во екстремно пренаселени простории).

Социо-економските фактори, како што се животните услови, образованието, професијата и приходите се клучни фактори што ги влошуваат нееднаквостите во здравството. Комисијата истакна во своите Известија за намалување на нееднаквостите во здравството[57], како разликите во животните и работните услови и во пристапот до јавните услуги резултира со јасна социјална хиерархија во здравствениот статус во нашите општества, што го загрозува економскиот раст и социјалната кохезија во ЕУ. И покрај тоа, буџетската консолидација преземена од страна на земјите членки во рамки на економската криза прави преголем притисок на здравствените буџети. Според мислењето на Комитетот за социјална заштита (2010)[58], успешните здравствени политики треба да имаат за цел да обезбедат пристап до квалитетна здравствена нега за сите, независно од нивното социо-економско потекло. Треба исто така да се насочат кон развивање специфични политики за подобрување на здравјето на сиромашните и социјално исклучените луѓе, преку сеопфатен и холистички пристап, со фокус на нагорните фактори (општите животни услови, политиката на приходи) и на надолните фактори (изложеност на специфични ризични фактори и ризични стилови на живот), како клучни социјални детерминанти за здравјето.

На ниво на земјите членки, не е доволно нагласено намалувањето на нееднаквостите во здравството, вклучувајќи ја забната нега, во смисол на достапност, посебно во однос на наплатувањето во моментот на започнување, но исто така и на намалување на дискриминацијата во пристапот и квалитетот на услугите за специфични целни групи. Досега, недостасуваат национални акции за намалување на нееднаквостите во здравството во повеќето земји членки на ЕУ.

Во Романија: Извештајот за националната стратегија вклучува анализа на националната стратегија за здравство и долгорочна нега, поддржувајќи ја неформалната нега, модернизирајќи ја инфраструктурата и вклучувајќи ги корисниците во развојот и спроведувањето на програмите во заедницата како среднорочен приоритет. Овие планови треба да обезбедат достапни и квалитетни здравствени услуги и одржливост на здравствениот сектор, кој е загрозен со трендот на префрлање од директните инвеститори во негата или здравственото осигурување на финансирање од страна на корисниците.

## Финансиска вклученост

„Финансиската сиклученост е глобален проблем! Ние сакаме вклученост.“
„Сé додека постои финансиска исклученост, нема да постои достоинство.“
„Ако немате банковна сметка, не можете да изнајмите куќа.“

Се смета дека околу 100 милиони луѓе во Европа трпат некој облик на финансиска исклученост. Во пракса, таквата ситуација води до големи тешкотии за добивање не само работа, туку и некои клучни јавни услуги (социјална помош, енергија и дом), кои се основни за достоинствен живот. Во Известието на Европската комисија за финансиската исклученост, се вели дека справувањето со

---

[57]COM 567 финално, *Солидарност во здравството: намалување на нееднаквостите во здравството во ЕУ*, 20 октомври 2009 година.
[58]SPC/2010/5/4 финално, Мислење на Комитетот за социјална заштита, *Солидарност во здравството:намалување на нееднаквостите во здравството во ЕУ*, 4 мај 2010 година.

финансиската исклученост бара поседување на банковна сметка.[59] Марио Монти во неодамнешниот извештај на EESC предложи: „треба да се преземе нова регулатива на основа на новиот член 14 TFEU, обезбедувајќи дека сите граѓани имаат право на одреден број на банковни услуги.“[60]Но, ЕУ треба да го надмине и тоа, обезбедувајќи пофер кредитирање и пракса на позајмици и да се справи со задолженоста.[61] Првиот чекор преземен од страна на некои земји членки (како што се Унгарија и Малта) е да се спроведе студија за да се одреди обемот на проблемот и со кои мерки може да се постигне најголем ефект за борба против проблемот на лоши позајмици, изнудувања и задолженост. Важно е да се прифатат искуствата на социјалната економија или непрофитабилните иницијативи (како што се кредитните унии, етичките банки), кои се развиени во некои земји членки (ОК, Австрија, Холандија), пополнувајќи ги празнините оставени од страна на главните финансиски понудувачи на услуги. Ова се покажа особено важно за развојот на нагорните, партиципативните пристапи, базирани на потребите на луѓето што се социјално исклучени (нпр. водејќи до посилна финансиска образованост и избегнување на презадолженоста).

## Пристап до енергија за сите

„Цените на енергијата се сé уште високи. Енергијата е потреба, а не предност.“
„Често мораме да бираме помеѓу греењето и јадењето.“
„Пристап до енергијата за сите ќе биде гарантиран кога јавната социјална заштита и добавувачите на енергија ќе почнат да работат заедно.“
„Достапни се многу обновливи енергии – сончева енергија, енергија од водата итн. – но тие се многу скапи, а владите не сакаат да го извршат својот дел од работата.“
„Децата немаат греење во зима, живеат во нездрави услови.“

Иако не се достапни бројки за цела Европа, се проценува дека од 50 до 125 милиони луѓе живеат во енергетска сиромаштија. Тоа треба да се смета за напад на фундаменталните права на човекот, оневозможувајќи му социјална и економска интеграција. Во однос на некои основни услуги како енергијата, некои земји имаат пресметано што треба да се прифати како достапна цена на енергијата, нудејќи дефиниција на енергетската сиромаштија каде што се смета за неприфатливо кога луѓето треба да потрошат повеќе од 10% од расположливиот приход за греење или осветлување на домот (нпр. во ОК). Третиот енергетски пакет усвоен во јуни 2009 година им наложи на земјите членки обврска за намалување на енергетската сиромаштија со поставување на национален енергетски акционен план, што треба да содржи мерки за справување со енергетската сиромаштија. Меѓутоа, овие обврски моментално не се спроведуваат. Успешните

---

[59]Одговор на ЕАПН на Консултацијата на Европската комисија, *Обезбедување пристап до основна банковна сметка*, 6 април 2009 година, темелено на Европската комисија, *Финансиска исклученост: обезбедување пристап до основна банковна сметка*, Консултациски документ 6 февруари 2010 година.
[60]Марио Монти, *Нова стратегија за единствениот пазар: на услуга на европската економија и општество*, извештај на претседателот на Европската комисија Хозе Мануел Барозо, 15 мај 2010 година.
[61]Заеднички одговор на РФА, ЕЦДН, ЕАПН и други на статијата на Европската комисија *Одговорно позајмување и задолжување во ЕУ*, темелено на консултацискиот документ на Еропската комисија *Одговорно позајмување и задолжување во ЕУ*, 15 септември 2010 година.

стратегии треба да прифатат 3 клучни фактори (ниски примања во домаќинството, високи и растечки цени на горивата и висока потрошувачка како резултат на енергетската неефикасност.[62]

Во Белгија, значаен чекор напред беше препознавањео на потребата да се обезбеди пристап до енергија за сите – во склоп на анализата на потребите на едно домаќинство. Ова ја рефлектира добрата работа што ја врши кампањата за енергија и сиромаштија во изминатите 10 години, која извојува значајни победи, вклучувајќи ги и минималните гаранции на услуги, рестрикција на исклучување од горивата, право на претплаќање за еднаква цена.

Работна група за енергија и сиромаштија во Фландрија (Белгија)

Работната група започна во 1999 поради големо огорчение поради исклучувањата на струја и плин (греење) за сиромашните семејства.На темел на искуствата на сиромашните луѓе, беше изготвена протестна нота до фландриската регионална влада. Секој месец се одржува состанок на 40 до 50 луѓе, повеќето од кои се сиормашни луѓе што доаѓаат од локалните здруженија за борба против сиромаштијата во Фландрија.Работната група сака конкретни решенија за проблемите со енергијата. Затоа, повеќето акции се усмерени на креаторите на политики и одговорните јавни служби. Со редовни акции се информира јавноста за проблемот. Сиромашните луѓе се присутни и земаат активна улога на сите нивоа на иницијативите и состаноците. На пример, работната група организираше програм за обука за негативните пропратни ефекти на легислативата. Обуката ја вршат професионалци, но секогаш заедно со сиромашните луѓе, кои се членови на работната група.

Кога се објави либерализација на пазарот на енергија во 2011 година, Фландриската влада одржа состанок со работната група. Препораките што се предложија во голема мерка беа законски прифатени. Се зголемија социјалните тарифи и автоматски се имплементираа за погодените категории. Работната група избори договор дека социјалната максимална тарифа треба да биде поставена на половина на тарифата на најевтиниот дистрибутер на пазарот. Се постави и федерален правобранител за да се занимава со сите поплаки. Зимскиот период, со забрана на исклучување од струја или плин, беше продолжен. Капацитетот на буџетните бројачи беше зголемен од 6 на 10 ампери. Во 2007 година, со усвојување на декретот, терминот „неволност“ во однос на неможноста да се плати сметката за енергија, беше укинат од законот и моќта на енергетските компании да ги исклучат домаќинствата од струја и плин беше ограничена на 9 специфични и добро опишани ситуации.

Контакт: Лудо Ореман/Белски ЕАПН, ludo.antwerpen@gmail.com

[62]Види ги препораките на ЕАПН во *Работен докуметн на ЕАПН за енергетската сиромаштија*, 19 мај 2010 година.

**Препораки**

На ниво на ЕУ

- Да се донесе регулатива за услугите од општ интерес (темелена на членот 14 TFEU) и одделни директиви за социјалните и здравствените услуги, да се гарантира правото на пристап до достапни и квалитетни јавни услуги за сите: здравство, образование и целоживотно учење, стан/сместување, услуги на нега, како и вода, плин и струја.
- Да се спроведе независна проценка на социјалното влијание од либерализацијата на обврските за јавен сервис (вклучувајќи ја проценката на националните фактори преку партиципативни форуми), која треба да ја изврши Комитетот за социјана заштита и Европската платформа против сиормаштијата и нивните заклучоци да се прифатат од EPSCO.
- Следење и давање препораки за подобрување на еднкавоста на пристап до сите клучни услуги од општ интерес преку Националниот акциски план за вклученост и социјалната ОМК и водечката Платформа против сиромаштија.
- Да се препознае финансиската вклученост како услуга од општ интерезс со донесување законска рамка за гарантирање на правата на достапна банковна сметка и фер банкарски и кредитни услуги.
- Нееднаквостите во здравството да се направат приоритетна тема за социјалната ОМК и за водечката Платформа против сиромаштијата, за да се напредува во поглед на податоците, показателите и политиките, овозможувајќи пристап за сите до достапни и високо-квалитетни здравствени услуги, посебно при започнувањето, независно од социо-економското потекло. Да се обезбедат специфично усмерени оплитики за подобрување на резултатите во здравството за сиромашните луѓе и социјално исклучените.
- Да се спроведе Националниот акциски план за намалување на енергетската сиромаштија придржувајќи се до барањата на Енергетскиот пакет за енергеткс сиромаштија, за да се обезбеди пристап до енергија за сите и да се намали енергетската сиромаштија преку интегриран пристап до приходите, достапни цени и намалување на потрошувачката преку енергетска ефикасност.
- Да се донесе заедничка ЕУ дефиниција за енергетската сиромаштија и заедничка стратегија поврзана со примелива Повелба за правата на корисниците на енергија.

За социјалните услуги од општ интерес

- Да се воспостави ефикасна рамка за квалитетен стандард во ЕУ за социјалните услуги темелена на квалитативните принципи од перспектива на правата на корисниците.

## 4). Вработување: поддршка на луѓето за пронаоѓање пристојна работа

Вовед

Третиот од трите взаемно поддржувачки столба на Стратегојата за активна вклученост се вика „вклучувачки пазарна трудот“, а неговата цел е да поттикне на стварање патишта,

персонализирани пристапи за луѓето кои сакаат да се интегрираат на пазарот на трудот, за да било кој може соодветно да се поддржи при пронаоѓањето на пристојно и одржливо вработување. Оваа стратегија беше креирана со цел да се ублажат агресивните програми на активација, што се залагаат за „работа прво“ и делуваат воглавно со зголемени санкции и условеност за бенефициите, нудејќи неквалитетни и неизвесни работни места, без предвид за комплексните ситуации на човекот и индивидуалните пречки за вработување и учество во општеството.

Пристапите на активно вклучување го истакнуваат учеството во општеството, или преку квалитетно враотување, во согласност со личните околности и професионалната обука на човекот, за оние што можат да работат, или со обезбедување средства за придонес кон нивните локални заедници, за оние што не можат да работат – преку примерени примања и пристап до квалитетни услуги. Работата не може да се дефинира само преку поимите на продуктивност и компетитивност, туку исто така и како средство за вклучување и интегреација во општеството, начин да се исполнат личните соништа и очекувања, можност да се придонесе и да се учествува во општеството.

Има многу теренски сведоштва за зголемениот притисок и негативната условеност наметната на луѓето што се веќе сиромашни, во смисла на намалување на работната понуда.[63]Активациските политики се намножија во последните години, со цел да ги „поттикнат“ невработените на работа, преку обука и советување, но исто така и преку присила и санкции за бенефициите. ЕАПН неколкупати ги осуди ваквите казнувачки пристапи, посебно во контекст на сокудната понуда на работни места.[64]

Последните мерки врзани за вработувањето не ги земаат потполно во предвид клучните прашања, како што се квалитетот на работното место, улогата и пристапноста на услугите, нпр. на детското згрижување во установи и потребата од индивидуален пристап кон пазарот на трудот. Ова е илустрирано во пристапот опишан во Заедничкиот извештај за вработување во контекст на новата Стратегија Европа 2020 и последното Истражување за годишниот раст.

Стратегиите на вработување во земјите членки се сé уште поткрепени со пристапот „да се исплати работата“, наместо да се обезбеди интегрирана, индивидуална поддршка и услуга на советување, поткрепена со проценка на потребите, извршена на основа на секој поединечен случај. Пречесто, главниот пристап на јавниот сервис за вработување е „едната величина одговара за сите“. Иако се преземаа неколку важни чекори за да се подигне прегледноста и меѓусебното учење за промовирање на Препораките на активната вклученост, сé уште не постои кохерентен план со кој ќе се обезбеди ефикасна имплементација на ниво на ЕУ и на национално ниво, како што покажува нализата на политиките на вработување на двете нивоа. Делов што следи ја истражува подлабоко ситуацијата на самиот терен.

Од политика до имплементација

Принципите на активна вклученост за развивање на вклучувачки пазар на трудот изгледа дека не се прифатени во политиките за вработување на ниво на ЕУ или на национално ниво. На

---

[63]ЕАПН – *Is the European Project Moving Backwards? The Social Impact of the Crisis and of the Recovery policies in 2010*, февруари 2011 година.
[64]*Response to the Draft Joint Employment Report 2010,* 20 февруари 2011 - *Response to the Flagship Initiative Agenda for New Skills and Jobs*, 11 мај 2011 година.

Стратегијата за активна вклученост, која нуди пристап до вработување и става нагласок на квалитетни работни места (како и обезбедување на примерени примања и пристап до услуги), ѝ е дадено многу малку место во најновите предлози за вработување на Европската комисија.

Пакетот за економско закрепнување, објавен во ноември 2008 година, не се повикува на Стратегијата за активна вклученост. Наместо тоа, политиките на активен пазар на трудот се промовирани како одговор на растечката невработеност. Соопштението на Европската комисија со наслов Заедничка заложба за вработување, објавена во јуни 2009 година, после Самитот за вработување, истакнува дека потребата за имплементација на интегрираните пристапи предложени во Стратегијата е „поголема од кога и да е“, но принципите не се водечки во текстот и не се прикажани на сеопфатен начин.

Во поновите документи, предлогот на Комисијата за Стратегијата Европа 2020 не содржи упатувања за Активната вклученост или за вклучувачките пазари на трудот. Ова се однесува исто така и за Испитувањето на годишниот раст и неговиот додаток, Извештајот за напредокот на Европа 2020.

Активната вклученост е јасно поддржана во Заедничкиот извештај за вработување, но е ограничена на политиките за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, без соодветно да се вклучи во политиките за вработување и пазарот на трудот. Потребни се поспецифични препораки за да се гарантираат усмерените напори за поддршка на специфичните групи во наоѓање кавлитетни, одржливи работни места и со тоа промовирајќи ги патиштата за вклученост. Интегрираните пристапи на активна вклученост мора исто така силно да се нагласат во Упатсвата 7 и 8.[65]

Квалитетот на работните места и вработувањето се сериозно погодени со неодамнешните случување, што се однесуваат на платите. Истражувањето за годишниот раст експлицитно предлага заздравување на јавниот дефицит преку намалување на платите. Во скоро време, шефовите на држави и владите се договорија со Пакт за реформа на стабилност и растот и со Пактот Евро плус, кои исто така се залагаат за намалување на платите, преку поврзување на трошоците по единица работна сила со продуктивноста и охрабрувајќи раздвојување на платите од инфлацијата. Овие одредби ја поткопува почитта за националниот механизам за колективно преговарање, а резултира со зголемување на сиромаштијата на вработените, со резови во нивото на стварните надници. ЕАПН многу јасно ја изрази својата загриженост поради ова и на EPSCO и на Пролетниот совет.[66]

На национално ниво, членовите на ЕАПН известуваат дека владите и понатаму продолжуваат да спроведуваат тесногради активациски стратегии, наместо да инвестираат во пристапите на активна вклученост и стварањето на вклучувачки пазар на трудот, отворен за сите и кој нуди

[65]http://ec.europa.eu/eu2020/pdf/Brochure%20Integrated%20Guidelines.pdf . Упатството 7 е „зголемено учество на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност“, а Упатството 8 е „развивање на стручна работна сила за потребите на пазарот на трудот, промовирање на квалитетни работни места и целоживотно учење“.

[66]Види го писмото на ЕАПН до EPSCO од 7 март, 4 март 2011 – и писмото на ЕАПН до Пролетниот Совет 24-25 март, 22 март 2011 година.

одржливи можности за секого. Потенцијалот на пристапот на учество во општеството исто така не е искористен.

Извештајот на ЕАПН за Националните програми на реформи од 2008 година[67] го истакнува недостатокот на заложба од страна на владите за ефикасно воведување на принципите на активна вклученост. Извештајот исто така го подвлекува недостатокот на строга проценка на вистинското влијание од зголемената условеност и санкции кон сиромашните и социјално исклучените луѓе. Поддршката за наоѓање работа е често само делумен потфат, не сеопфатен, а често не ги опфаќа оние што се најоддалечени од пазарот на трудот и не покажува доволно грижа за квалитетот на понудените работни места.

Ситуацијата е слична во Извештајот за националните стратегии од 2008 година.[68]Стимулирањето на вработувањето на специфични групи има приоритет пред дтварањето вклучувачки пазар на трудот и индивидуална поддршка, а голема загриженост е истакната до страна на членовите на ЕАПН во врска со површинскиот ефект, што се однесува само на оние најблиску до пазарот на трудот, како и повторно, за квалитетот на понудените места. Членовите се исто така загриженидека недостасува вистинско разбирање и волја да се обезбедат средства за надминување на пречките за вработување на луѓето во неповолна положба.

И на крај, моменталната криза ги истакнува новите предизвици, многу од кои се поврзаи со намалената понуда на работни места. Според сведоштвата собрани од членовите на ЕАПН,[69] повеќето земји членки преземаат итни чекори според плановите за економско оправување, за да ги заштитат постоечките работни места и да промовираат пристап до нови подрачја на вработување.

Меѓутоа, многу од створените работни места се на привремен рок, со лоши услови и често во неодржливи индустрии. Работните места што се штитат често доаѓаат со намалени плати, не секогаш надополнети со социјална сигурност. Нагласокот продолжува да се става на одговорноста на поединецот и на одземање на бенефициите, наместо на поддржување на луѓето во пронаоѓање квалитетна работа, која на крајот ќе ги отргне од сиромаштијата. Постои забележителна деградација на работните услови, како и зголемена тенденција на намалување на платите.

Згора на тоа, некои членови укажуваат на зголемена флексибилност и несигурност на пазарот на трудот, каде што отпуштањето и вработувањето се многу лесни за компаниите, без сигурносни механизми и без потребната сигурносна мрежа.

Овој загрижувачки поглед и на ниво на ЕУ и на национално ниво покажува дека има уште многу работа за да се оствари Стратегијата на активна вклученост во смисла на пристап до квалитетни работни места. За да придонесе кон оваа расправа, ЕАПН разви свои критериуми, кои се

---

[67]ЕАПН, Резултат од социјалната вклученост – Одговор на ЕАПН на Извештајот од 2007 за националната имплементација на ревидираната лисабонска Стратегија, Главен извештај, 15 јануари 2008 година.
[68]ЕАПН; Градење сигурност, давање надеж – Проценка на ЕАПН на Извештајот за националните стратегии за социјална заштита и социјална вклученост (2208-10), 30 ноември 2008 година.
[69]ЕАПН, Дали европскиот проект се движи наназад? Социјално влијание на кризата и на пакетот за оправување во 2010, февруари 2011 година.

надоградуваат на принципите поставени од страна на Европската комисија во Стратегијата за активна вклученост.

Принципи на ЕАПН за пристојната работа и целосно учество во општеството

i. Позитивна општествена активација темелена на човековите права
ii. Индивидуализиран пристап, по мерка на поединецот и повеќедимензионален
iii. Долгорочна поддршка за одржливо, квалитетно вработување
iv. Одржлива и адаптирана работа со почит кон потребите на луѓето
v. Поддржување на целоживотното учење, а не само на работата
vi. Заедничка интегрирана, не-дискриминаторска услуга, темелена на партнерство

## i. Позитивна општествена активација темелена на човековите права

Појдовната точка за етичкото креирање на политики, во вработувањето како и во другите подрачја, треба да биде почитта кон човечкото достоинство. Ова право е содржано во Договорот на ЕУ, во Универзалната декларација за човековите права, а сега е и законски обврзувачко според Лисабонскиот договор преку Повелбата на ЕУ за фундаменталните права. Оваа претпоставка треба да доведе до пристапи, што ги третираат луѓето како вредни човечки суштества, а никогаш само од перспектива на инструмент, само од нивната корисност за економијата.

Ефикасна стратегија за општествена активација треба да се фокусира на потребите на поединецот, неговите желби и способности. Овој пристап ја препознава менливоста на потребите на човекот во текот на неговиот живот и се справува со специфичните пречки на одредена клучна група – мигранти и етнички малцинства вклучувајќи ги и Ромите, жените, самохраните родители, луѓе со инвалидност или здравтсвени потешкотии, но исто така и оние што трпат долготрајна невработеност и сиромаштија и луѓе со повеќе проблеми, како што се бездомниците.

Позитивна активација треба да се изгради со визија на надеж за луѓето и општеството. Центарот на внимание на активациските политики треба да биде развивањето начини за општествено вклучување и за целосно учество во општеството.

Крајната цел на активацијата е општествена вклученост и професионална мобилност, преку поддршката на луѓето за подобрување на нивните вештини и компетенции, нивното физичко и ментално здравје, остварувањето друштвени контакти, подобрување на нивното учество и активно граѓанство. Таквиот пристап кон активацјиата е инвестирање во хуманите, социјалните, психолошките и културните ресурси, а го гледа пазарот на трудот како елемент за промовирање на општествена интеграција во поширока смисла.

Овој пристап енужно потребен, за да се спротивстави на сегашните стратегии, усмерени на постоечките работници, за кои се мисли дека најлесно ќе бидат вработени. Инаку, овие стратегии ќе створат длабока поделености двослојно општество, во кое ќе се разликуваат оние што можат

од оние што не можат да се вработат, отфрлајќи ги луѓето за кои се смета дека не се корисни за општеството.

Работна методологија на целосна рехабилитација (Норвешка)

Тим е млад човек, кој пател од депресии и стравови со години, чиј единствен спас било свирењето гитара. Единствената поддршка што ја добил била медитацијата. Кога се запознал со волонтерот, кој работел за организацијата *Total Rehab* , конечно имал успех со индивидуалното советување и поддршка. Волонтерот је разбирал неговата страст за музика и преговарал во негово име со социјалните служби, за да добие приходи, додека пробува да најде работа во порачјето кое го интересира. Тој добил бенефиции на социјалната заштита, депозит за куќа и пари за кирија, како и покриени трошоци за кола, бидејќи неговата состојба му пречела да го користи јавниот превоз. Денес, Тим има своја компанија, држи часови за гитара и работи во музичко студио. Ова никогаш немаше да се постигне да немаше индивидуална поддршка за остварување на своите соништа. Индивидуалната инволвираност на волонтерот беше клучен аспект за надминување на неговите стравови и неговата психолошка состојба. Улогата на волонтерот како „мост“ помеѓу Тим и норвешката служба за труд и социјала беше клучен фактор за успех, бидејќи социјалната служба не можела да ја одигра оваа улога. Оваа приказна на успех го инспирираше програмот за квалификации на норвешката влада. Сепак, ЕАПН Норвашка известува дека непостоењето на шеми на минимални примања во земјата сé уште претставува предизвик за ефикасноста на овој програм.

Контакт: Лаила Волес, Laila@velferdsalliansen.no

### ii. Индивидуализиран пристап, по мерка на поединецот и повеќедимензионален

Недостатокот на препораки за обезбедување индивидуална поддршка за оние што бараат работа, како и вклучувачкиот пазар на трудот, отворен за сите, е многу загрижувачки во сегашнава приказна, посебно во контекст на кризата и рецедијата, каде што можностите за работа се намалуваат и сé повеќе луѓе се исклучени од пазарот на трудот. Во исто време, во последниве години постои зголемена условеност поврзана со бенефициите, како и зголемен притисок на поединецот да сеприлагоди на потребите на пазарот на трудот.

Треба да се засили правото на работа, а не обврските. Она што е потребно е општествена визија, која се темели на претпоставката дека луѓето сакаат да работат, да бидат корисни и да придонесуваат за своите семејства и заедници.

Овој пристап треба да биде широк, земајќи ја предвид комплексноста на проблемите и нудејќи интервенција по мерка, но повеќедимензионална за индивидуалните потреби и очекувања. Таквиот пристап на општествена активација затоа може да биде најефикасна во ангажирањето на најисклучените групи со најсериозни проблеми, кои се најоддалечени од пазарот на трудот, како што се луѓето што се борат со алкохолизам или злоупотреба на droги, луѓе со инвалидитет, здравтсвени или психолошки проблеми, самохрани мајки без поддршка, имигранти без

познавање на јазикот и други. Холистичкиот пристап бара сеопфатно справување со проблемите како што се приходот, станот, долгот, самотијата, здравствената состојба, слабите општествени способности, комуникацијата, јазикот, професионалните квалификации, пристапот до услуги итн.

Пристапот на општествена активација гради на позитивните карактеристики на луѓето, ги јакне постоечките компетенции и му помага на лицето да ги надмине слабите точки. Во прв план секогаш мора да биде одлучноста да му се помогне на лицето и неговата осетливост, со цел да се створи стратегија што ги рефлектира неговите склоности, желби и приоритети.

Пристапот на пронаоѓање начини за вработување треба да започне од поединецот и неговите специфични тежнеења, интереси, нужности и потешкотии, креирајќи одговор по мерка на конкретните потреби, наместо да се усмери само на статистиката на невработеи по секоја цена. Поради ова, треба да се зајакнат јавните служби за вработување, како и да се збогати нивната понуда, за да не служат само како агенции за понуда на рбаотни места, туку во соработка со понудувачите на услуги, НВО-ата, социјалните партнери и државните власти при обезбедувањето на интегрирани услуги и поддршка кон општествената и професионалната вклученост.

*Step 2 Job* (Австрија)

*Step 2 Job* е центар за советување и консултации за луѓе што примаат социјална помош и се најоддалечени од пазарот на трудот, кој работеше од септември 2009 до март 2011 година и се финансираше од Австрискиот центар за вработување и Европскиот социјален фонд. Тоа е пилот проект во две области на Виена, подготвувајќи го воведувањето на минималното примање со тестирање во Австрија во септември 2010 година. Проектот создаваше јака врска помеѓу институциите на социјалната помош и заводот за вработување. *Step 2 Job* комбинираше индивидуална обука, психо-социјална помош, зајакнување, советување, професионална обука, како и поддршка и совет за прашања како долгот, станот, здравствените прашања, втора шанса за школување. Сеопфатен управувачки пристап ја има за цел одржливата реинтеграција на пазарот на трудот. Учесниците можат да учествуваат на проектот 12 месеци (со 3 месеци советување, откако ќе најдат работа). Обично, луѓето што примаат социјална помош не добиваат помош при наоѓањето работа. Учесниците во проектот велат дека добиле поддршка за прво време во нивните животи. Понудено е исто така советување за мигрантите на нивниот мајчин јазик. ЕАПН АВстрија сепак нагласува дека учеството не е доброволно и, иако санкциите не се спроведуваат, овие мерки не би требало да бидат без условеност. Исто така постои и загриженост дека квалитетот ќе опадне доколку мерките се вградат во системот.

Контакт: Оливер Холуб, oliver.holub@context.atwww.context.at/cms/front_content.php?idcat=149

### iii. Долгорочна поддршка за одржливо, квалитетно вработување

Работата мора да обезбеди пат за излегување од сиромаштијата и да претставува напреден чекор кон подобар личен и професионален развој, како и пат за интеграција во општеството. Ова значи имплементирање на пострикни критериуми од она што значи разумна понуда за квалитетна работа, гарантирани социјални стандарди на ниво на ЕУ и на национално ниво, што опфаќа

пристојни плати, сигурност на работата, флексибилно работно време за да се обезбеди нормален баланс помеѓу работата и приватниот живот, како и високо ниво на социјална заштита и пристап до релевантните услуги.

Пристапот треба да биде флексибилен и да ја препознава менливоста на човечките потреби додека човекот да се здобие со самодоверба, или доколку има промени или тешкотии во неговиот личен живот или семејство, со неговото здравје или инвалидитет, или во врска со тешкотиите околу законските ограничувања за мигрантите, потешкотии во приходите, на работното место итн.

Стратегиите кои за цел ја имаат интеграцијата на луѓето на пазарот на трудот нема да функционираат, доколку не се надополнети со напор за креирање соодветни работни места. Во оваа смисла, односот меѓу индустриските и претприемачките политики, на една страна, и политиките на вработување, на друга, треба понатаму дас е истражат. Пречесто, одговорноста е префрлена само на поединецот, кој е етикетиран како „мрзлив“, ако не успее да најде работа, а пазарот на трудот едноставно не нуди доволно пристојни можности за работа.

Постојат нови прилики за стварање на работни места во секторот на  услуги, кои би одговориле на две потреби, на понуда на услуги и за креирање работни места, доколку работните услови и платите се подобрени за овој сектор.Згора на тоа, социјалната економија, посебноСоцијалното претпријатие за интеграција со вработување има голем потенцијал, ако соодветно се поддржи, да го потпомогне вклучувањето на исклучените групи на пазарот на трудот.

Одбраната на вработувањето не може да значи стварање компромиси кога се работи за сигруноста на работното место, посебно кога 8% од вработените луѓе веќе трпеле сиромаштија и пред кризата. Иако некои нови мерки се воведени за справување на сиромаштијата на вработените, овие често се сметаат за даночни кредити или за пирамидални шеми, наместо да се гледаат како подобрување на нивото на минумални плати и работни услови. Често, вработувањето што им се нуди на барателите на работа доаѓа со скриена замка за сиромаштија, бидејќи исплатените плати се пониски од примените бенефиции, а сето тоа поврзано со губење на бесплатните услуги, како транспортот, детскиот доплаток, паричната помош за кирија итн.

До неодамна, квалитетот на работното место се дефинираше како подобрување на работните услови, како здравјето и сигурноста на работата, без земање предвид на клучните елементи, како што се обезбедувањето на дневници и подобрена сигурност на вработувањето. Ова исто така се однесува и на постојаната нееднаквост на платите меѓу половите.

Кога веќе се употребуваат, стратегиите исто така треба да обезбедат напредок и транзиција кон подобри вработувања и задржување на позициите на луѓето на пристојните работни места. Тоа значи фокусирање на групите што се најранливи за губење на своето работно место, како технолошки вишок и по пат на реструктурирање или кои се со неизвесно, несигурно или привремено вработување. Понапреден пристап, со помалку казни, мора исто така да ги поддржува луѓето што моментално работат на неформалниот пазар на трудот, што е често стратегија на преживување и често единствена можност за пристоен приход за специфични исклучени групи. Работодавците што ја искористуваат непријавената работна сила, а не работниците што гладаат да состават крај со крај, треба да бидат казнети.

Подигањето на квалитетот на вработување треба да биде клучен приоритет, поврзан со посилен фокус на функционалниот пазар на трудот и со подобрен пристап, е од витално значење за подобрување и на општествената кохезија и на вработеноста.

Кампањи за минимални дневници (Обединето Кралство)

„Дефинитивно мислам дека секој заслужува минимални дневници. Тоа е сигурно подобро од минималната плата. Кој може всушност да каже дека луѓето можат да живеат на минималец – Сигурна сум дека луѓето што се сетиле на тие бројки не живеат од нив", вели женскиот кетеринг работник, на возраст од 28 години, од Глазгов. Како што ниските плати се сѐ уште вистински проблем во Шкотска, Кампањите за минимални дневници решија да ги испратат своите барања директно до работодавците и да променат нешто, надоврзувајќи се на претходните успеси на таквите кампањи во Лондон и на други места. Кампањите се базирани на двоен пристап, комбинирајќи лобирање кај работодавците, со помош на синдикатите, додека организациите што ги поддржуваат вршат притисок врз локалните работодавци да ги прифатат кампањите под своја закрила. Кампањите за минимална дневница се покажаа неверојатно успешни, исто така благодарејќи на величината на проблемот, бидејќи ниските плати и сиромаштијата на вработените се широкораспространети во Шкотска. До денес, три важни институции станаа работодавци со минимални дневници: Градскиот совет на Глазгов, Шкотското претпријатие (агенција задолжена за развојот на бизнисот во Шкотска) и Работодавците во волонтерските домови. Градскиот совет на Глазгов започна и своја Кампања за минимални дневници во Глазгов, пријавувајќи свои 130 работници како вработени на „минимална дневница". Минималната дневница исто така беше разгледувана и од Шкотскиот парламент. Бидејќи метата без работодавците, а не државата, и со тоа ставајќи ја одговорноста на првите, беше полесно да се добие политичка поддршка. Кампањата помогна и да се изградат нови врски помеѓу локалните организации во заедниците, синдикатите, религиозните организации и другите организации на граѓанското општество. Сепак, членовите на ЕАПН наведуваат дека недостатокот на ресурси засега ги спречува да постигнат и подобри резултати на терен.

Контакт: Еди Фолан, Директор за политики и кампањи, Алијанската против сиромаштијата, eddie.follan@povertyalliance.org

## iv. Одржлива и адаптирана работа со почит кон потребите на луѓето

Сѐ уште изгледа дека има недостаток на јасна анализа на стратешките функции на „поддржувачки услуги", кои имаат клучна улога во отстранувањето на пречките за одржлива работа. Мерки на позитивна активација се често загрозени со казнувачка условеност – резултирајќи со намалени или одземени бенефиции, кога луѓето не успеваат да добијат или преземат некое работно место.

Многу пристапи не успеваат да ги препознаат комплексните бариери, со кои се соочуваат луѓето на работ на пазарот на трудот или да преземат активни мерки за поддршка на незавидната страна, или преку створање работни места или со борба против дискриминацијата од страна на работодавците во пристапниот процес. Посебно на жените треба да им се понудат еднакви можности за вработување, со гарантирање достапен пристап до квалитетни установи за нега, со

нудење флексибилни работни часови и работа преку интернет за луѓе со одговорност за нега и со надминување на нееднаквоста во платите меѓу половите.

Овој пристап треба да се ориентира кон нудење решенија, посебно во облик на витални поддржувачки услуги – како достапна детска нега, помош со транспортот, специфичните обуки и индивидуалните советодавни услуги. Треба да се обезбеди повеќедимензионална интервенција по мерка на поединецот и неговите потреби, а капацитетот на јавниот сервис за вработување треба да се зајакне, како и да се направат повеќе инвестиции во јавниот сервис.

За многу луѓе што се враќаат на работа после подолг период на невработеност – како што е долгорочната болест, ментално оболување или инвлаидитет – специфични прилагодувања на работната средина и услови се нужни, ако се тежнее кон тоа работата да биде одржлива. Еднакво за родители, посебно за оние женикои сами за грижат за детето – потребна е поддржувачка околина, која ќе им помогне да развијат баланс помеѓу нивниот приватен и професионален живот, со флексибилни работни саати, како и со обезбедување згрижување за детето. Политиките треба да имаат за цел пофер распределба на одговорностите на грижа и во домаќинството помеѓу мажот и жената, префрлајќи го теретот и на другата страна и овозможувајќи им на жените да учествуваат.

Ова, сепак, не треба да се гледа како трошок до работодавците и државата, туку како инвестиција во иднината – клучен елемент за спречување на невработеноста и понатамошната општествена исклученост. Креирањето на пристојни работни места, кои можат да ги задоволат потребите на оние што се најоддалечени од пазарот на трудот, бара вклученост и заложба на заедниците, како и поодговорни и етички одговори од фирмите. Корпоративната општествена одговорност може да има клучна улога обезбедувајќи дека работната средина, со вклучено намалување на работното време, имаат почит кон личните околности и одговорности на поединецот.

*New Futures* (Ирска)

*New Futures*е програм направен да ги поддржи самохраните родители на социјална помош да напредуваат во образованието, обуката или вработувањето. Тој е темелен на искуствата и се градел со години. Има карактеристика на индивидуален пристап, вклучувајќи и индивидуален акциски план, темелна проценка на потребите, поддршка по мерка на поединецот, пристап до обуки и целосна поддршка на семејни услуги (вклучувајќи советувања и родителска поддршка). Учесниците се идентифицирани преку локални промоции, проверки и вработување. *New Futures*е створен да одговори на загриженоста дека активациската политика на владата за самохрани родители ќе ги натера на прифаќање на работни места без обезбедени клучни услуги. Проектот има за цел да помогне во отстранување на бариерите како што се недостатокот на детска згриженост, дневен престој, времено образование и обука и недостаток на флексибилно-пријателско окружување. Тој постои за да ја пополни празнината на услуги и поддршка, која постои за многу родители оддалечени од пазарот на трудот, кои се со ниско ниво на образование, ниска самодоверба, заплеткани семејни односи и предизвик на воспитување на детето сами. Тоа е исплатлива иницијатива со докажани резултати, што ги поддржува луѓето до одржливо вработување. Еден учесник сведочи: *„Пред обуката бев сиров, без резултати, без цели и без мотивација. Се изолирав себе си, а сега сум високо мотивиран, јасен, позитивен,*

*полн со енергија и среќен. Ќе ја напуштев обуката, да не беше соработникот на програмот и поддршката што ја добив од неа.“*

Контакт: Карен Кирнан, director@onefamily.ie , New Futures Programme, www.onefamily.ie

### v. Поддржување на целоживотното учење, а не само на работата

Одговорноста за преобуката или надоградување на вештините не е исклучиво работа на вработениот или барателот на работа, туку треба да постои поттик за вработените, како и за Агенцијата за вработување, за да обезбеди вакви услуги. Понатаму, пристапот до обука не е без препреки за сите групи, така да треба да се осмисли пристап за ранливите групи, за да се осигура дека пристап до надградба на вештините добиваат луѓето без квалификации, младите луѓе, сиромшните, мигрантите и малцинските групи (вклучувајќи ги и Ромите), луѓето со инвалидитет и другите категории во незавидна положба. Зголемено внимание треба да се има и за поддржувачките услуги, кои се нужни за да овозможатпристап на некои невработени луѓе до соодветното искуство на учење.

Луѓето треба да се обучени со оние вештини што овозможуваат пристап до квалитетни работни места, кои ќе ги издигнат од сиромаштијата. Исто така, во смисла на истражување нови сектори за креирање на работни места, какви што се зелената економија и социјалните услуги, треба да се оформат соодветни вештини, посебно кај оние моментално исклучени од пазарот на трудот, зља да можат да бидат припремени да ги преземат овие работни места. Еднаш вработени, важно е да им се помогне на луѓето без квалификации да ги развиваат своите вештини, што ќе им помогне во иднина да напредуваат во работата и животот, следејќи еден поширок пристап на целоживотно учење, особено во контекст на флексибилната работа и несигурните работни договори.

ЕАПН истакнува дека целоживотното учење е пред сé дел од општествениот и личниот развој на поединецот. Обуката и надоградувањето на вештините, иако е важен дел за подобар пристап до подобри можности за вработување, треба да се усмери на повеќе од тоа само да ги задоволи потребите на пазарот, со цел да ги подобри и личните, друштвените и професионалните вештини и знаења, овозаможувајќи понатамошна добра општествена интеграција и учество во заедниците, како и поддршка на пазарот на трудот. Вештините на зајакнување и животно водење се важен чекор во поддршката што им се пружа на луѓето, посебно на ранливите групи, за ефикасно да ги искористат постоечките можности.

Препознавањето на постоечките знаења е исто така значајно, вклучувајќи неформални вештини, подобро отколку само фокусирање на формалните квалификации, што многу исклучени луѓене биле во можност да ги добијат.

Приоритетот е да се изгради доверба, постапно да се зајакнат знаењата и да се продолжи од местото на сигурност и постигнување до поцелисходна обука за професија и образование.

Професионална рехабилитација и поддршка при вработувањето за луѓе со инвалидитет (Литванија)

„Кога дојдов на програмот за професионална рехабилитација, бев уплашен од коминикацијата со другите. За 6 месеци, си најдов нови пријатели, научив нови вештини и како да користам компјутер. Сега имам поголема самодоверба„, вели Аусра, една од корисничките на Услугите на професионална рехабилитација, обезбедени заедно со услугите за поддршка при вработувањето за луѓе со инвалидитет од 2005 година. Прогремот еделумно финансиран од страна на Структуралните фондови. Обезбедените услуги вклучуваат проценка на вештините, професионално водење и советување, обука за нови вештини и поддршка при вработувањето. За луѓе со ментални здравствени проблеми, единствената институција што нуди услуги на професионална рехабилитација е Сентарот за психичка рехабилитација во Вилниус, кој од 2009 година исто така нуди обуки и услуги за вработување, заедно со организацијата за посредување при вработувањето СОПА. Аусра е 37-годишна жена со доста професионална обука, но без работно искуство. Кога ја започна обуката беше долго невработена, неактивна во барањето работа, не знаеше да ракува со компјутер и се плашеше да го користи јавниот транспорт. Индивидуалната поддршка ѝ помогна да се здобие со самодоверба, почна да бара работа и на крајот најде. Аусра сега работи во Центарот Вилниус како хигиеничарка на привремен уговор. Нејзиното работно место е делумно субвенционирано од државниот буџет. Аусре одлучи да работи привремено додека да се здобие со општи работни вештини и самодоверба. Обуката за стекнување вештини беше уште поважна од професионалната обука што ја доби. Индивидуалното водење и редовната поддршка од раководителот на предметот и посредниците во вработувањето играше клучна улога во процесот на активација.

Контакт: Инга, Вилниус, inga@sopa.it, Vilnius Rehabilitation Center www.protnamis .

vi. Заедничка интегрирана, не-дискриминаторска услуга, темелена на партнерство

Вклучувачкото општество се гледа преку пазарот на трудот. Две Директиви на европската заедница, Директивата за расна еднаквост и Директивата за рамка на вработување дефинираат збир на принципи што им нудат на сите во ЕУ заедничко минимално ниво на легална заштита против дискриминацијата на темел на раса и етничко потекло, религија или убедување, инвалидност, старост или сексуална ориентација, првенствено на работното место. Ова доаѓа како додаток на бројните усвоени закони во изминативе 30 години за борба против половата дискриминацијата и да помогне за еднаков третман на жените и мажите на работното место.

Сепак, треба да се инестира повеќе за да се побеи дискриминацијата и да се промовира различноста на пазарот на трудот. Мигрантите, посебно непријавените и етничките малцинства, а особено Ромите, се соочуваат со зголемени тешкотии и во пронаоѓањето работа и на работното место, како резултат на расизам и ксенофобија.

Треба да се реши растечкиот проблем на нееднаквост во платите помешу половите и етничките заедници. Владите треба да обезбедат имплементација на постоечките и новите правни инструменти на ова поле, а треба да се изготват и стратегии, заедно со чинителите, со фокус на

специфичните тешкотии со кои се соочува секоја од овие групи и при влегувањето на работното место и при напредувањето на пазарот на трудот.

Многу групи се соочуваат со блокиран пристап на пазарот на трудот и на учеството во општеството, поради нивните ранливи околности, како што се долготраната болест или инвалидност, сиромаштија или злоупотреба на опојни средства или алкохол во минатото.

Иницијативите на социјалната економија и третиот сектор, посебно Претпријатијата за социјална интеграција на работата, се покажаа многу успешни како инструменти на поддршка на исклучените групи во работата, посебно во подрчјата на новите социјални и одржливи услуги. Нивните потенцијални потреби треба помно да се истражат и примерено да се финансираат.

Треба да се внимава новите форми на вработување, што ги имаа за цел луѓето во незавидна положба на пазарот на трудот, да се целосно поддржани од законите и системите на социјална заштита.

ЕАПН беше вклучен во создавањето на сеопфатна препорака за креаторите на политики како подобро да ги подржат Претпријатијата за социјална интеграција на работното место,[70]како и во проучувањето на меѓуодносот на вработувањето и социјалните политики,[71] внимавајќи особено на секторот на социјална економија.

Најефикасната стратегија за промовирање на одржлив вклучувачки пазар на трудот и промовирање на учеството во општеството ќе вклучува широк спектар на мрежи и на сите релевантни актери на сите нивоа. Ова мора да ги вклучува традиционалните актери на пазарот на трудот – работодавци, агенции за вработување, јавни сервиси за вработување, синдикати, сулуѓните служби (стан, образование, здравствена нега), како и локалните заедници, барателите на работа, сиромашните луѓе и социјално исклучените и нивните граѓански организации.

Важно при тоа е да се има интегриран план и пристап, кој вклучува здружено планирање и понуда. Моделот што го промовира ЕУ, темелен на одредбите за партиципациска демократија на Лисабонскиот договор, како и на обновените заложби за добро владеење во Стратегијата Европа 2020, постојано ја потврдува важноста на активното учество на сите чинители во процесот на управување.

Сепак, повеќе внимание мора да се даде на фактот дека пристапот на активна вклученост ќе биде успешен само ако најпогодените луѓе бидат директно ангажирани во процесот на развивање мерки, а посебно во спроведувањето, следењето и проценката.

Како клучни понудувачи на услуги на теренот, НВО-ата се во уникатна позиција да развијат програми на опфат на луѓето, стигнувајќи и до групи најоддалечени од пазарот на трудот. Социјалните НВО-а исто така нудат мноштво искуства собрани со директно искуство работејќи со

---

[70]Проект PROGRESS/WISE, спроведен во 8 европски земји за споредба на облиците на Социјалните претпријатија за интеграција во работата и што е потребно за да тие се поддржат.
[71]PROGRESS/Проект Мостови на вклучување, го истакнува взаемното учење за тоа како да се „премостат“ стратегиите на вработување и вклученост, актерите и акциите преку локалните искуства на социјалната економија.

чинителите, како и можност за вклучување на самите луѓе во креирањето и спроведувањето на политиките што се однесуваат на нив.

Ставањето на индивидуалните права и потреби во центарот значи исто така ставање на учеството и зајакнувањето на сиромашните и исклучените луѓе и НВО-ата во кои учествуваат, во центарот на стратегијата. Континуираната вклученост на барателите на работа и на сиромашните луѓе, директно или преку НВО-ата што ги претставуваат, во креирањето, спроведувањето и следењето на Стратегијата на вработување на Европа, преку Програмите на национална реформа, останува клуч за успехот на стратегиите и треба да биде клучен принцип за Стратегијата Европа 2020.

Партнерство за вработување (Финска)

Палтамо, заедница сместена на североистокот на Финска, е важен пример како жителите и општината ги здружиле силите да го решат проблемот на невработеност. Моментално има 300 невработени луѓе во малото гратче. Тие се вклучени на платниот список на новата агенција за вработување, која ја води Здружението на вработени на Палтамо, што ги адружува чинителите, општината, локалните претприемачи и синдикатите. Европскиот социјален фонд е исто така вклучен во поддржување на овој 4-годишен проект. Агенцијата за вработување ги нуди своите услуги на увозните претпријатија и здруженија, функционирајќи како привремена агенција за вработување и со тоа обезбедувајќи работни места за жителите на Палтамо. Платите се надополнети со редовни додатоци на платата од страна на Службата за вработување и економски развој. Општината се одлучи да се вклучи во проектот, бидејќи според пресметките, поевтино е да се даде вработување отколку да се даваат пасивни бенефиции за невработеност. Ова е исто така добар пример за јавно инвестирање во стварањето квалитетни работни места, поврзано со конкретните потреби на заедницата и следејќи ја проценката на потребите. Главната цел е да се спречи општествената исклученост меѓу невработените и да се створат патишта за добивање квалитетни, одржливи вработувања. Работните часови вклучуваат обука, информирање, проценка на здравјето или рехабилитација, ако е потребна, со сеопфатен, холистички пристап.  Моделот на Палтамо го менува традиционалниот начин на размислување, каде граѓаните си бараат работа што им одговара, а целта на општината е да пронајде работа што им одговара на жителите. Ако некој ги одбие сите понудени работни места, последната опција е добивање минимална социјална бенефиција. Пред оваа иницијатива, невработените жители добиваа бенефиции од 329 евра. Сега имаат минимална плата од 800 евра.

Контакт: Леила Полки-Пиеска, извршен директор, Тиовоиматало, leila.polkky-pieska@paltamontyovoimayhdistys.fiwww.paltamontyovoimayhdistys.fi

Препораки

На ниво на ЕУ

- Да се вклучат принципите на активната вклученост во Европската стратегијата за вработување, како дел од Стратегијата Европа 2020.

- Да се осигура дека принципите се применети не само на упатството 10 и на целта на сиромаштијата, туку исто така и на упатствата 7 и 8 и на целта на вработување, како и на политиките врзани за вработувањето во Стратегијата Европа 2020.
- Да се искористи планираната ревизија на концептот на „квалитетна работа" за да се обезбедат минимални дневници, сигурност на вработување, професионална обука, работни права, примерена социјална заштита, мирење на приватниот и професионалниот живот, напредок во кариерата и задоволство со работата, заедно со подобрено здравје и сигурност и работни услови.
- Да се постават вистински квалитети на работата, не само работни услови, во средината на Европската стратегија за вработување, да се постават упатства за спроведување и следење на резултатите; квалитетните работни месsта да се направат клучна тема на расправите на Европскиот совет.
- Да се следи влијанието на спроведувањето на принципите за вклучувачки пазар на трудот во Програмите на национална реформа, Препораките на земјите и Заедничкиот извештај за вработување.
- Да се спроведат тематски професионални проценки во рамките на ОМК за вработување и да се поддржи размената, следењето и вклучувањето на најдобрите пракси во врска со имплементацијата на столбот за вработување на Стратегијата.
- Да се усвои и спроведе зајакната антидискриминаторска директива, која ќе ги покрие сите случаи на дискриминација и да обезбеди непречен пристап до пазарот на трусот за мигрантите, етниччките малцинства вклучително и АРомите, како и другите дискриминирани групи.
- Да се справи со сегментацијата на пазарот на трудот со промовирање повеќе сигурност во вработувањето и да осмисли Европска стратегија за борбапротив сиромаштијата на вработените преку обезбедување пристојни, минимални дневници и одржливи работни места.
- Да се бори против намалување на платите и нивно одвојување од инфлацијата, со цел да се врзат со показателите на продуктивност и да се поддржи достоинствениот живот.
- Да се промовира подобро усогласување на приватниот и професионалниот живот и да се подобри еднаквиот пристап до пазарот на трудот со обезбедување клучни поддржувачки услуги (посебно детската нега и други типови на згрижување), флексибилни шеми на работа и со борба против нееднаквоста на платите помеѓу половите.
- Да се вгради уводното излагање 16 на Упатствата за вработување за да се осигура дека релевантните чинители, вклучувајќи ги сиромашните, невработените и НВО-ата што ги пддржуваат, се вклучени во структуралниот дијалог за донесување на Националните програми на реформа и приоритетите и целите.

На национално ниво

- Да се предложат амбициозни национални цели на вработување и стапки на сиромаштија, кои взаемно се поддржуваат и осигуруваат пристојно, квалитетно и одржливо вработување, што претставува вистински пат за излегување од сиромаштијата и општествената исклученост.

- Да се користат принципите на активна вклученост за промовирање на вклучувачкиот пазар на трудот, како и позитивните активациски пракси, во согласност со човечкото достоинство и промовирањето на индивидуални патишта кон вклученоста.
- Да се воспостави позитивна хиерархија помеѓу минималните примања (поставени барем на ниво на линија на сиромаштијата) и минималните плати, за да се обезбеди дека секој има пристап до достоинствен живот; да не се одвојуваат платите од инфлацијата за да се поврзат со продуктивноста.
- Да се изгради капацитетот на јавните служби за вработување, како и на социјалните служби, за да се справат со деликатните индивидуални ситуации, промовирајќи индивидуален пристап темелен на проценка на потребите на поединецот.
- Да се постават критериуми за квалитет на работното место, во согласност со европските и интернационалните стандарди.
- Да се бори против дискриминацијата на работодавците и општеството во целина со имплементирање на антидискриминаторко законодавство и промовирање активни мерки за негување на различноста и гарантирање на работа за луѓето исклучени од пазарот на трудот.
- Да се постави точен патоказ за елиминирање на половата и етничката нееднаквост во платите во јавниот и приватниот сектор, и да се следи напредокот; да се бори против дискриминација на работниците над 45 години.
- Да се зголемат инвестициите во понудата на поддржувачки услуги, како што се детскиот и другите видови доплатоци, обезбедувајќи достапност, квалитет и подеднаков опфат на сите.
- Да се инвестираат и зголемат финансиските и другите ресурси за развој на социјалната економија, посебно на Социјалните претпријатија за интеграција во работата.
- Додека се исполнуваат целите на Европа 2020 за намалување на бројот на сиромашни луѓе, да се преземат мерки за извлекување и на најзагрозените, како што се бездомниците, од сиромаштијата.
- Да се постави механизам за редовни консултации и дијалог со барателите на работа, невработените, сиромашните и организациите што ги претставуваат, поврзани со националните постигнувања на Европската стратегија за вработување, Програмите за национални реформи и Националните акциски планови за општествена вклученост, преку социјалната ОМК.

## 5). Користење на Структурните фондови

Вовед

Европската комисија во својата Препорака за активната вклученост им дава улога на Структурните фондови, во потпомагањето на активната вклученост: *„Да ги гарантира потребните средства и бенефиции со договори на социјална заштита; да ги користи одредбите и средствата на*

*Структурните фондови, посебно Европскиот социјален фонд, за да поддржат мерките на активна вклученост.“*[72]

Комисијата предлага програмите на Европскиот социјален фонд да ја поддржат активната вклученост на 3 начина:

- Развивање и тестирање на интегрираните патишта до активната општествена и економска вклученост;
- Да се вметнат иновативните интеграциски пристапи, кои имаат јасна предност пред сегашните пракси;
- Ширење и пренесување а добрата пракса во промовирање на општествената вклученост во сите земји членки.

Овие три компоненти треба да се исполнат со целта на ЕУ за територијално единство, одредена во Лисабонскиот договор (член 157 TFUE), земајќи ги предвид локалните и регионалните прилики и подобрувајќи го територијалното единство. Ова би ѝ дало еднакво значење на општествената еднаквост и би ги користело Структурните фондови за справување со социјалните разлики.Со ова би се препознале и просторните разлики на сиромаштијата – со специфични проблеми на ниски приходи, невработеност, вработеност со сиромаштија и недостаток на можности во селските подрачја.

И покрај напорите да се користат Структурните фондови за социјални цели, само 12,4% од трошоците на Европските социјални фондови се наменети за проекти на општетвено вклучување, во склоп на Лисабонскиот буџет од 349 билиони евра за програмскиот период 2007-2013 година. Европската комисија во својот Стратешки извештај за политиката на единство 2010[73] признава дека „*напредокот во ставање на социјалната вклученост како приоритет е релативно спор и не е подеднакво распределен низ фондовите и програмите*.“ Иако активната вклученост досега не е поставена за приоритет од земјите членки, некои од нив веќе ги користеа Структурните фондови за поддршка на мерките на активна вклученост во нивните Оперативни програми, без да си именуваат така. Обединетото Кралство дури и посвети еден транснационален програм на активната вклученост, благодарејќи на притисокот од НВО секторот. Во осум од девет англиски региони програмот е ставен како приоритет. Сепак, користењето на Структурните фондовиво поддршка на мерките за активна вклученост може да биде многу подобрено, ако се погледне надвор од сегашниот фокус на активни мерки во склоп на Оперативните програми.

Стратегијата Европа 2020 дава единствена шанса за користење на Структурните фондови за промовирање на активната вклученост како инструмент во борбата против сиромаштијата и општествената исклученост. Пошироките социјални цели (целта на вработување и целта на намалување на сиромаштијата) назначени во столбот на вклучувачкиот раст и нивното спроведување преку упатствата за вработување (особено упатствата 7 и 10) им дава јасен мандат на земјите членки да ги мобилизираат Структурните фондови за намалување на сиромаштијата и

---

[72]Препорака на ЕК за активната вклученост на луѓето исклучени од пазарот на трудот (3 октомври 2008 година).

[73]COM (2010) 100 финално, *Cohesion Policy: Strategic Report 2010 on the Implementation of the programmes 2007-2013* (31.03.2010).

да го зголемат бројот на луѓе со квалитетно вработување. Во согласност со Буџетскиот извештај[74] и Заклучоците на 5-от Кохезиски извештај[75], користењето на ЕУ фондовите треба да биде усмерено кон главните цели на Стратегијата Европа 2020, поддржувајќи го зголеменото користење на Структурните фондови за намалување на сиромаштијата и општествената исклученост. За да ова се направи, поврзаноста меѓу ЕУ фондовите и приоритетите на националните политики треба подобро да се огледаат во Националните програми на реформи, а да се створи и подобра поврзаност со националните стратегии за борба против сиромаштијата...[76] Во таа смисла, и Европскиот фонд за развој на регионите и Европскиот социјален фонд треба да имаат клучна улога во поттикнување на инвестирањето во квалитетни социјални и здравствени инфраструктури, како и објекти и услуги, за да се осигура успешен пат за вклучување и квалитетни работни места за најголемиот број на ранливи групи луѓе.

Од витално значење е, посебно во ова време на криза, да се пренасочат мерките на Европскиот социјален фонд кон најранливите групи, за да се спречи нивната понатамошна исклученост, и од пазарот на трудот и од општеството, со помалку можности за пристап до нивните права и да водат достоинствен живот без сиромаштија. Според Комитетот за социјална заштита, земјите членки веќе добро го користат Европскиот социјален фонд за поддршка на политиките мобилизирани во контекст на Европа 2020, позначајно во подрачјата на учество на пазарот на трудот, активната вклученост и превенција итн.[77]

Меѓутоа, спротивно на она што беше прикажано од страна на Еропската комисија во нејзиниот Заеднички извештај за социјалната заштита и социјалната вклученост 2010, промените во операционалните програми на земјите членки имаа различни ефекти во однос на вклучувањето на најранливите групи.[78] Членовите на ЕАПН приметија негативни промени како резултат на зголеменото внимание на одржување на вработеноста на трошок на оние што се најоддалечени од пазарот на трудот и оддалечени од пошироките политики на активна вклученост што го зајакнуваат пристапот кон правата, услугите и бенефициите.[79]

На пример, во Обединетото Кралство, успорувањето на економијата веќе доведе до делумно рефокусирање на луѓето што се поблиску до пазарот на трудот. Половина од дополнителните фондови (79 од 158 милиони фунти) се распределени на додатни професионални обуки и

[74]COM (2010) 700 финално, *The EU Budget Review* (19.10.2010).
[75]COM (2010) 642 финално, Заклучоци во*Investing on Europe's future, Fifth Report on economic, social and territorial cohesion*, 9 ноември 2010 година.
[76]Извештајот за напредокот на Европа 2020 (додаток 1 од Истражувањето на годишниот раст) тврди дека *„буџетските импликации на реформите – вклучувајќи каде што е потребно и појасни индикации за националниот напредок и планира да ги користи Структурните фондови за поддршка на инвестициите за раст*.“
[77]Проценка на Комисијата за социјална заштита за социјалните димензии на Стратегијата Европа 2020 (2011), Целосен извештај (18.02.2011).
[78]Европската комисија во Заедничкиот извештај за социјалната заштита и вклученост 2010 изјави дека *„ЕУ презема значајни чекори за преусмерување на Структурните фондови како одговор на кризата, воглавно кон поттикнување на растот и сочувување на работните места.“*
[79]Извештај на ЕАПН, *Дали европскиот проект се движи наназад? Социјално влијание на кризата и политиките на опоравување во 2010*, февруари 2011.

советувања за луѓе поблиску до пазарот на трудот (во ризик да го загубат работното место или оние што веќе го за губиле).[80]

За да ја направи активната вклученост сеопфатен принцип на Структурниот фонд, ЕАПН предложи 5 водечки принципи

i. Интегрирани патишта и обезбедување пристап до услуги за оние што се најоддалечени од пазарот на трудот, тие да имаат поддршка за вклучување и квалитетно работно место
ii. Користење на меки индикатори за мерење на напредокот
iii. Остварување: потребна е пријателска средина за социјланта вклученост во одредбите на Структурните фондови (принцип на партнерство, техничка помош и глобални неповратни средства)
iv. Насочување на активната вклученост низ сите Структурни фондови (пристап на успешна иновативна интеграција)
v. Промовирање на транснационалната димензија на активна вклученост

i. Интегрирани патишта и обезбедување пристап до услуги за оние што се најоддалечени од пазарот на трудот, тие да имаат поддршка за вклучување и квалитетно работно место

Интегрираниот пристап на активна вклученост треба да има за цел справување со поголемите пречки за добивање квалитетна работа и поддржување на луѓето да учествуваат во општеството, зајакнувајќи ги нивните права на средства и услуги и на достоинствен живот. Ова би требало да содржи:

- **Заеднички мерки предвидени да ги поддржат индивидуалните пристапи кон вработувањето и учестото во општеството и зајакнувањето.** Структурните фондови треба да се користат за финансирање на проекти што ги поддржуваат луѓето на патот до квалитетна работа (види подолу: студија на случај 1) или до учество во општеството и вклучување (студија на случај 2). Овие заеднички патишта треба да ги поврзат професионалното образование, обуките, советувањето, развивањето на друштвени вештини, јазичните курсеви, темелните услуги како детската нега или тренспортот и релевантните услуги на заедницата или социјалната помош (СС 1). Тие исто така треба да се справат со пречките за вклучување со охрабрување на локални развои и подобрување на зајакнувањето, вештините и градењето капацитети за исклучени луѓе во контекст на развојот на заедницата.Притсапите по мерка не треба да се усмерат само на тао да им се најде работа на луѓето, туку да им се помогне до вклучување во општеството: градење самодоверба, стекнување нови вештини и капацитет за ангажирање во проекти на нивната локална заедница (СС 2).

[80]Овие бројки се земени од Прегледот на влијанието на европскиот социјален фонд за оние што се најоддалечени од пазарот на трудот 2007-2013, направен за Европската мрежа Трет сектор од страна на Центарот за регионално економско и социјално истражување (октомври 2009).

- **Развивање интегрирани пристапи кои обезбедуваат пристап до примерени примања и квалитетни и достапни услуги** како предуслов за успешен пат до вклучување и придружување на луѓето до пронаоѓање квалитетна работа. Во оваа смисла, посебен акцент треба да се стави на пристапот до квалитетни услуги (социјални и останати) преку градење капацитети за социјалните НВО-ата да обезбедат инфраструктура на социјални услуги (посебно во соседните подрачја), на пример долж линијата на локалниот социјален програм, развиен со претходниот програм. Одредбите на Европскиот фонд за развој на регионите вклучува за соседните подрачја, услуги во соседството (§4.3), здравство, социјална и локална инфраструктура (§4.11) и урбани програми, развој на заедницата (§8). Треба да се промовира интегриран пристап за комбинирање на Европскиот фонд за развој на регионите и Европскиот социјален фонд, за да се обезбедат квалитетни социјални инфраструктури и услуги за најранливите групи луѓе.

Студија на случај 1: ЕАПН Шведска, проект „холистичка професионална обука“

Целта на овој двогодишен проект (од август 2009 до август 2011) е да понуди обука за вработените во црквата и да обезбеди координирана поддршка (рехабилитација или обука) на група дискриминирани луѓе, најоддалечени од пазарот на трудот. Невработените луѓе, како и вработените во јавниот сектор учествуваат во програмот на рехабилитација. Програмот се состои од курсеви (терапија на когнитивно однесување, рехабилитациска наука и практични вештини: чистење, сликање, одржување на градини...) и практичен развој на методи во три регии, усмерени и навнатрекон парохијата, и нанадвор во соработка помеѓу јавниот сектор и црквата и социјалните претпријатија, користејќи холистички и долгорочен пристап меѓу различните служби. Парохиските заедници се користени како позитивна средина за изградба на долгорочни врски, овозможувајќи рехабилитација и обука за луѓето. Проектот им помогна на повеќе од 100 луѓе, земајќи ги за цел вработените на Лутеранската црква во Скане.

Преку поддршката од Структурните фондови може да се развие холистички пристап за активна вклученост, темелен на интегрирана и одржлива социјална работа за професионална обука и рехабилитација, прилагоден на посебните потреби на ранливите групи луѓе. Вештините на вработените во црквата и заложбата на црквените заедници за преземање обврска кон исклучените луѓе се зајакнале. **Негативниот социјален и економски контекст (нпр. недостатокот на работни места и прекратки рехабилитациони периоди) ја спречуваат целосната вклученост на луѓето. Други фактори може да вклучуваат недостаток на соработка од страна на вработените во црквата (за да примат некого на професионална обука и рехабилитација) и од парохиите. Како и меѓу јавниот сектор и црквата.**

Контакт: Јоханес Јоргенсен, ЕАПН Шведска, Johannes.jorgensen@svenskakyrkan.se

ii. Користење на меки индикатори за мерење на напредокот

Како вистински да се измери напредокот за луѓето најоддалечени од пазарот на трудот?

Индикаторите за социјална вклученост би требале да измерат до која мерка и колку се социјалните цели постигнати. Овие обично се дели на три врсти: цел (која група или подрачје е цел?), локација (усмереност на најсиромашните предели) и резултати (мерење на ефектита нешто подоцна – исто така наречено прогресија). Како што истакна Европската комисија, оваа врста на индикатори се уште повеќе потребни, бидејќи новиот столб на вклученост на Европа 2020 ќе има потреба од подобри социјални индикатори за следење и проценка на напредокот кон остварувањето на целта на намалување на сиромаштијата и целта на вработување.

Меѓутоа, моментално постојат неколку слабости во мерењето на социјалната вклученост во Структурните фондови. Користените индикатори се **само неколку** и ограничени само на мал дел од Европскиот социјален фонд. Тоа се првенствено **тврди индикатори**, што се усмерени на броење (внес, проток, излез), но кои не ни кажуваат ништо за **квалитетот** на програмот ниту за неговите резултати во смисла на промовирање на социјалната вклученост. Мешавина од **тврди и меки** индикатори би обезбедило поефективни средства за мерење на напредокот во намалување на сиромаштијата, посебно низ промовирање на активната вклученост, како за квалитетот, одржливото вработување.

Меките индикатори на резултатите се усмерени на средните нивоа и можат да ја мерат поминатата оддалеченост, нпр. напредокот што корисникот го прави кон вработувањето или кон учесвото во општеството и вклученоста, како резултат на интервенцијата на проектот. Наместо кратковидна усмереност на транзицијата кон некое работно место, овие индикатори го мерат развојниот напредок – нпр. изградувањето на самодоверба, стекнување нови капацитети за само-развој, друштвени вештини и остварување на личните цели, зголемено учество и ангажман во проектот и во нивните локални заедници. Сето тоа ќе овозможи да им се помогне во пронаоѓањето одржливо вработување, каде што е возможно, или во подоброто учество, но што исто така поблиску ги отсликува пошироките цели поврзани со поголема вклученост/цели на активната вклученост.

Овие индикатори се исто така клучни и поради тоа што тие често ги претставуваат главните резултати постигнати од луѓето најоддалечени од пазарот на трудот во проектите на Европскиот социјален фонд, а помагаат и за да им се демонстрира на самите корисници напредокот кој го имаат направено. Овие меки индикатори можат и да припомогнат во мерењето и подобрувањето на долгорочниот развој на проектите и подобро да им го покаже постигнатиот напредок на надворешните партнери и финансиери.

За проектите на Европскиот фонд за развој на регионите има многу прашања каде проблемот на активна вклученост се важни и каде што тестирањето на активната вклученост, применета низ индикатори, може да биде релевантно:

- На објектите за детско згрижување: % сместени во незавидни реони (локација), % користени од родители од незавидни групи (цел), % родители што напредуваат во обуката, работата, вработувањето, учество во општеството (резултати);
- За здравствените проекти: % на корисници од групи сиромашни луѓе (целни групи), % на целни групи со подобрено здравје (резултати).

Меките индикатори треба да сезасновани во заедниците и развиени заедно со НВО-ата во борба против сиромаштијата и другите чинители, препознавајќи ги вештините и деталното локално знаење на НВО-ата во однос на капацитетите и пречките со кои исклучените од пазарот на трудот се соочуваат и како најдобро да се надминат.

Меките индикатори би требало, исто така, да бидат повеќе засновани на потребите и способностите (мерејќи го нивото на вештини, искуство...) и мерејќи колку успешен бил проектот во прилагодување на услугите кон целната група, развивајќи ефикасни, индивидуални патишта со кои се постигнуваат целите, да им се помогне на луѓето да напредуваат на патот на вклученост, учество и/или квалитетна работа.

Примери на меки индикатори

На пример, за проектите на Европскиот социјален фонд, резултатите и напредокот би можеле да се мерат со:

- % на завршени интервенции
- % на напредување кон понатамошна обука/образование/квалификации/целоживотно учење
- % на напредување кон квалитетно работно место (природа на договорот, пола/цело работно време)
- % со последното вработување над/на/под/многу под минималната плата
- % на оние чија социјална ситуација се подобрила една/две години подоцна...
- % на оние што ги подобриле друштвените и останатите вештини, изградиле самодоверба, зајакнале итн.
- % на оние што се ангажирале во активности на општествено учество/развој на заедницата

Студија на случај 2: ЕАПН (ЕАПН Белгија), Партис
(Parcours territoriaux d'inclusion sociale)

Овој проект е координиран од страна на здружението *Chapitre XII – Integra Plus*, заедно со 5 други здруженија, кои делуваат во руралните средини во провинциите Лиж и Намур, а делува преку партнерство со комплементарни сектори (пристап и одржување на вработеноста, зајакнување, воспоставување на претприемачи и активности итн). Проектот разви различни и комплементарни иницијативи (колективни градини со зеленчук, професионални усмерувања, учење/обука, проценка и консолидација на квалитетот на куќите, услугите и работните места). Постои широк спектар на почетни точки за олеснување на напредните и индивидуални професионални патишта, имајќи ги предвид територијата, различноста на популацијата и нивните потреби (мобилност, друштвени поврзувања, културни достигања, стан, самодоверба итн), што води до активна вклученост. Партиципативниот процес кој оди оддолу нагоре,исто така им дава простор на корисниците да ги искажат своите сведоштва, мисли и анализи во врска со вработувањето и вклученоста, помагајќи подобро да се адаптираат на локалните рамки на животни услови и територијални и социо-економски реалитети, со кои се соочуваат корисниците.

Во 2009 година, скоро 400 луѓе, најоддалечени од пазарот на трудот имаа корист од овој проект. Структурните врски со јавните служби од здружението што го координираше проектот (преку CPAS – Public Centre of Social Aid) го зајакнаа дијалогот меѓуосновното ниво и јавниот сектор на територијата. Со ова широко поле на појдовни точки, активната вклученост може да се постигне преку 3 елементи: пристап до работа, волонтерско инвестирање во смисла на општествено учество во локалната заедница, задржување на работните места и подобрување на работните услови.

Главни предизвици:

- Многу време потрошено на развивање на проектот со јавните служби поради административни пречки. Бирократските административни барања исто така ги поткопуваат поиновативните и креативните пристапи, кои се особено потребни за поддржување на групи ранливи луѓе.
- Каснењето на исплатите неизбежно води до задолжување. Ова ги чини Структурните фондови недостапни за малите НВО-а.
- Глобалната рамка за следење и пресметки е наметната без разликување помеѓу малите и големите организации и институции. Новите иновативни процедури кои ја промовираат активната вклученост, за малите организации треба да се постави така да им овозможи пристап до Структурните фондови.

Контакт: Кристине Руло, Integra Plus, coordination@integra-plus.be

Комбинирање на Европскиот социјален фонд и Европскиот фонд за регионален развој за остварување на социјална вклученост: интервенции во Долна Саска, Германија

Благодарение на инволвираноста на социјалните НВО-а во нацртот на новите програми на ЕСФ и ЕФРР за програмскиот период 2007-2013, социјалната вклученост беше вградена во програмите. Во подрачјето на ЕФРР, новиот програм наречен *Обнова и развој на урбаните подрачја* беше направен со цел да го промовира одржливиот урбан развој. Една секција е посветена на *Подобрување на социјалната и културна инфраструктура*. Финансирањето може да се даде на проекти кои поддржуваат:

- Изградба и проширување на услугие и организациите, кои работат со деца и млади луѓе, жени и девојки, стари лица и лица со инвалидитет,
- Изградба, обнова и проширување на услугите во подрачјето на културата, спортот и рекреацијата: места за средби, здравствени центри, центри за образование и обука и обласни уреди,
- Обезбедување интегриран пристап за локален развој, вклучувајќи учество на граѓаните,
- Превенциски мерки за урбаната деликвенција.
- Приоритет имаат проектите што ги комбинираат интервенциите на ЕФРР и ЕСФ. На пример, железничката станица *Junior-Railway* е сместена во регионот Север (Даненберг). Старата железничка станица беше купена од локалната власт и беше пренаменета со поддршка на ЕФРР. Работните места створени со реновацијата и реконструкцијата даваат можности за вработување за невработените и луѓето во незавидна положба, со поддршка на социјалните НВО-а и особено на Агенцијата на протестантската црква. Целта е да се управува со железничката станица преку проекти и мерки, усмерени кон овие групи луѓе, со фокус на младите луѓе во незавидна положба.

Контакт: Рајнхард Куен, Kuehn@caritas-dicvhildesheim.de

iii. Остварување: потребна е пријателска средина за социјланта вклученост во одредбите на Структурните фондови (принцип на партнерство, техничка помош и глобални неповратни средства)

Целосната импликација на Активната вклученост е возможна само ако постои пријателска средина за социјална вклученост. Во пракса, НВО-ата што се борат против сиромаштијата имаат големо знаење за потребите на најранливите групи луѓе и нивните културни и социо-економски потешкотии на одредена територија, бидејќи тие водат проекти за/со нив на самиот терен, на локално ниво. Како што истакна Фабрицио Барца во својот извештај за иднината на кохезионата политика: потребна е стратегија базирана на местото, која им дава поголемо значење на локалните актери, социјалните интереси и НВО-ата.[81]

[81] „Повеќе вклученост на телата што ги претставуваат интересите на ниво на ЕУ и на национално ниво, особено вклучувајќи ги НВО-ата, во склад со мандатот на Европскиот Совет 2002 да ги мобилизира сите важни тела. Но ова треба да биде само преоден чекор кон крајната цел на мобилизирање на

Оваа пријателска средина за социјална вклученост зависи од промовирањето на следниве елементи:

iii.1 Поддржување на социјалните НВО-а во остварување на проектите

Социјалните НВО-а, бидејќи работат директно за и со сиромашните и исклучени луѓе, ги знаат нивните потреби и социо-економски ситуации на теренот. Тие се во добра позиција да приметат што функционира и да ги прилагодат услугите на потребите на специфичната група, осигурувајќи го нивнот учество со партиципативен пристап. Тие се исто така во контакт со разните актери на локално ниво (локалните власти, нудителите на услуги...), што ги става во добра позиција да водат ефикасни проекти со кои ќе ја промовираат активната вклученост.

Меѓутоа, финансиските и административни пречки што произлегуваат од комплексните одредби на Структурните фондови во моментов спречуваат многу НВО-а што се борат против сиромаштијата, да имаат пристпа до Структурните фондови за развивање на проектите на вклучување. Трендот на омасовување, каде договорите го добиваат големите приватни организации, кои за цел ги имаат луѓето блиски до пазарот на трудот за да постигнат квантитативни цели, ѝ наштетува на имплементацијата на интегрираните пристапи, кои за цел ги имаат најранливите групи. Промовирањето на пристапот оддолу нагоре, комбинирајќи развој на заедницата и партиципација, е затоа од клучна важност. И покрај докажаниот успех во ангажирањето на остварување на најтешките цели, Глобалните фондови[82] и Техничката помош[83] се во голема мерка неискористени од земјите членки.

Успехот на овие мерки се должи на 2 клучни карактеристики:

- Поддржување на достапноста и флексибилноста на обезбеденото, кога многу организации веќе се познати и ја имаат добиено довербата на целните заедници, и
- Фокус на социјалната вклученост и напредок кон пазарот на трудот, наместо само кон квантитативните резултати.[84]

---

потенцијалните корисници на политиката и локалните ограноци на овие тела на секое место каде што има интервенција“ Фабрицио Барка: „Агенда за реформирана кохезиона политика – пристап темелен на просторот, за да се исполната предизвиците и очекувањта на Европската Унија.“ Европска комисија, Брисел, 2009, стр.151.

[82] Член 42 од одредбите на Структурните фондови го дефинираат механизмот на Глобалните неповратни средства каде што „Земјата членка на управувачкото тало може да му ги довери управувањето и имплементацијата на дел на оперативниот програм на едно или повеќе посреднички тел.“ Користењето на глобалните неповратни средства за постигнување на целите на Европскиот социјален фонд е исто така поттикнат со член 11 на Нацрт одредбите на ЕСФ.

[83] Како што е дефинирано во член 45 на Одредбите на Структурните фондови, „техничката помош е креирана за поддршка на непреченото одвивање и управување на операциите на Структурните фондови, на пример со опфат на студии што се однесуваат на функционирање на фондовите, размената на информации и искуства, проценка и систем на компјутеризирани информации, но исто така и за опфат на крајни корисници.“

[84] Преглед на сведоштва за влијанието на ЕСФ на оние што се најоддалечени од пазарот на трудот 2007-2013, направен за Third Sector European Network од страна на Центарот за регионалнни економски и социјални истражувања (октомври 2009).

Во Шпанија, Оперативниот програм против дискриминација во 2000-6 се оствари преку глобалниот фонд управуван од Фондацијата *Luis Vives*, веројатно најголемите неповратни средства доделени дотогаш.

Во Британија, раководните служби дадоа национална и регионална техничка поддршка за социјалните НВО-а низ ЕСФ и ЕФРР во континуитет од 1993 година (преку London Voluntary Sector Training Consortium (LVSTC)). Неодамна, LVSTC водеше двогодишно партнерство со 8 други организации за остварување на проектот на регионална изградба на капацитети за поддршка на 3100 микро проекти на терен. Ова сега е уназадено од страна на Европската комисија, која интервенираше за да го сопре системот на такси, кој им помага на агенциите да ја соберат потребната сума за техничка поддршка.[85]

iii.2 Промовирање на ефикасното управување темелено на партнерски принцип

Ова значи потполно искористување на партнерскиот принцип на сите нивоа на процесот на Структурните фондови (подготовка, спроведување, следење и проценка на Оперативните програми). Според членот 11 на Одредбите на Структурните фондови, се очекува земјите членки да работат во соработока со НВО-ата и граѓанското општество. Ова значи дека НВО-ата против сиромаштијата, како и НВО-ата во другите клучни подрачја на политиката на Структурните фондови (нпр. животна средина,) треба да бидат вклучени во креирањето и спроведувањето на Структурните фондови, посебно на нивните оперативни институти и методи (нпр. комитетите за следење, проценка, индикатори). За членовите на ЕАПН, употребата на партнерскиот принцип останува виртуелна.[86] Неговата целосна имплементација бара вклученост на широк спектар на граѓански организации, кои претставуваат целни групи, вклучувајќи НВО-а во борба против сиромаштијата и самите сиромашни луѓе. НВО-ата треба да се избираат преку транспарентен селекциски процес и да учествуваат како членови во процесот на донесување на одлуките во сите комитети за следење (ЕСФ и ЕФРР) со полно право на глас.

Фондовите за техничка поддршка треба исто така да се достапни за НВО-ата во ЕУ преку пофлексибилни правила на ко-финансирање, за да се дозволи остверување на нивните основни улоги како партнери во состав на комитетите за следење.

iii.3 Тестирање на тоа колку управниот систем на Структурните фондови го поддржуваат локалниот развој

[85] Овие два примера се земени од Brian Harvey, *EAPN Structural Funds manual 2009-2011*, трето издание (декември 2009 година).
[86] ЕАПН, *EAPN mid-term Assessment of the current programming period and perspective for Post-2013, The contribution of Cohesion Policy to social inclusion, What role for social NGOs?*

ЕАПН Бугарија, акциски проект: „Одржлив развој на локалните економии и заедници преку социјалната економија, подобрување на социјалните услуги и ефикасното користење на структурните фондови“

Овој пилот акциски/истражувачки проект, финансиран од ЕСФ, е усмерен кон постигнување ефикасност на управувачкиот механизам на националните Структурни фондови. Дали Структурните фондови навистина го поддржуваат локалниот развој и до кој степен кореспондираат приоритетите на Структурните фондови со приоритетите на малата општина? Проектот вклучува 2 Универзитета (Софија и Благоевград), Институтот за социологија на Бугарката Академија на науки, општината Сапарева Бања, локална НВО (Женска Асоцијација: од пролетта) и Националната федерација за вработување на лица со инвалидитет. 54 студенти од два Ууниверзитети работеа заедно со академиците, локалното население и локалните власти за да направат вклучувачки акциско-истражувачки проект и да елаборираат „проекти на надеж“ во различни подрачја (еко-фарми, кучтурни фестивали, стратегии на локалните заедници, градење на капацитети на локалните НВО-а што работат со инвалиди, регионални здруженија за земјоделски производители, развој на туристички услуги и активности за деца).

Елабориран во состав на проектот на Транснационалната ЕУ Прогрс „Мостови за вклучување“, овој проект ги активираше локалните групи за иницијатива и локалните власти преку партиципаторски акции, истражувања и социјални методологии за учество на јавноста.Многу различни чинители (посебно млади луѓе) работеа заедно за поттикнување на локалниот развој, а работата на „локалниот експерт за развој“ беше одредена со главен програм.

Некои од клучните откритија на проектот беше дека сегашната рамка на Социјалниот фонд е премногу ориентирана кон бизнисот, а малку прилагодена кон локалните потреби за развој, додека управата на проектот беше ослабена со административен товар и финансиски пречки:

- „Младите луѓе делат мноштво нови идеи. Но локални луѓе тука не се доволно заинтересирани за локален развој, додека во министерствата, персоналот нема компетенции да се справи со овој вид на активност.“ (претставник на локалната власт)
- „Локалните власти се заинтересирани само за голем бизнис и туризам. Тие не прават ништо или само малку за локалните луѓе. Ние сакаме да учествувам и да помогнеме.“ (претставник на НВО)
- „Нема ни информации за туристите ниту грижа за локалниот развој и локалните луѓе.“ (студент од универзитетот)

Контакт: Мариа Јелиазкова / ЕАПН Бугарија, perspekt@tradel.net

iv. Насочување на активната вклученост низ сите Структурни фондови (пристап на успешна иновативна интеграција)

Уште од почетокот, вградувањето на потенцијалите на Активната вклученост во Структурните фондови ќе зависи од идентификација на адекватните политчки чекори и воспоставувањето на механизмиза ангажирање на главните институционални чинители. Вградувањето на стратегиите

треба да биде елаборирано преку јака вклученост на организациите на граѓамското општество. Тие треба да имаат за цел да ја придобијат заложбата на релевантните креатори на политики од националните министерства, локалните и регионалните власти, социјалните партнери, како и на секторските организации за промовирање на Активната вклученост, ставање на развојот на иновативните проекти и нивното имплементирање како приоритет.

За ефикасно вградување на национално ниво, треба да се направи поблиска врска помеѓу Структурните фондови и Отворената метода на координација за социјална заштита и социјална вклученост, како и за Европската платформа против сиромаштијата. Според членовите на ЕАПН, скоро да не постојат повикување на Стратегијата на социјална вклученост на ЕУ во однос на Структурните фондови.[87]

Во рамки на Стратегијата Европа 2020, улогата на Социјалната ОМК е во моментов во расправа во однос на Платформата против сиромаштија, иако изгледа дека ОМК ќе биде засилена и ќе се продолжи со некаков облик на национално известување за националната стратегија на социјална заштита и вклученост.

Во оваа смисла, јасно е дека врската помеѓу националните стратегии за кохезиона политика и Националните програми на реформа, веќе предложени со Документот за ревизија на буџетот[88] и 5-иот Кохезионен извештај,[89] треба да се поддржат со приоритетите на Националниот акциски план за вклученост и Националните стратегии за социјална заштита и вклученост, посебно во водењето на придонесите на Структурните фондови за остварување на целта на намалување на сиромаштијата.

Ова значи дека е потребна поширока, посзитивна и сеопфатна визија за кохезијата и активацијата: ставање помалку нагласок на моменталните подрачја на раст (иновациите и знаењето, инфраструктурите, претприемништвото, енергетската ефикасност) за ЕФРР и премногу кратковидна визија за активацијата на пазарот на трудот за ЕСФ, со премалку насоченост кон мерките за социјлана партиципација, изградба на заедниците и интегрираниот локален развој, како и развојот на социјалните услуги.

Националниот акциски план за вклученост, како и другите елементи на Социјалната ОМК се вредни инструменти, кои можат да помогнат Структурните фондови подобро да ги исполнат целите на социјална кохезија и социјална вклученост. Овие вклучуваат договорени заеднички цели на ЕУ, кои промовираат пристап за сите до правата, ресурсите и услугите, значајни алатки (вклучувајќи цел спектар на индикатори за социјална вклученост/социјална заштита) и корисни методологии – вклучувајќи поголема усмереност кон промовирање на учеството на чинителите на национално и на ниво на ЕУ.

Европската комисија може да одигра клучна улога, обраќајќи им се препораки специфични за земјата (следејќи ги годишните извештаи на зејите членки за Структурните фондови и Програмите

---

[87] *EAPN Social Inclusion Scoreboard on the National Reform Programmes (2008-10) Full Report, Will the Economic Crisis force a stronger social pillar in Lisbon?*, февруару 2009 година.
[88] Соопштение на Комисијата, *Преглед на буџетот на ЕУ*, 19 октомври 2010 година.
[89] Европска комисија, COM (2010) 642 финално, *Инвестирање во иднината на Европс, петти извештај за економската, социјалната и територијалната кохезија*, 9 ноември 2010 година.

на национална реформа), за тоа како да се имплементира Активната вклученост во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост.

И конечно, вградувањето понатаму треба да биде дополнето со механизми за осигурување координација за остварувањето на активна вклученост преку Структурните фондови на регионално, национално и на ниво на ЕУ, вклучувајќи шаблони за упатства, индикатори и репери/мерила.

Во оваа смисла, основањето на платформи на регионално, национално и транснационално ниво, вклучувајќи ги сиромашните луѓе и НВО-ата што ги поддржуваат, како и локалните набљудувачи, би играле клучна улога во поттикнување на вградувањето на активната вклученост во Структурните фондови.

Многу од овие елементи изгледа како да се преземени во новите предлози на Стратегијата Европа 2020, посебно во состав на Платформата против сиромаштијата.

v. Промовирање на транснационалната димензија на активна вклученост

Транснационалната димензија на проектите на ЕСФ е клуч за ширење на концептот за Активна вклученост на национално, регионално и локално ниво. Во претходниот програмски период, иницијативата на EQUAL беше двигател на ЕСФ за поддршка на транснационалните и иновативните акции. EQUAL беше важен, не само во обезбедувањето на пристап до Структурните фондови за НВО-ата, кои извршија огромна задача во подрачјата на социјалната вклученост, туку и поради своите клучни карактеристики: промовирање на зајакнувањето, пристапот оддолу нагоре и транснационалноста.

EQUAL програм за 2007-2013 нема, но неговиот концепт требаша да се вгради. Преамбулата на Одредбата на ЕСФ параграф 6 истакнува:

*„Научивме нови лекции од Иницијативата EQUAL, кои треба да се интегрираат во поддршката на ЕСФ. Посебно внимание треба да се посвети на учеството на целните групи, интеграцијата на мигрантите, вклучувајќи ги и азилантите, идентификацијата на политичките прашања и нивното последователно вградување, иновација и експериментални техники, методологии за транснационална соработка, опфат на маргинализираните групи во однос на пазарот на трудот, влијанието на општествените проблеми на внатрешниот пазар и пристап и раководење со проектите започнати од невладините организации.“*

Во пракса, само неколку земји членки развија транснационални проекти. Некои земји се доста отворени за теми што можат да бидат финансирани, додека другите се поспецифични (нпр. реинтеграција на пазарот на трудот). Нивото на транснационалност може да варира од малечка тема во некој проект (нпр. трансфер на производот) до проект што е во голема мерка транснационален по својата природа.

Во Франција, првата земја која прима предлози, постои транснационална компонента за иновативните транснационални и интеррегионални акции на ЕСФ, управувани од страна на посредничката организација *Racine*. Проектите траат само една година со курс на субвенционирање од 55% по три основи: иновативни и експериментални проекти, иновативни

партнерства и транснационална соработка. Иновативните и експериментални проекти ја опфаќаат борбата против дискриминација и целоживотно учење преку нови алатки и методи. Иновативните партнерства ги опфаќаат вработувањето на младите, помагајќи им на оние што се најдалеку од работната сила, признавањето на квалификациите и новите претприемачки активности преку ширење на добр апракса, развој на алатки и средби. Транснационалната соработка ги поддржува најранливите луѓе на патот кон пазарот на трудот и вклученоста преку акции на мобилност и размена на практични знаења и работни пракси за професионалци и приправници, како и взаемното признавање на квалификациите.

Транснационалната страна на проектите може да ја поддржи активната вклученост со:

- Носење прави бенефиции за иновативните проекти, кои развиваат пристап на интегрирана активна вклученост и кои одговараат на барањата на Стратегиските упатства на заедницата за партнерство, вклучување на половите, иновација и транснационалност преку *„учење од, адаптирање на вградените пристапи и пренесување на добрата пракса на други земји членки.“*
- Овозможување на размена на знаења, искуства и добри пракси усмерувајќи се на сиромашните и исклучени луѓе, нивните потреби и пречки што го исклучуваат и развивање тематски приоритети за обезбедување успешни патишта кон вклучување и квалитетни работни места.
- Поддржување на учеството на НВО-ата што работат на социјална вклученост со проект, што поставува отворени и редовни повици за предлози и што ги чини достапни за мали проекти и проекти во заедницата.
- Имплементирање на партнерскиот принцип на сите нивоа на проекти на Структурните фондови, за да се добие стручноста на локалните иницијативи, обраќајќи им се на потребите на најранливите групи, во другите платформи понудени од управувачките тела.
- Обезбедување широка распространетост на добрата пракса, спроведена преку транснационални активности на ниво на ЕУ и на национално ниво.

*Транснационалните партнери не мора да примаат средства преку ЕСФ во своите земји членки.*

Некои примери на транаснационална работа вклучуваат:

- Тематски работилници/изложби;
- Студиски патувања;
- Спроведување или тестирање на нови алатки, методи, пристапи итн.;
- Следење на работата до развивање на пракса;
- Настани, семинари и конференции; и
- Нови заеднички иницијативи за развој...

Пример на транснационален ЕСФ проект за активна вклученост

ЕАПН Обединето Кралство, нови патишта за вработување во западен Лондон

Целта на овој проект, финансиран од иновацијата на ЕСФ, Транснационалност и компонента на Вградување во ОК, е да им помогне на луѓето кои се соочуваат со повеќе пречки да влезат на пазарот на трудот преку холистички пристап и интегрирани услуги, насочени кон невработените жители, посебно оние што се соочуваат со пречки за вработување, станари на социјалните станови и привремени живеалишта и луѓе со ментални проблеми/здравствени потреби.

Иновативните активности ги прифаќаат поврзаните услуги во спектар на сектори од поддршка за вработување, развој на онлајн средства и алатки, работа со вработените на јавните служби за развој и тестирање на патиштата за вработување за жителите со инвалидитет и поврзаноста меѓу менталното здравје и услугите на вработување. Тоа ги вклучува локалните власти на западен Лондон, Партнерството за работа на западен Лондон, *CNWL* Фондација за ментално здравје, твининг претпријатија, становите *Catalyst* и Советот на Лондон.

Транснационалната димензија се состои во партнерството со Регионалната агенција за политики на вработување во регионот Венето во Италија. Истражувачкиот проект за националните рамки за поддршка на групите во незавидна положба кон вработувањето се остварува, како и препознавањето на добрите пракси, што можат да се применат и на друго место, за интеграција при вработувањето, становите, здравството и другите услуги.

Персоналот е обучен да запише 1000 жители за вработување и услуги на обука. Пилот патиштата во јавниот сервис за вработување се ставени во употреба. Се разви модел за интеграција на менталното здравје и поддршката при вработувањето. Се воспоставија мрежи што ги спојуваа клучните услуги за да обезбедат интегрирана поддршка за барателите на работа.

Контакт: Сијед Мазар, Ealing Borough Council, MazharS@ealing.gov.uk

Препораки

На ниво на ЕУ

- Јасно да се препознае Активната вклученост како приоритетна тема во новите Одредби на Структурните фондови, поврзана со главните цели на намалување на сиромаштијата на Европа 2020 и Националните програми на реформа.
- Да се развие про-активна улога за Комисијата во Активната вклученост што го надминува следењето, со поддржување на социјалното експериментирање и социјалната иновација, што ќе поддржи иницијативи оддолу нагоре, вклучувајќи ги социјалните НВО-а и обновувајќи ја таа улога за Структурните фондови.
- Да се обезбеди дека Комисијата активно го поддржува поставувањето на нови транснационални проекти за Активна вклученост, како дел од „вградувањето на EQUAL“ во новиот Европски социјален фонд преку: остварување на упатствата на Комисијата за

поддршка на основните иницијативи за Активна вклученост и воведување на одредената заедница во практиките на Активната вклученост.

- Да се подготват замјите членки со одредени упатства и насочениинформации за можностите поставени со ваквите програми.
- Активно да се вклучи граѓанското општество в оовој процес.

На национално ниво

- Да се поттикнат земјите членки преку упатствата на ЕСФ да изградат мрежи на социјална вклученост на регионално, национално и транснационално ниво, со тематски фокус што води директно до социјалната ОМК и процесите на Националните акциски планови, како и до Националните програми на реформи.

## 6). Примена на интегрираниот пристап

Вовед

Големиот предизвик за националните влади е како да развијат долгорочни „интегрирани пристапи на активна вклученост", кој ќе може ефикасно да ги вклучи сите 3 елементи (примерени примања/бенефиции, вклучувачки пазар на трудот и пристап до квалитетни услуги). Во Препораките од 2008 година, Европската комисија го истакна клучниот принцип и критериум, нужни за ефикасен пристап. Сепак, такви пристапи тешко се применуваат во пракса, посебно во контекст на кризата.

И додека Активната вклученост ќе се покаже уште поважна, со нејзиниот акцент на индивидуалната поддршка за активност, примереното примање е автоматски стабилизатор, како и социјално право на квалитетни и достапни услуги, притисокот да се намали невработеноста и да се направи рез во јавниот буџет резултира со отежнување на активацискиот пристап и санкции, наместо со зајакнување на интегрираниот пристап.

Ова придонесува до зголемување на тешкотиите на најранливите луѓе и ќе резултира со уште поголема сиромаштија и нееднаквост, кога има само малку одржливи работни места и ќе ги поткопа напорите на ЕУ за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во состав на целта на Европа 2020. Притисокот врз владите да извојуваат моментални резултати, во смисла на пронаоѓање било каква работа за луѓето, ја поткопува заложбата за полесни, одржливи пристапи, кои бараат повеќе време, но бараат и подолго инвестирање во луѓето и локалните заедници.

Според истражувањето на ЕАПН од 2011 година за општественото влијание на кризата (ЕАПН 2011), бенефицијата на минимално примање е укината, а достапноста и пристапот до услуги е намалена. Со тоа се пропушта голема шанса за искористување на пристапот на Активна вклученост за намалување на сиромаштијата и општествената исклученост и да се изгради цврста основа за одржливо опоравување, темелено на потребите на луѓето.

Активна вклученост – Принципите и критериумите на ЕУ

Препораките на Комисијата од 2008 година за Активната вклученост бараат земјите членки да *„креираат и спроведат интегрирана сеопфатна стратегија за Активно вклучување на луѓето исклучени од пазарот на трудот, комбинирајќи ги поддршката со примерено примање, вклучувачкиот пазар на трудот и пристапот до квалитетни услуги*.“

Препораките понудија важен клучни принципи и критериуми за просудување на ефикасност

a) Креирање на сеопфатна политика, со која ќе се добие точната мешавина од трите компоненти.
b) Интегрирана и координирана имплементација за сите три компоненти на Стратегијата на активна вклученост, за да се справи со повеќеслојните причини за сиромаштија и општествена исклученост.
c) Вертикална координација на политиката помеѓу различните нивоа на компетентност на владата: локална, национална и со раководните тела на ЕУ.
d) Активно учество на сите други релевантни чинители, вклучувајќи ги и оние погодени со сиромаштија и исклученост, не-владините организации и понудувачите на услуги, во развојот, спроведувањето и проценката на стратегиите.

Препораките понатаму истакнуваат дека политиките на активна вклученост треба: да ја поддржат имплементацијата на фундаменталните права; промовираат полова еднаквост и еднакви можности за сите; да ги земат предвид коплексноста на повеќекратните неприлики и потреби на специфичните ранливи групи; да ги препознаат локалните и регионалните прилики, додека работат на подобрување на територијалната кохезија и да поддржат пристап на животен циклус за политиките на социјалата и вработувањето, со карактеристика на меѓугенерациска солидарност.

Каков напредок е постигнат?

Имплементацијата на принципите на Активна вклученост не се покажа едноставна. Извештајот на ЕАПН од 2008 година за Националните стратешки извештаи за социјалназаштита и вклученост: *Градење сигурност, донесување надеж*[90] истакнува дека, додека новите земји членки го имплементираа интегрираниот пристап за сите три столба, некои земји членки почнаа да ја користат синергијата за д а ги прошират и подобрат постоечките политики, да понудат поинтегриран пристап за поддршка на вклученоста и промената на нивниот пристап на интеграцијата на пазарот на трудот. Меѓутоа, кризата и одлуката на повеќето влади да го намалат јавниот дефицит преку резови во јавното трошење драстично ги поткопа овие позитивни чекори. Ова се случи и покрај заложбите од новата Стратегија Европа 2020 за вклучувачки раст и важноста на целта на ЕУ за намалување на процентот на луѓе во ризик од сиромаштија и социјална исклученост за најмалку 20 милиони до 2020 година (види го Воведот за повеќе детали).

[90] Примери од *EAPN Report: Building Security, Giving Hope: EAPN assessment of the National Strategic reports on Social Protection and Social Inclusion (2008-10),* ноември 2008 година.

Има напредок, но недоволно внимание за интегрираниот пристап

Има напредок...

ЕАПН Ирска: „*Развојот на активните пристапи на управување со предмети, кои ја препознаваат потребата за индивидуален пристап поврзан со примањата, се сметаат за позитивен чекор напред кон интегрираниот пристап – нпр. програми на социјална и економска партиципација, сместени во канцелариите на социјалните служби*.“

ЕАПН Австрија: „*Приметена е јасна заложба за поинтегриран пристап со фокус на минималното примање со нова шема на минимални примања, подобрен пристап до социјалните услуги и пристап до пазарот на трудот за најодделаечените од него*.“

Примери на слабо интегрирани пристапи

ЕАПН Белгија: „*Активната вклученост е развиена преку стратегија што се однесува на активација и различност, со фокус и цел на специфични групи – жени, оние што го напуштиле училиштето, лицата со инвалидитет; спреавување со невработеноста и целоживотно учење. Сепак, не се размислувало многу за примањата и услугите*.“

ЕАПН Романија: „*Активната вклученост е дефинирана само преку поддршката за активно учество на пазарот на трудот, без некоја јасна поврзаност со првите два столба*.“

ЕАПН Бугарија: „*Трите елементи на Активната вклученост се присутни – обезбедување на примерени примања, зголемување на вработливоста и пристап до квалитетни услуги, но нема збор за пристојни работни места*.“[91]

Клучни слабости истакнати од мрежите на ЕАПН при имплементација на Активната вклученост:

- Недостаток на пристап темелен на правото или јасна заложба за справување со дискриминацијата.
- Развивање „интеграција“ од врвот надолу, административна перспектива наместо да се почне со потребните на личноста.
- Тенденција да се промовира кратковиден, казнувачки пристап, наместо Активна вклученост, со малку внимание кон примањата и услугите.
- Тешкотии во координација на политиките помеѓу различните нивоа на власта, и различни агенции со многу различни култури.
- Неуспех да се препознае фундаменталната улога на НВО-ата како главни агенции, посреднички и „социјален лепак“, како и важни парнтери во продажба на сопственоста.
- Слаба партиципација и раководење, со ограничена вклученост на корисници и основни НВО-а во развојот, остварувањето и проценката на стратегијата.
- Ограничено вградување на позитивните интегрирани проекти на Активна вклученост во националните политики за економија, вработување и социјала.
- Недостаток на одржливо финансирање за демонстрација на проектите и инфраструктурата, посебно за НВО-ата и третиот сектор.

---

[91] Ibid.

Како понатаму: вградување на човековите права во пристапот усмерен кон човекот

Во 2008 година ЕАПН разви заедничка позиција за Активната вклученост, заедно со своите членови, договарајќи основни принципи со кои се поттикнува ефикасниот интегриран пристап.[92] ЕАПН принципите надоградуваат на оние предложени од Комисијата во Препораките од 2009 година, кои се прифатени од EPSCO.

Принципи за интегрирани пристапи:

i. Почит кон човечкото достоинство
ii. Непостоење на дискриминација
iii. Индивидуализирани и темелени на потребите
iv. Холистички, мултидимензионални и интегрирани
v. Партиципаторски и вклучувачки

i. Почит кон човечкото достоинство

Почетната точка е почитта кон човечкото достоинство, која е содржана во Лисабонскиот договор на ЕУ и Универзалната декларација за правата на човекот. Почитта мора да се темели на признанието дека сите човечки суштества се „по себе достојни“ и заслужуваат „безусловна почит“, независно од староста, полот, социјалното потекло или етничката припадност, религиозната или сексуалната ориентација. Почитта мора да се укажува на секој поединец, поради самиот факт дека тој или таа е „член на човечкото семејство“ (Универзална декларација на човечките права, 1948 година, Преамбула). Оваа сама по себе достојност е нашироко признаена од интернационалните закони, како извор на човечки права. Почитта за човечкото достоинство значи признавање дека луѓето никогаш не треба да се третираат како средство, туку како цел сама за себе. Луѓето не треба да бидат *инструментализирани*, ниту ценети само во смисла на нивната *економска вредност*. Овие права се сега законски обврзувачки со Лисабонскиот договор на ЕУ со Повелбата за фундаменталните права, како и со Европската конвенција за заштита на човечките права и фундаменталните слободи на Советот на Европа и на интернационалните сојузи составени од Обединетите Нации. Правото на живот без сиромаштија е клучно фундаментално право. Сиромаштијата затоа претставува кршење на човечките права.[93]

ii. Непостоење на дискриминација

Секое негирање на фундаменталните човекови права на достоинствен живот е во својата основа дискриминација. Две Директиви на Еропската Заедница, Директивата за расна еднаквост и Директивата за рамка на вработување, одредуваат неколку принципи, кои секому во ЕУ му нудат заедничко минимално ниво на законска заштита против дискриминацијата, темелена на доста

---

[92] ЕАПН, *EAPN Principles on Active Inclusion/Report of Active Inclusion seminar*, мај 2008 година.
[93] Декларација за човековите права на ООН, 1948 година.

тесна интерпретација. Директивите ги штитат луѓето во ЕУ од дискриминација наоснова на раса или етничко потекло, религија или убедување, инвалидност, старост или сексуална ориентација, првенствено на работното место. Ова доаѓа како дополнување на бројните закони усвоени во изминатите 30 години за борба против дискриминацијата на половите, а за да овозможи еднаков третман на жените и мажите на работното место. Моментално се разгледува предлогот за проширување на овие права на други групи и на пристап до добра и услуги. Сепак, потребен е поголем ангажман – имено, заложба на ЕУ да ги вгради фундаменталните права на непостоење дискриминација за *сите* човечки права, за *сите* групи, во *сите* политики, а со тоа да ја потврди својата заложба кон интернационалните конвенции и повелби, кои ги има потпишано.

Справување со дискриминацијата против заедницата на Ромите

На 5 април 2011 година, дел од новата Стратегија Европа 2020, Еропската Комисија започна нова Европска рамка за национална интеграција на Ромите[94], , признавајќи дека 10-12 милиони РОми во Европа се една од најголемите и најдискриминираните етнички малцинства и најмногу во ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Пристапот на интегрирана активна вклученост нуди средства за поддршка на вклучувањето на ромските групи.

Чешка: Ромски сервис IQ

Краток преглед

Ромскиот сервис IQ работи со социјално исклучени луѓе, воглавно Роми. Тие нудат интегрирани, сеопфатни социјални и образовни услуги за целото семејство преку долгорочна, предметна метода. Пристапот е поддржан од ЕСФ, како и финансирањето од страна на централната и локалната влада. Управувачот ја координира повеќедимензионалната поддршка за клиентот преку мал тим кој вклучува стручњаци (детска грижа, стан, образование, задолженост, невработеност, превенција од зависност од дроги итн). Работниците од различни подрачја соработуваат како дел од еден тим. Благодарение на оваа комплексна работа со семејствата, работниците можат да ѝ помогнат на најефикасен начин. *„Ние ги дискутираме проблемите на детето во училиштето, проблемот на невработеност на родителите или задолженоста, и тогаш сите заедно пробуваме да изнајдеме решение*.“ Управителот на предметот ги знае способностите или недостатоците на секој поединец, неговите конкретни потреби итн, соработува со обезбедувачите на социјалните услуги и институции, како што се училиштата, владините службеници итн.

Резултати

Во еден понов случај: „*Советодавниот стручњак им помогна на активните членови на семејството да добијат добро платена работа, што семејството многу го цени, бидејќи им помогна со некои проблеми на задолженост и со станот. Семејството не ќе можеше*

[94] COM (2011) 173 финално: *EU framework for National Roma Integration Strategies up to 2011*, 5 април 2011 година.

*да го сочува станот без приходи. Во меѓувреме, работниците од програмот за образование му даде на семејството совети за нивниот син, кој бегал од часови, држејќи за него дополнителни часови и охрабрувајќи ја неговата мотивација. Ова ги спречи можните тужби против семејството за запоставување на детето.*“

**Главната цел на методата на управување со предмети е да му помогне на лицето да делува самостојно без понатамошна помош, да стане независно и самодостатн, со изгледи за вклучување во општеството.**

Контакт: Катарина Кламкова, Директор на Ромскиот сервис IQ/ЕАПН Чешка, katarina.klamkova@iqrs.cz

iii. Индивидуализирани и темелени на потребите

Почнувајќи со пристапот темелен на правото, ефикасната стратегија треба да се фокусира на човековите индивидуални потреби и склоности, наместо да се прави приоритет од инструментализираниот пристап кој се фокусира на човечката корисност за економијата. Тој треба да ги препознае специфичните пречки за имплементација на овиеиндивидуални човечки права – посебно превото на примерено примање, квалитетни услуги прилагодени на неговите потреби и пристојно работно место, поткрепено со нивното право да учествуваат како еднакви и почитувани поединци во општеството. Овој пристап треба да ги прифаќа луѓето како поединци со различни и променливи потреби низ животот и да ги препознае специфичните пречки кај различните групи.

Франција: Социјална интеграција и вработување: Jardins de cocagne – Julienne Javel Organisation, Besançon (ФЕАНТСА)

Краток преглед

Организацијата за сместување и социјална поддршка *Julienne Javel* од Безансон, франција, разви интегриран пристап за поддршка на невработените луѓе да се вратат на работа преку проектот *Gardens of Plenty.* Ова се непрофитни работилници за социјална вклученост, кои водат градини со органски производи, вклучувајќи исклучени луѓе. Органските производи се продаваат неделно во директна продажба. Вработените имаа склучен договор на 24 месеци, а работат 20-30 часа неделно и се платени со минималната сатница, со придонеси и обука. Луѓето пристапуваат во шемата преку агенциите за социјални прашања и вработување, а самите луѓе често го прифаќаат првиот тип на поддршка, кога ќе научат некои животни вештини. Владата ја субвенционира организацијата за секоја дневница, финансирана од страна на ЕСФ. Продажбата покрива само 20% од трошоците, а проектот има висока стапка на поддршка од 15% кај помошниот персонал и вработените. Помошниот персонал нуди интегриран пристап, справувајќи се со сите клучни пречки за вработување и вклучување (здравствените потешкотии, станбеното прашање, личната мотивација, мобилност и административните проблеми). Повеќето вработени примаат минимално примање и се долго време невработени.

Резултати: На крајот од договорот, 35% добиваат работа, 18% поминуваат обука, 27% си одат без перспектива (2008). Иако одредениот временски период треба да осигура дека постои граница за „поддржаното вработување“, организацијата гледа дека им потреба од „подолготрајни алатки за социјална интеграција, што произлегува од социјалната помош, а не од законот за работни односи„ и се надева дека такви социјално-економски проекти може да се случи вон правилата на внатрешниот пазар и да овозможи форма на долготрајна поддршка и субвенционирање.

Контакт: Мишел Меркади, mercadie.michel@neuf.fr, исто така ФЕАНТСА: www.feantsa.org

iv. Холистички, мултидимензионални и интегрирани

Сиромаштијата и социјалната исклученост се повеќедимензионални феномени. Потребите на поединецот не можат да се одделат според административните поделби. Луѓето имаат право на пристоен стан, квалитетно работно место, ефикасни здравствени и образовни услуги, како и доволен приход за да се храната здраво, да се греат и примерено да ги осветлат своите домови, да обезбедат поддршка за своите семејства, да имаат социјален живот и да учествуваат целосно во локалните заедници. Ова е додадената вредност на пристапот за активна вклученост.

Сепак, тоа ќе претставува напредок ако столбовите се гледаат интегрирано во еден пакет и се интерпретираат широко. За ЕАПН, клучен предуслов е да се гледаат трите столба како триаголник, со пристапот до примерени примања и квалитетни услуги на основата, со што ќе се обезбедат основните предуслови за ефикасен пристап на социјална активација, кој ги поддржува луѓето до вклучување и пристојна работа и/или повеќе да учествува во својата заедница. Беа гарантирани примања кои можат да ги покријат основните трошоци и пристап до клучните услуги како станбеното прашање, здравството и образованието, како и другите услуги на поддршка како детската грижа, работата често не е реалистична опција, а да не предизвика големи потешкотии. Нудејќи им на луѓето сигурност – темелена на сигурни примања и пристап до квалитетни и достапни услуги, ќе им овозможи на луѓето да прават планови за иднината, вклучувајќи го и вработувањето.

*Overførstergården project*, Данска – Интегриран пристап кон бездомништвото

Краток преглед

*Overførstergården* е засолниште за бездомници во близина на копенхаген, кое направи 3-годишен проект на интегриран пристап за активна вклученост, заедно со локалните власти, финансирано од Министерството за социјални прашања (2007-10), како одговор на *„заборавеното јадро луѓе што живеат под 60% линија на праг на сиромаштија веќе подолг период“*.

Пристапот има 4 клучни чекори:

a) Пристапување кон проблемите што водат до исклученост заедно со бездомното лице.
b) Правење холистички, индивидуални акциски планови, во соработка со релевантните

партнери (локалните власти, но исто така компаниите за социјални станови, претпријатијата, здравствените институции итн).

c) Имплементирање на планот на доследен начин, обезбедувајќи прилагодувања и следење, додека бездомното лице не најде одржлива работа, дом и има друштвена мрежа што функционира.

d) Вградување на методата во организацијата на засолништето и на локалните власти. Проектот успеа во помагањето на бездомниците да добијат полесен, побрз пристап до стан и здравствена нега; ги остваруваат своите права на бенефиции и услуги, повеќе се почитувани и имаат подобар пристап до работни места и обуки. Локалните власти исто так им даваат на бездомните лица приоритет и поголема поддршка. Сепак, подобриот пристап не е исто што и долготрајно решение. Мора да се инвестира повеќе во долгорочни решенија, кои ја препознаваат комплексноста на пречките со кои се соочуваат бездомните лица при вклучувањето. *„Проблемите на злоупотреба на наркотици се особено тешки за решавање. Многу бездомни лица се социјално исклучено со години, многу од нив уште од раѓањето. За нив не е лесно да се адаптираат на нормален живот. Им треба време. Кога ќе се соочат со конфликти, срам итн., тие паѓаат назад во замката на дрогите и нивниот поранешен начин на живот. Долгорочното следење и брзта итна помош кога ќе паднат е од витално значење*.“

Контакт: Пер Ларсон/ЕАПН Данска, pkl@unikon.dk

Сведоштвата од бездомните лица во проектот: *„Сега имам стан што можам да си го дозволам и каде што син ми може да ме посетува*.“ (58-годишен маж). *„Трезна сум веќе 6 месеци и одам на обука. Ми ветија стан, за да можам да се грижам за моето дете*.“ (38-годишна жена).

v. Партиципаторски и вклучувачки

Моделот што го промовира ЕУ, кој се базира на клаузулите на партиципаторската демократија одредени со Лисабонскиот договор, како и на Заедничките цели поврзани со промовирање на доброто управување во ОМК за социјалната заштита и социјалната вклученост, постојано ја потврдува важноста на активно учество на сите чинители во управувачкиот процес. Партнерскиот пристап, вклучувајќи специфицирање на вклученоста на организациите на грашанското општество, е потврдено со Уводната изјава 16 на Интегрираните упатства на Стратегијата Европа 2020. Но интегрираниот пристап на активна вклученост ќе биде успешен, ако луѓето што се директно погодени бидат вклучени во процесот на креирање на мерките, како и спроведувањето, следењето и проценката. Ова значи да се постави како приоритет партиципацијата и зајакнувањето на луѓето погодени од сиромаштијата и социјалната исклученост, како и на НВО-ата што ги застапуваат. Учеството, во оваа смисла, не е додаток, туку суштински дел на ефикасното зајакнување на сиромашните луѓе, како и на креирањето одржливи и ефикасни политички решенија за целта на Европа 2020.

Нов закон за интегрирани пристапи кон социјалната партиципација

WMO – Wet Maatschappelikjke Ondersteuning – Преглед на законот за социјална помош (Холандија)

ЕАПН Холандија истакнува дека на локално ниво се спроведува нов национален закон. Законот има за цел да ги обврзе локалните власти социјално да им помогнат на своите сожители, зајакнувајќи ги да станат активни и вклучени во градскиот живот. Ова дава нов елемент во холандскиот интегриран пристап, со промоција на учеството и зајакнувањето на социјалноисклученисте луѓе во понудата на локалните услуги. Локалните власти треба да дадат рамка и интегрирана поддршка за следниве подрачја: 1. да оспособат за живеење и да обезбедатсоцијална кохезија со локалните заедници; 2. да дадат информации, совети и поддршка; 3. да поддржат волонтерска работа и волонтерски негуватели за семејства, пријатели и соседи; 4. да ја промовираат партиципацијата во општеството и автономијата за луѓето со ментални и физички инвалидитет; 5. да овозможат средства за бездомните лица и луѓето со ментални или социјални проблеми, за да припомогне во нивната социјална партиципација и инетграција; 6. да донесе превентивни мерки за млади луѓе со проблеми и родители со образовни потешкотии; 7. да обезбеди нега за жени погодени од домашното насилство; 8. да промовира политики за борба против зависностите, и 9. да промовира јавна здравствена грижа за ментално здравје.

Во Холандија е обезбедено минималното примање и секогаш постоел силе активациски пристап, но сепак, овој нов закон ја признава вредноста на социјалната активација и клучната улога на помагање на луѓето да добијат искуство со волонтерската работа во своите заедници, обавувајќи важни услуги. Во повеќето општини, советодавно тело на граѓани тесно соработува со властите и со погодените луѓе. *„Се разбира, не работи секоја општина добро, но со овој закон може да се направи чекор напред кон тоа да им се овозможи на луѓето да учествуваат*.“ (ЕАПН Холандија)

Лични сведоштва

*„За мене, ова е можност и охрабрување да работам на подобрување на плочниците, подобрувајќи го пристапот до дуќаните и зградите за луѓе со физички инвалидитет. Со ова, ќе можеме многу подобро да учестуваме*.“ Г-ѓа С. (50-годишна жена со инвалидитет, во количка, живее со минимално примање).

*„Вклучени сме во развивањето на политика за млади со советодавното тело. Сега знам како се работи ова и ќе го применам знаењето во моето школо и со пријателите*.“ Колин и Роуан (15 и 16 години).

Контакт: Алида Смекес/ЕАПН Холандија, salida@zonnet.nl

Градење интегрирани пристапи за активна вклученост

За да активната вклученост биде успешна, треба да започне со човековите права, да се заземе индивидуален пристап, потоа да се изградат интегрирани патишта кон вклучување, заедно со лицето за кое што се работи. За да се оствари овој пристап, сепак, потребна е координација на локално иво помеѓу услугите и чинителите и активната партиципација на корисниците. Во сегашната економска клима, кога се планираат мерки на штедење како одговор на кризата, вградувањето на пристапот на активна вклученост е од витално значење. Постигнувањето видливост за стратегиите на активна вклученост зависи од тоа колку ефикасно се ангажирани сите чинители во процесот, следењето и проценката на интегрираните услуги, вклучувајќи ги сиромашните луѓе и НВО-ата што ги поддржуваат. Интегрираната активна вклученост треба да одигра клучна улога во спроведувањето на заложбите за намалување на сиромаштијата со Стратегијата Европа 2020 и во обезбедувањето социјално праведно и одржливо опоравување од кризата.

Клучни елементи за успех

a) Јасна политичка заложба на ЕУ и земјите членки за интегриран пристап на активна вклученост со Европа 2020 и како одговор на кризата.
b) Пристап темелен на правото – кој промовира човечко достоинство и се справува со дискриминацијата во пристапот до бенефиции, услуги и работа.
c) Искрен интегриран пристап што ги вклучува ефикасно сите 3 елементи – примерено минимално примање, пристап до квалитетни услуги и вклучувачки пазар на трудот. Примереното примање и услугите се суштински предуслови и обезбедуваат стабилен темел за поддржување на луѓето кон пронаоѓање работа или кон учество во општеството.
d) Индивидуализирани, повеќедимензионални методи, кои почнуваат со потребите на луѓето и се справуваат со повеќедимензионални проблеми/прчки на интегриран начин, препознавајќи ја потребата за долгорочно следење, прилагодување на планираното според било која пречка.
e) Ефикасна вертикална и хоризонтална координација помеѓу различните владини нивоа и оддели и препознавање на вредноста на НВО услугите, како посреници и даватели на услуги на кои може да им се верува.
f) Учество и зајакнување на корисникот и сиромашните луѓе во креирањето, следењето и проценката на програмите, политиките и стратегиите.
g) Ефикасно финансирање на темелното ниво за развој на локалните интегрирани пристапи, вклучувајќи ги НВО-ата, локалните власти и другите клучни чинители.
h) Вградување на успешните проекти и научените лекции во економијата, вработувањето и полето на социјалната политика и процесите на донесување одлуки.
i) Видливост на стратегијата, нејзините успеси и пречки, донесувајќи ги приказните на луѓето, како квантитативна и квалитативна проценка.

Препораки

На ниво на ЕУ

Имплементирање на Препораките за активна вклученост преку Европа 2020, социјалната ОМК и Водечката платформа против сиромаштијата:

- Да се дадат препораки за спроведувањето на интегрираните пристапи за активна вклученост 9социјална заштита и социјална вклученост) и акциските планови за социјална вклученост, како и во националните програми на реформи, како клучни елементи што треба да се донесат според договорената цел на Европа 2020 и Интегрираните упатства (10).
- Да се воспостави јасен показател за имплементација на активната вклученост со специфичен рок, како и повеќегодишна програма за периодот до 2020 година.
- Да се развијат показатели за следење на интегрираните пристапи, како и за трите столба во донесувањето на Европа 2020 и социјалната ОМК.
- Следење и поднесување на Препораките на Комисијата за напредокот, креирање табела за земјите што напредуваат добро и оние што напредуваат слабо; проценка на резултатите и влијанието на сиромаштијата, социјалната исклученост и нееднаквоста.
- Промовирање поефикасно взаемно учење преку тематски групи во Европската платформа против сиромаштија и социјална ОМК, поврзано со националното ниво и вклучувајќи чинители заедно со сиромашните луѓе и НВО-ата: инструменти за взаемно учење на рецензии, тематски огледи, студии и конференции.
- Да се обезбеди финансирање преку ПРОГРЕС и Структурните фондови за пилот демонстрација или социјален експеримент/иновација со интегрирани пристапи, темелени на договорените принципи и потпомагање на влезот на НВО-ата за развивање на основните проекти, со поддршка преку глобални неповратни средства и техничка помош.
- Да се осигура вградување и следење на принципите на активната вклученост во Европа 2020, посебно преку подобра хоризонтална координација со други полиња на политиката (и други генерални директорати), да се поддржи имплементациата на интегрираните стратегии – економијата, вработувањето, и посебно стратегиите на внатрешниот пазар.

На национално ниво

- Вклучување на Активната вклученост како главна цел на политиката на националните стратегии против сиромаштијата, да се проследи целта на намалување на сиромаштијата и како клучен елемент во правичниот и вклучувачкиот одговор на кризата и креирањето пат за имплементација.
- Да се даде видливост  и да се подигне свеста за Стратегиите за активна вклученост и ефикасноста на интегрираните пристапи.
- Промовирање на взаемното учење и размена на конкретни добри пракси.
- Да се промовира активна партиципација и управување на стратегиите за остварување на активната вклученост, вклучувајќи НВО-а и луѓе погодени од сиромаштијата во редовно структурирани партнерства и дијалози.

- Да се цели кон национално финансирање, вклучувајќи ги Структурните фондови, да се започна со пристапите на активната вклученост, вклучувај
- И ги НВО-ата.
- Да се следат и оценат резултатитеи да се осигура вградување и започнување со ефикасните пристапи.

ЗАКЛУЧОЦИ

2010 година беше од клучно значење за борбата против сиромаштијата со ЕУ годината за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост и започнувањето на новата пост-лисабонска Стратегија. Сепак, за многумина, годината ќе се памети како година сиромштијата и социјалната исклученост се зголемија, како резултат на кризата и мерките на штедење.

Сепак, 2010-та може да биде значајна прекретница. Годината кога новата Стратегија Европа 2020 се заложи за *вклучувачки* раст, преземајќи цврсти чекори кон искренување на сиромаштијата и имплементирањето цели за намалување на бројот на луѓе во ризик од сиромаштија и социјална исклученост за отприлика 20 милиони до 2020 година.

Таква цел може само да се постигне ако ЕУ обезбеди дека политиките придонесуваат кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и ги спречува економските и другите политики од поткопување на оваа цел, посебно во сегашниот контекст на зголемени мерки на штедење.

Стратегијата на активна вклученост се разви преку Отворената метода на координација на ЕУ за социјална заштита и социјална вклученост, давајќи интегриран инструмент што може да помогне во резлизација на овие цели на хуман начин, темелено на човековите права.

Обезбедувањето примерени минимални примања, пристап до квалитетни услуги додека луѓето не најдат квалитетна работа или се вклучени во општеството, им овозможува на луѓето реална шанса за пристоен живот и ефикасни патишта за вклучување – помагајќи им да ги надминат пречките и тешкотиите. Тоа има смисла и во економски поглед.

Ставајќи ја Активната вклученост во центарот на Стратегијата Европа 2020 и кризните пакети за опоравување, не само ја намалува сиромаштијата и социјалната исклученост. Тоа би помогнало и во обезбедување одржливо заздравување и сигурна основа за вклучувачки раст. Тоа исто така би покажало дека ЕУ ги става луѓето на прво место и е сериозна во заложбите за социјална Европа.

Во оваа книга се обидовме да ги покажеме додадените вредности на интегрираниот пристап на активна вклученост, да го оцртаме напредокот што се постигна и да дадеме примери и напомени како тоа да се оствари. Но зборовите тука не се доволни. Сега ни треба имплементација. Ова значи да ѝ дадеме видливост на Стратегијата и добрите пракси, вградувајќи ги низ сите подрачја на политиката, посебно низ целата Стратегија Европа 2020, поставувајќи патокази за остварувања на национално и на ниво на ЕУ и обезбедувајќи финансирање од страна на ЕУ. Само на овој начин може активната вклученост да го резлизира својот потенцијал како „клуч кон вклученоста“.

## БИБЛИОГРАФИЈА И КОРИСНИ ДОКУМЕНТИ


Документи на Европската Унија

- Европска Комисија – 2011, 2010, 2009, 2007
- Европски Совет – 2010, 1992 / Формација на Советот: Комисија за социјална заштита – 2011, 2010
- Европски Парламент – 2010, 2009
- Советодавни Комитети на ЕУ

Документи на ЕАПН

2011, 2010, 2009, 2008, 2006-7

Други документи и корисни веб-страници


## ПРИЗНАНИЕ ЗА ФОТОГРАФИИТЕ

Насловна страна итн. Стр.7 – стр.73

Спомнати проекти во признанието за фотографиите:

**Претовар, дизајнерско рециклирање** – проект на обука за социјално претприемништво и пазар на трудот, приначување на отпадниот материјал во дизајнерски производи

Преостанат и отпаден материјал од индустријата и комерцијалните фирми се користи за развој на иновативни дизајнерски производи: шаторските крила се трансформираат во торби, искористени сообраќајни знаци во полици, филмски траки во сијалици итн. „Претовар“ се води како социјално претприемништво и ги припрема невработените, кои се бивши зависници од дрога, за повторно вклучување на пазарот на трудот. Програмот на квалификации, дизајниран специјално за Претовар, осигурува обука за различни вештини и е верифициран со финален сертификат од надворешни козултанти.

**Четиринаесет семејства под еден кров**

Бриселската криза на станови прави уште поголеми тешкотии за пронаоѓање достапен дом, а камоли да се купи. Сепак, начин за излез на кризата се гледа во Моленбек преку иновативен проект. Заедно со Општинскиот центар *Bonnevie*, *Cire* и бриселскиот *Woningfonds*, 14 семејства со ограничени средства, здружени под името „Лќепоар“, градат на заедничко земјиште сопствен дом во една градба. За разлика од традиционалните социјални станови, домовите се дизајнирани во тесна соработка со идните сопственици.

(Последна страна):

**Европската мрежа против сиромаштија (ЕАПН) е независна мрежа на невладини организации (НВО-а) и групи вклучени во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во земјите членки на Европската Унија, основана во 1990 година.**

Оваа книга беше изработена заеднички од страна на работните групи на ЕАПН за социјална вклученост, вработување и структурните фондови во 2009 и 2010 година и тимот за политики на ЕАПН. Поглавјата 1, 2 и 5 ги осмисли Шон Џонс, поглавјата 3 и 6 се дело на Винсент Каро, а поглавкето 4 е изготвено од Амана Феро во консултација со релевантната работна група Книгата беше координиран од Шон Џонс, координатор на политиката на ЕАПН, а продуцирана од Нели Епинат, гласноговорник на ЕАПН, со поддршка на Ребека Ли, помошник на гласноговорникот.

Националните студии на случаи се дело на:

Верена Фабрис, Јудит Пурингер и Михаела Мозер – ЕАПН Австрија; Лудо Ореман и Стефан Бакес – БАПН (ЕАПН Белгија); Мариа Јелиазкова – ЕАПН Бугарија; Катарина Кламкова – ЕАПН Чешка; Пер Ларсен – ЕАПН Данска; Рајнхард Куен – ЕАПН Германија; Грациела Малгесини – ЕАПН Шпанија; Кирси Ватамоинен, Леина Веикола, Унто Авенслами и Јуха Миконен – ЕАПН Финска; Бруно Груе – ЕАПН Франција; Канди Марфи и Карен Кирнан – ЕАПН Ирска; Јургите Куприте – ЕАПН Литванија; Алида Смекес – ЕАПН Холандија; Лаила Волес и Даг Вестерхајм – ЕАПН Норвешка: Јоханес Јоргенсен – ЕАПН Шведска; Петер Кели, Еди Фолан и Реј Филипс – ЕАПН ОК; Мафалда Леал – *Eurochild*; Клотилде Кларк-Фолкје – *Eurodiaconia*; Лиз Гозме и Мишел Меркади – FEANTSA.

ЕАПН. Дозволено репродуцирање, сé додека се наведува изворот. Септември 2011 година.